РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
ул.,,7-ми Септември“ бр.4 тел/факс:045 274 810 e-mail: mak_brod@yahoo.com
www.mbrod.gov.mk

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

**Службен гласник** **05.12.2023 година**
**Општина Македонски Брод** **Македонски Брод**
**Излегува по потреба** **Број 12 – 2023 год.**

ДЕКЕМВРИ 2023

Врз основа на член 36 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 21 став 1 од Статутот на општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/2003 ... 4/17 пречистен текст), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# З А К Л У Ч О К

за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за III квартал за 2023 година

1. Советот на Општина Македонски Брод, го усвои К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за трет квартал за 2023 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила на денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на општина Македонски Брод“.

Број 18 – 873/4
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*





# ПРОГРАМА
# ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДИ, КАНАЛИЗАЦИОНИ МРЕЖИ И СОБИРАЊЕ И ОДВЕДУВАЊЕ НА АТМОСФЕРСКИ ВОДИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД
# ЗА 2024 ГОДИНА

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 22 точка 4 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/2002) и член 15 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл.гласник бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година

### 1. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Програмата за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод ги утврдува планираните активности во областа на изградбата, реконструкцијата и одржувањето на локалните водоводи, канализационите мрежи и собирањето и одведувањето на атмосферските води и потребните финансиски средства за нивна реализација.

При креирањето на програмата се внимаваше активностите да бидат родово сензитивни, односно да одговорат подеднакво на потребите и на мажите и на жените.

### 2. АКТИВНОСТИ

### А. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

- **Изработка на проектна документација**

Потребно е да се изработат ажурирани геодетски подлоги, проекти за инфраструктура, ревизии на проекти за инфраструктура, основни проекти и ревизии на основни проекти за изградба и реконструкција на водоводни мрежи за следните населени места:

**1.** Изработка на проектна документација за реконструкција на старата водоводна мрежа во с.Самоков.

**2.** Изработка на проектна документација за доизградба на водоводна мрежа со резервоар во с.Ижиште (населбата која се најдува покрај регионалниот пат Р1303)

**3.** Изработка на проектна документација за замена на азбестцементни цевки од водоводната мрежа на улиците „15-та Бригада“, „Партизанска“, Илија Игески Цветан“ и „Вера Јоциќ“

**4.** Изработка на проектна документација за реконструкција на резервоари во населени места по барање на месни заедници (Долно Крушје, Томино село, Заград, Звечан ,Требовље)

**5.** Изработка на проектна документација за водоснабдување на с.Тополница и за село Василковци

**6.** Изработка на проектна документација за водоснабдување на с.Могилец и с.Калуѓерец

**7.** Изработка на проектна документација за проширување и реконструкција на водоснабдителен систем во с.Битово

**8.** Изработка на проектна документација за реконструкција на водоводната мрежа во с.Лупште

**9.** Изработка на проектна документација за реконструкција на колекторски систем во Македонски Брод

**Предвидени средства за реализација на овие активности.......... 1.000.000 ден.**

- **Изградба на водоснабдителни системи**

**1**. Водоснабдување на селата Црешнево и Старовци ….................... 15.136.529 ден.

**2**..Реконструкција и подобрување на водоснабдувањето во село Сланско............................................................................................................ 16.130.00 ден.

**3**. Доизградба на краци од системот за водоснабдување на викенд населба Здуње ......... 2.000.000 ден.

**4**. Доизградба на водоснабдителен систем за викенд населба Близанско..................10.258.744 ден.

**5**. Водоснабдување на викенд населба Долна Белица ......................... 7.387.855 ден.

**6**. Изградба на водоснабдителен систем за с.Локвица и с.Вир........... 43.262.912 ден.

**7**. Согледување на состојбите на водоводните системи и нивно одржување, реконструкција и заштита во селата низ територијата на општината.

Средствата потребни за реализација на овие проекти ќе се обезбедуваат тековно од домашни или странски фондови.

## Б. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

- **Изработка на проектна документација**

**1.** Изработка на проектна документација за изградба на фекална канализација и прочистителна станица во с.Самоков ..... 200.000 ден.

**2.** Изработка на проектна документација за изградба на фекална канализација и прочистителна станица во с.Требино ..... 200.000 ден.

**3.** Изработка на проектна документација за доизградба на фекална канализација во с. Пласница на делот кој се најдува на територија на Општина Македонски Брод;.. 60.000ден.

**4.** Изработка на проектна документација за доизградба на фекална канализација во с. Ижиште ( населбата кој се најдува покрај регионалниот пат Р1303) ........ 60.000 ден.

**Вкупно предвидени средства за овие активност се 520.000 денари.**

- **Изградба на фекална канализација**

**1.**Доградба на фекална канализација со пречистителна станица за с. Брест ............................................................................................................ 5.115.233 ден.

**2.**.Изградба на фекална канализација во с.Девич со пречистителна станица ........................................................................................................................ 7.370.000 ден.

**3**. Изградба на фекална канализација во населба Долни Звечан со приклучна шахта во с.Самоков .......................................................................................... 7.654.416 ден.

Средствата потребни за реализација на овие проекти ќе се обезбедуваат тековно од домашни или странски фондови.

**В. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА**

1. Изработка на проектна документација за изградба на канал за прифаќање на атмосферските води во населба „Сувенир“ с.Самоков .......................100.000 ден.
2. Изработка на проектна документација за изградба на канал за прифаќање на атмосферските води „Зад рид“..............................................................100.000 ден.
3. Изработка на проектна документација за изградба на канал за атмосферски води во с.Требино и реализација на истиот.................................................150.000 ден.

**Вкупно предвидени средства .............................................................350.000. ден.**

**Г. РЕГУЛАЦИЈА НА РЕЧНО КОРИТО**

**1**. Проект за контрола од поплавување и регулирање на речното корито во должина од 716м. во Општина Македонски Брод.........................................................**166,772,042 ден**.

**Д. САНАЦИЈА И ОДРЖУВАЊЕ НА ВОДОВОДНИ СИСТЕМИ ПО БАРАЊЕ НА МЕСНИ ЗАЕДНИЦИ**

1. Обезбедување на водоводно црево за санација на водоводни мрежи по барање на МЗ од селата Звечан, Црешнево, Брест, Белица.
2. Набавка на пумпа за снабдување со вода во с.Брезница
3. Санација на резервоар за с.Брест
4. Санација на каптажа на извор во с.Крапа

**Предвидени средства .......................................................................... 2.000.000,00**

Средствата за реализација на овој проект се планира да се изнајдуваат преку јавни повици кои ќе бидат објавени од страна на домашни и странски фондови.

**За буџетската 2024 година за реализација на наведените проекти потребни се средства во висина 3.870.000 денари.**

**4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ**

Динамиката на реализација на активностите предвидени во оваа Програма пред се зависи од обезбедувањето и приливот на финансиските средства.

**5. ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18 – 873/5**
**30.11.2023 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ИВИЦА АВРАМОСКИ, с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*







# ПРОГРАМА ЗА ИЗГРАДБА, РЕКОНСТРУКЦИЈА, ОДРЖУВАЊЕ И ЗАШТИТА НА ЛОКАЛНИ ПАТИШТА И УЛИЦИ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 22 став 1 и точките 1 и 4 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа на РМ („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на 30.11.2023 година, ја донесе следната:

**П Р О Г Р А М А**
**за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година**

## 1.ОПШТИ ОДРЕДБИ

Согласно надлежностите произлезени од Законот за локална самоуправа, Општина Македонски Брод ја изготви Програмата за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на територијата на Општина Македонски Брод.

Со оваа Програма се планираат активностите на општината Македонски Брод за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици на подрачјето на општината Македонски Брод за 2024 година.

При креирањето на програмата се внимаваше активностите да бидат родово сензитивни, односно да одговорат подеднакво на потребите и на мажите и на жените.

При изготвување на програмата се има во предвид дореализацијата на планираните активности од 2023 година, постојната состојба на инфраструктурата, барањата на месните заедници и граѓаните, согледувањата на општинската администрација и можностите за обезбедување на финаснсиски средства.

## 2.АКТИВНОСТИ

### 1.Изработка на проектна документација за проекти

За изработка на проектна документација (ажурирани подлоги, проекти за инфраструктура, ревизии на проектот за инфраструктура, основни проекти и ревизии на основните проекти и решавање на имотно-правни работи) за локални патишта и улици се предвидуваат средства во износ од ..............................................................**3. 000.000 денари.** за следните проекти:

1. Изработка на проектна документација за поставување на бекатон плочки на улици каде не може да се асфалтира ( ул., „Песјак“, „краци од ул.„7-ми „Септемврти“, „Илија Игески Цветан-крак“, „Поречка“ до „Јане Сандански“ крак , Ѓ.Петров, крак од Партизанска до објект Сарај др.)

2. Изработка на проектна документација за реконструкција на улици во Македонски Брод
3. Изработка на проектна документација за изградба на тротоари на улици во Македонски Брод и тротоар на регионален пар Р1303 делница ф-ка „ЕМО“ до с.Суводол во должина од 1900 метри;
4. Изработка на проектна документација за изградба на улици во с. Пласница на делот кој се најдува на територија на Општина Македонски Брод
5. Изработка на проектна документација за изградба на тротоари на дел од регионалниот пат Р 1303 ( Кичево - М.Брод - Прилеп) кој минува низ населеното место Ижиште
6. Изработка на основен проект за реконструкција на локален пат Р1303 до млекара „Маврово“
7. Изработка на сообраќаен проект за хоризонтална и вертикална сигнализација во Македонски Брод;
8. Проект за изградба на улица во с.Слатина од главниот пат до селската црква
9. Проект за асфалтирање на улици во с.Требино
10. Изработка на проект за изградба на пешачка патека за кон с.Требино.
11. Подготовка на техничка документација за локален пат с.Зркле крак 2 и крак3
12. Изработка на проектна документација за локален пат од с.Здуње до с.Требовље во должина од 12 000 м.
13. Изработка на проект за санација на локален пат за с.Горно Крушје на место викано Иванова Река
14. Изработка на проектна документација за поставување на бекатон плочки на улици во с.Манастирец и с.Самоков
15. Изработка на проектна документација за изградба на улици во с.Девич
16. Изработка на проектна документација за изградба на пристапен пат до локација за Г2, КО Барбарас со приклучок на локален пат за с.Крапа
17. Изработка на проектна документација за проширување на локалниот пат за с.Крапа од приклучокот за регионалниот пат до приклучокот кон индустриската зона
18. Изработка на проектна документација за изградба на пристапен пат до градски резервоар во Македонски Брод
19. Изработка на проектна документација за доизградба на улици во с.Суводол
20. Изработка на проектна документација за реконструкција на локален пат до с. Инче

**2. Доизградба на локалната патна мрежа во општината**

За 2023 година со нови барања до домашни и странски фондови и агенции за финансиска поддршка се планира да се аплицира за следните локални патни правци:

1. Реконструкција – рехабилитација на локален пат од Р1303 м.в.Барбарос до с.Крапа во должина од 7.844м. и вредност од ....................28.385.680 ден.

**2.** Изградба на локален пат од с. Модришта до с.Вир со должина од 5544 м. и вредност од.......................................................................... 42.362.117 ден.

**3.** Изградба на локалниот пат од Р408 до с.Рамне со должина од 4 500м. и вредност од .......................................................................37.452.624 ден.

**4.** Изградба на локален пат за с.Бенче со должина од 5.784м и вредност од .........................................................................................48.022.145 ден.

**5.** Доизградба на локалниот пат кој ги поврзува викенд населбите Здуње и Близанско со должина од 10.400м. и вредност од ......... 59.729.362 ден.

**6.** Изградба на локален пат од Р408 до Долно Ботушје должина 4540метри и вредност од .......................................................................38.457.387 ден.

**7.** Изградба на локален пат од Р1106 до с.Брезница со должина 8 725метри и вредност од ....................................................................... 85.192.906 ден.

**8.** Изградба на локален пат од с.Брезница до с.Тажево во должина од 5100 метри и вредност од .......................................................36.565.356 ден.

**9.** Доградба на локален пат од Томино село до с.Сушица - Делница 2 (дел од лок. пат Василковци – Томино село до раскрсница со с.Сушица и до Томино село) во должина од 1 366м. и вредност од..... 20.115.646 ден.

**10.** Доградба на локален пат од Томино село до с.Сушица - Делница 3 (од раскрсница с.Сушица-Томино село до горно маало во с.Сушица) со должина од 1952 м. и вредност од ................................ 35.957.779 ден.

**11.** Доградба на локален пат од Томино село до с.Сушица - Делница 4 (од раскрсница с.Сушица-Томино село до долно маало во с.Сушица) со должина од 787 м. и вредност од ...................................11.388.871 ден.

**12.** Изградба на тротоари на улици во Македонски Брод и тротоар на регионален пар Р1303 делница ф-ка „ЕМО“ до с.Суводол во должина од 1900 метри;

**3. Изградба – модернизација и реконструкција на улици:**

**3.1**. ул.„Илинденска“ – крак 3 и 4;

**3.2**. ул.„Даме Груев“ – крак;

**3.3**. Изградба на пешачка улица од ул. „Партизанска“ до ул.„15-та Бригада“;

**3.4.** Изградба на пешачка улица од ул. „Јане Сандански“ до ул.„Поречка“;

**3.5**. Изградба на пешачка улица од ул. „Ѓ.Ѓаковиќ“ до ул.„Илија И. Цветан“;

**3.6**. Тампонирање на улици во селски населени места по барања на МЗ;

**3.7**. Изградба на тротоари на улици во Македонски Брод;

**3.8**. Доизградба на улици во с.Суводол;

**3.9.** Изградба на пешачка патека од булевар „Маршал Тито“ до новоизградена улица - крак од ул.„ Маршал Тито“( непосредно до маркет Ѓерман во центарот на градот) и

**3.10**. Изградба на пристапна улица за градски резервоар во Македонски Брод

**3.11**. Изградба на јавен паркинг на дел од КП бр.4106 и КП бр.3967

**3.12**.Изградба на пешачка улица од ул. „Партизанска“ до Сарај

**3.13**.Доизградба на ул.„Ѓ.Петров“ во должина од 40 м

**3.14**.Доизградба на улици во село Сланско со акцент на улицата кон црква „Св.Илија“

Износот на предвидените средства за овие активности е ...................... **4.000.000 денари**.

За дел од проектите ќе се обезбедуваат средства од донации.

**4. Изградба на мостови**

**4.1**. Санација на конструктивни делови и огради на мостови

**Предвидени средства ....................................................................... 750.000 денари**

5. **Одржување на локални патишта, улици и јавни површини**

1. Тековно одржување на локални патишта и улици
2. Тампонирање на селски земјен пат во с.Тополница со должина од 200м.
3. Уредување на парк покрај река Треска дел од КП бр.3953/1 за КО Македонски Брод ...........................................................................................................3.500.000 ден.

**Вкупно предвидени средства за овие активности....................................... 5.000.000 ден.**

**За буџетската 2024 година за реализација на наведените проекти потребни се средства во висина 8.750.000 денари.**

## 3. ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА

Динамиката ќе се одвива согласно приходите на Буџетот на општината М.Брод во текот на календарската година.

Се овластува градоначалникот да ја реализира оваа програма согласно приходите во текот на 2024 година.

## 4. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа програма во текот на календарската година може да се изменува и дополнува согласно барањата и потребите на граѓаните.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 - 873/6**
**30.11.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ИВИЦА АВРАМОСКИ, с.р.**

*Ноември, 2023 година*

# *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод – Одделение за урбанизам*




**ПРОГРАМА**
**ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА**

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 99 т.1 од Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/15, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 142/16, 190/16 и 275/19), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/2002) член 21 од Статутот на општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА

# ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ВО СОПСТВЕНОСТ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

## 1.ВОВЕД

Со донесување на новиот Закон за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/2015, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16, 190/16 и 275/19), градежното земјиште може да биде во сопственост на Република Северна Македонија, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје, домашни и странски правни и физички лица.

Сопственоста на градежното земјиште создава права и обврски. Сопственоста на градежното земјиште вклучува и право на градење на земјиштето. Одлука за стекнување на сопственост на градежно земјиште за општините,општините во градот Скопје и градот Скопје донесува Советот.

Сопственоста на општините им ги овозможува следните права: на градење,користење,пренесување на правото на градење на други лица и отуѓување на градежното земјиште.

Со градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија управува Владата на Северна Република Македонија.

Градежното земјиште наменето за општа употреба можат да го користат сите правни и физички лица, општините, општините во градот Скопје и градот Скопје. Правото на користење Владата на Република Северна Македонија може да го пренесе на општините.

Сопственоста на градежното земјиште ја опфаќа неговата површина и се она што е со него трајно поврзано, а се наоѓа над или под површината.

Градежното земјиште е добро од општ интерес за Република Северна Македонија, а уредувањето на градежното земјиште е од јавен интерес.

Градежното земјиште може да биде изградено и неизградено,уредено и неуредено. Изградено градежно земјиште е земјиште на кое е изграден објект од траен карактер и земјиштето што служи за редовна употреба на објектот во граници на градежната парцела.

Градежното земјиште е земјиште кое е планирано со урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Градежната парцела е дел од градежното земјиште, чии граници се утврдени со урбанистички план или урбанистичка планска документација и може да се состои од една,од дел или од повеќе катастарски парцели.

Објект од траен карактер е објект изграден со документација (одобрение) и заведен во јавните книги за недвижности.

Објект од времен карактер е објект поставен со одобрение за поставување до реализација на урбанистички план или урбанистичка планска документација.

Времените објекти не се дел од градежното земјиште и врз основа на нив не може да се стекне сопственост на градежното земјиште.

Инфраструктурен објект е подземна или надземна градба за инсталации од комуналната инфраструктура.

Прометот со градежното земјиште е слободен.

Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија може да се отуѓи, даде на користење (концесија или јавно приватно партнерство), даде под долготраен и краткотраен закуп, разменува или да се востановат други стварни права.

## ПРОСТОРЕН ОПФАТ НА ПРОГРАМАТА

Предмет на програмата е менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија што се наоѓа на територијата на општина Македонски Брод, дефинирана според територијалната организација на Република Северна Македонија, за календарската 2024 година.

За да може да се врши отуѓување, давање под закуп на градежното земјиште потребно е да се изработи мапа на државното градежно земјиште во општината со сите нумерички податоци за истото.

Важен фактор во оваа постапка е и категоријата урбанистички план, односно урбанистичките планови врз основа на кои може да се издаде одобрение за градење.

Во текот на годишната Програма се предвидува предмет на менаџирање со градежното земјиште во сопственост на Република Македонија да бидат градежните парцели што се наоѓаат на територијата на општина Македонски Брод.

## ОСНОВИ ЗА ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА

Законски основ на програмата за управување со градежното замјиште се Законот за локална самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02), Законот за градежно земјиште („Сл.весник на РМ“ бр.15/2015, 98/15, 193/15, 226/15, 31/16 и 275/19) и член 15 и 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Сл.гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03 ... 13/22).

### ОСНОВНИ ПЛАНСКИ ДОКУМЕНТИ

Други документи потребни за изработка на Програмата се следните стратешки, развојни и плански документи донесени на локално ниво:

- Стратегија за локален економски развој на општина Македонски Брод за период од 2024 - 2028 година;
- Генерален урбанистички план за Македонски Брод
- Детални урбанистички планови: ДУП за М.Брод (Блок 2)
- Детален урбанистички планови: ДУП за М.Брод (Блок 4)
- Детален Урбанистички план - викенд населба „Здуње“ кој се применува како Урбанистички план вон населено место
- Урбанистички проект вон плански опфат на урбанистички план за градба на Е1.13 Концентрирани сончеви електрани на дел од КП бр.1030 за КО Ижиште, во површина од 7,35 ха. сопственост на Република Северна Македонија, по иницијатива на Општина Македонски Брод.

### ЛИЦА ВКЛУЧЕНИ ВО ИЗРАБОТКА НА ПРОГРАМАТА

Во изработката на програмата за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година вклучени се следните лица:

Зоран Новески, дип.град.инг., Секретар на Општина Македонски Брод
Југослав Волчески, дип.правник, раководител на одделението за правни, општи работи и јавни дејности.
Томислав Стојкоски, дип.правник, Советник - Овластен инспектор за утврдување и наплата на даноци.

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

### ОПШТИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Обезбедување на услови за социо-економски развој на општината, преку правење просторни услови за развој.

**КОНКРЕТНИ ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА по населени места, урбани блокови и локалитети**

Заинтересираните правни и физички лица за изградба на сопствени простори за обавување на дејност можат да ја реализираат својата потреба, а со тоа да придонесат за развој на населеното место, користење на локалните ресурси, вработување на лица, обезбедување на подобри услови за живеење.

## 3. ОБЕМ И ПРЕГЛЕД НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ПРОГРАМАТА

**3.1. Детален урбанистички план за населба „Здуње“ кој се применува како Урбанистички план вон населено место населба–викенд зона -** Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела | Вкупна површина на ГП | Намена на земј.основна | Намена на земј. опис | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по м/2 | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 40 | 378 | Викенд | А4 | 92/11 | 130 | 260 | 34 | 1,03 | 5,5 | П+1 | 61,5 | 23247 |
| 49 | 321 | Викенд | А4 | 92/20 | 117 | 234 | 37 | 1,14 | 6,0 | П+1 | 61,5 | 19373 |
| 50 | 265 | Викенд | А4 | 92/21 | 163 | 326 | 40 | 1,22 | 6,0 | П+1 | 61,5 | 24600 |
| 52 | 298 | Викенд | А4 | 92/23 | 110 | 220 | 36 | 1,10 | 5,5 | П+1 | 61,5 | 18819 |

**3.2. Детален урбанистички план - Блок 2 за Македонски Брод** - Табела со следните информации:

| Број на градежна парцела .. | Вкупна површина на ГП м$^2$ | Намена на земјиштето | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина м$^2$ | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по м$^2$ | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 8.28 | 422 | А1 | 3939 | 240 | | 53 | 1,59 | 9 | / | 61 | 25742 |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **8.29** | **457** | **A1** | **3940** | **240** | | **53** | **1,59** | **9** | **/** | **61** | **27877** |

**3.3. Детален урбанистички план Блок 4 за Македонски Брод** - Табела со следните информации:

| **Број на градежна парцела :** | **Вкупна површина на ГП $м^2$** | **Намена на земјиштето** | **Бр.на К.П.во состав на ГП** | **Површина за градба** | **Бруто разв.површина $м^2$** | **Процент на изграденост** | **Кофициент на искорист.** | **Максимална дозволена висина** | **катност** | **Почетна утврдена цена по $м/^2$** | **Вкупна почетна утврдена цена** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **1.12** | **405** | **А1- Инд.становање** | **2270** | **118** | **354** | **29** | **0,89** | **9,5** | **П+2** | **61** | **24.705** |
| **1.86** | **67** | **Б1-Ком.деловен** | **2318** | **23** | **23** | **28** | **0,28** | **3,4** | **П** | **1.100** | **73.700** |

**3.4. Урбанистички проект вон плански опфат на урбанистички план за градба на Е1.13 Концентрирани сончеви електрани на дел од КП бр.1030 за КО Ижиште, во површина од 7,35 ха. сопственост на Република Северна Македонија, по иницијатива на Општина Македонски Брод.**

| парцела | Вкупна површина на ГП | Намена на земјиштето | Бр.на К.П.во состав на ГП | Површина за градба | Бруто разв.површина $м^2$ | Процент на изграденост | Коефициент на искорист. | Максимална дозволена висина | катност | Почетна утврдена цена по $м^2$ | Вкупна почетна утврдена цена |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 73.500 м2 | Е1.13 | 1030 | | | | | | / | 61 | 4.483.500,0 |

## 4. МАРКЕТИНГ СТРАТЕГИЈА ЗА ПРОМОЦИЈА НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ ШТО Е ПРЕДМЕТ НА ОВАА ПРОГРАМА

Определувањето на маркетинг стратегијата започнува со дефинирање - претпоставување на заинтересираните страни за купување, изнајмување на одредени делови од градежното земјиште. Заинтересираните страни се всушност потенцијалните купувачи на земјиштето и идни инвеститори, односно претставуваат целна група од активностите од маркетинг стратегијата.

## 5. ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Со цел минимизирање на финансиските трошоци поврзани со објавата на огласи за отуѓување, односно давање под закуп на градежно земјиште се предвидува градежните парцели што се предмет на годишната Програма да се објават во турнуси.

Секој турнус би опфатил објава на огласи за градежни парцели што се наоѓаат во состав на одредени населени места, урбани блокови или локалитети.

Со објавата ќе се пропишуваат - определуваат следните параметри: висината на депозитот за учество, определувањето на интернет страницата на која се врши надавањето, одредување на условите за учество, пропишување на други обврски и други останати релевантни информации во врска со надавањето.

Лица надлежни за реализација на програмата:

Зоран Новески, дип.град.инж

Југослав Волчески, дипл.правник

Томислав Стојкоски дипл.шравник

*Ноември, 2023 година*

## 6. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИТЕ ПРИЛИВИ ПО ОСНОВ НА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Според проценката на финансиските приходи и според просечната пазарна вредност за метар квадратен градежно земјиште по основ на реализација на оваа програма се очекува финансиски прилив од продажбата на градежно земјиште од **4.750.000,00,00** денари.

## 7. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИ СРЕДСТВА ПОТРЕБНИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

Финансиските средства потребни за реализација на програмата се состојат од збир на проценети финансиски средства потребни за реализација на следните активности:

-трошоци по основ на администрирање на постапките за отуѓување, односно давање под закуп на градежно земјиште од 60.000,00 денари.

-трошоци за промовирање односно рекламирање на градежните локации што ќе бидат предмет на отуѓување односно давање под закуп на градежното земјиште од 10.000,00 денари.

## 8. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата може да се изменува и дополнува на начин и постапка иста по која и се донесува. За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата влегува во сила со денот на донесувањето,а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 - 873/7**
**30.11.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



# ПРОГРАМА

## за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 40 точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РСМ“ бр. 32/20 и 111/2023), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/2002) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година донесе:

# ПРОГРАМА

## ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

**ВОВЕД :**

Урбанистичкото планирање функционира за остварување на целите чие остварување се обврска на сите учесници во процесот на изработувањето, донесувањето спроведувањето на урбанистичките планови и тоа:

- рамномерен просторен развој;
- рационално уредување и користење на просторот;
- создавање и унапредување на условите за хумано живеење и работа на граѓаните;
- надминување на урбаните бариери на лицата со инвалидитет;
- одржлив просторен развој;
- сочувување на квалитетот и унапредување на животната средина и природата;
- справување со климатските промени;
- сочувување и заштита на недвижното културно наследство и
- безбедност од природни и технолошки катастрофи и хаварии.

Целите на урбанистичкото планирање се остваруваат со применувањето на начелата на урбанистичкото планирање и уредувањето на просторот во процесот на изработување,донесување и спроведување на урбанистичките планови и тоа:

- интегрален пристап во планирањето;
- грижа и развој на регионалните особености;
- остварување на јавниот интерес и заштита на приватниот интерес;
- јавност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;
- инклузивност и партиципативност во постапката за изработување, донесување и спроведување на плановите;
- хоризонтална и вертикална усогласеност и координација во планирањето и
- уважување на научно и стручно утврдените факти и стандарди.

Со оваа Програма се уредува:

1.Урбанизација на територијата на општината Македонски Брод
2.Извори на финансирање на Програмата
3.Средства наменети за изработка на урбанистички планови
4.Динамика за извршување на програмата
5.Преодни и завршни одредби

## 1.УРБАНИЗАЦИЈА

Изготвувањето на урбанистичките планови има за цел да обезбеди услови за континуиран процес на планско насочување на просторниот развој преку спроведување на основните поставки и насоки за идната просторна организација, уредување, користење и заштита на просторот како во градот така и на целата територија на општината.

Исто така општините се должни урбанистичко-планската документација со која се врши вклопување на бесправно изградените објекти да ја донесат во рок од 5 години од донесувањто на законот за постапување со бесправно изградени објеки..

Со спроведување на горе спомenатите поставки општината ќе обезбеди уредување и хуманизација на просторот како и заштита и унапредување на животната средина и природата.

Како основни задачи од аспект на урбанистичкото планирање во 2024 година треба да се реализираат следните активности, а целокупната постака се води преку електронскиот систем Е-урбанизам.

Во наредниот период како континуитет на досегашните активности од доменот на урбанистичкото планирање потребно е да се изработат:

### А. ГЕНЕРАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

**1.Изработка-ревизија на Генералниот урбанистички план (ГУП) за Македонски Брод,**

Генерален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за населено место - град утврдено со закон.

Генералниот урбанистички план се состои од графички приказ на планските решенија, текстуален дел со услови и одредби за просторен развој и нумерички податоци за планските решенија со билансни показатели.

Генералниот урбанистички план содржи особено: граница на планскиот опфат која претставува граница на градот, граници на плански опфати на деталните урбанистички планови односно граници на просторните планерски единици за детално планирање,граници на зони според намената на земјиштето, намена на земјиштето со процентуална застапеност и површини на различните класи на намени, режим на градење и употреба на градежното земјиште, генерална регулација со регулациски план со регулациони линии со кои се уредува примарната сообраќајна мрежа и водовите и објектите на примарните енергетски, водостопански, комунални и други инфраструктури со нивелмански решенија, регулациски план со регулациони линии со кои се уредува секундарната сообраќајна мрежа таму каде што тоа е неопходно за спроведување на генералниот урбанистички план, општи и посебни услови за просторен развој, класи на намени, параметри за спроведување на планот, плански услови за детално планирање на просторот, процентуална застапеност на површините под зеленило во планскиот опфат и вопросторните единици за детално планирање утврдено на начин согласно со Законот за урбано зеленило, како и други одредби и податоци потребни за планските решенија.

### Б. ДЕТАЛЕН УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН

1. **Измена и дополнување на Деталниот урбанистички план (ДУП) „Блок-1“ за Македонски Брод.**

**2.Изменување и дополнување на Детален урбанистички план (ДУП) „Блок-4" за Македонски Брод - вклопување на бесправно изградени објекти,**

**3.Изработка на Детален урбанистички план (ДУП) за село Брод,**

Детален урбанистички план е урбанистички план кој се донесува за плански опфат што е во рамки на планскиот опфат на генерален урбанистички план, чиишто граници се утврдени со генералниот урбанистички план и кој служи за негово разработување и спроведување.

Детален урбанистички план се состои од графички приказ на планските решенија, текстуален дел со услови и одредби за градење и нумерички податоци за планските решенија со билансни показатели.

Деталниот урбанистички план содржи особено: граница на планскиот опфат, детална регулација со регулаторни линии, парцелација на градежното земјиште, намена на земјиштето и градбите, детални површини и услови за градење определени со градежни линии и максимална височина на градбата, планско решение на секундарната сообраќајна мрежа со нивелманско решение и плански решенија за секундарните електрични енергетски мрежи, водоснабдувачки и канализациони мрежи, гасоводни и топловодни мрежи и други инфраструктури, со условите и начинот на приклучување на секоја градежна парцела на секундарните инфраструктурни мрежи, општи и посебни услови за изградба, развој и користење на земјиштето и градбите, максимален дозволен процент на изграденост и коефициент на искористеност на градежното земјиште за секоја градежна парцела, минимален процент на озеленетост на градежното земјиште за секоја градежна парцела и услови за уредување и озеленување на дворните места утврдено на начин согласно со Законот за урбано зеленило, како и други плански одредби и податоци потребни за планските решенија.

Покрај овие содржини, деталниот урбанистички план треба задолжително да содржи и мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина, мерки за справување со климатските промени, мерки за справување со отпад, мерки за одржлива мобилност и безбедност во сообраќајот, мерки за заштита од разурнувања, мерки за заштита на недвижното културно наследство, мерки за озеленување на планскиот опфат и други мерки за безбедно остварување на целите на планирањето.

## В.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ ЗА СЕЛА

Урбанистички план за село е урбанистички план кој се донесува за подрачје на населено место - село, утврдено со закон.

Во нашата општина постои урбанистичка документација за неколку села, која сега треба да се усогласи со Законот за урбанистичко планирање, односно потребно е да се изврши ревидирање и донесување на ниво на урбанистички планови за села.Исто така потребно е ревидирање на постојните:

**1. Урбанистички план за викенд населба с.Здуње**
**2. Урбанистички план за викенд населба с.Близанско и**
3.**Довршување на Урбанистички план (УП) за село с.Ижиште.**

## Г.УРБАНИСТИЧКИ ПЛАН ВОН НАСЕЛЕНО МЕСТО

Урбанистички план за вон населено место е урбанистички план кој се донесува за групи на градби и комплекси, поголеми градби или инфраструктурни градби од

локално значење, кои се наоѓаат вон од населено место, односно кои не се опфатени ниту со генерален урбанистички план ниту со урбанистички план за село.

Урбанистички план за вон населено место содржи особено: граница на плански опфат која претставува граница на урбанистичкиот план за вон населено место, намена на земјиштето и градбите со општи услови за градба, развој и користење, посебни услови за градење и детална регулација доколку е потребно, планско решение на сообраќајната мрежа со нивелманско решение, планско решение за комуналните и други инфраструктури со услови на приклучување на мрежите, процентуална застапеност на површините за зеленило, како и други одредби и податоци потребни за планските решенија.

Покрај другите содржини, урбанистичкиот план за вон населено место треба задолжително да содржи и мерки за заштита на природата, природното наследство и животната средина, мерки за справување со климатските промени, мерки за справување со отпад, мерки за заштита од разурнувања, мерки за заштита на недвижното културно наследство, мерки за озеленување на планскиот опфат и други мерки за безбедно остварување на целите на планирањето.

За 2024 година се предвидува изработка на нови урбанистички планови и измени и дополување на постојните за следните локалитети:

**1.Изработка на урбанистички план вон населено место намена А-1 домување во станбени куќи во с.Пласница за КО Ореовец и КО Ижиште, Општина Македонски Брод.**

**2. Изработка на Урбанистички план за вон населено место - викенд зона „Долна Белица“ и**

**3.Изработка на Урбанистички план за вон населено место - викенд зона „Долна Брезница“**

## Д. УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

Урбанистички проект е планско-проектна документација што се изработува врз основа на урбанистичките планови и служи за нивна разработка и спроведување. Со урбанистичкиот проект се врши детално разработување на градежни парцели и на градежното земјиште за општа употреба за кои во урбанистичките планови не се дадени детални одредби за градење и уредување на земјиштето, согласно член 58, 59, 60, 61, 62 и 63 од Законот за урбанистичко планирање.

Постапката за изработување на урбанистичкиот проект започнува на иницијатива на државниот орган, единицата на локална самоуправа или правно лице кое е надлежно за реализацијата на планот и изградба на планираните градби, физичкото или правното лице кое е учесник во изградбата на планираните градби како инвеститор согласно со Законот за градење.

Урбанистичкиот проект се изработува врз основа на претходно прибавени услови за планирање на порсторот, проектна програма одобрена од надлежниот орган, мислење од државните органи, институции, установи и правни лица со јавни овластувања кои имаат надлежност или јавни овластувања за земјоделското, шумското и друго земјиште, како и за други посебни аспекти од подрачјето на опфатот, со кое се потврдува дека конкретниот проектен зафат е во согласност со посебните закони за видот на земјиштето, статусот или начинот на употеба на конкретното подрачје, врз ажурирана геодетска подлога на проектниот опфат.

За одобрувањето на урбанистичките проекти што служат за спроведување на урбанистичките планови надлежен е градоначалникот на општината.

**1.Изработка на урбанистички проект (УП) (член 58 точка 6) вон населено место за електроцентрали од обновливи извори на енергија на КП бр.1665/1 за КО Манастирец во површина од 96.135 м2.**

**2 Изработка на Урбанистички проект (УП) за инфраструктура (член 58 точка 6) за изградба на некатегоризиран пат за поврзување на индустриска зона „Барбарос“ со локалниот пат за с.Крапа.**

**В.ДРУГИ АКТИВНОСТИ**

Согласно Законот за урбанистичко планирање во подготовка за изработка на урбанистичко-палнска документација за потребите на општината Македонски Брод се предвидуваат и следните активности:

-Изработка на ажурирани геодетски подлоги и геодетски услуги ,

-Изработка на плански програми за добивање на Услови за планирање на просторот од страна на Агенцијата за планирање на просторот

-Изработка на Урбанистички проект (УП)

-Решавање на имотно-правни работи

**2.ИЗВОРИ НА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Програмата за урбанистичко планирање на подрачјето на 0пштина Македонски Брод за 2024 год. се финансира од:

-Буџетот на општина Македонски Брод за 2024 година,

-Од правни и физички лица чии што барања ќе се вградат во оваа Програма и

- од надоместокот за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти.

**3.СРЕДСТВА НАМЕНЕТИ ЗА ИЗРАБОТКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ**

Општина Македонски Брод ја финансира Програмата за изработката на урбанистички планови со средства што ќе се предвидат во Буџетот за 2024 година во износ од 3.000.000,00 денари.

**4.ДИНАМИКА НА ИЗВРШУВАЊЕ НА ПРОГРАМАТА**

Динамиката на извршувањето ќе зависи од приливот на средства:

- од надоместок за уредување на градежно земјиште,

- средства наплатени согласно Законот за постапување со бесправно изградени објекти и

- средства од правни и физички лица.

**5.ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Реализацијата на програмата ја врши Градоначалникот на Општина Македонски Брод. Програмата може да се дополнува и изменува во текот на годината доколку има потреба. Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр.18 – 873/8**
**30.11.2023 година**

**Советот на Општина Македонски.Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

# *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



## П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 95 од  Законот на градежно земјиште („Службен весник на РМ“ бр. 130/09, 124/10, 18/11, 36/ 11, 54/11, 13/12, 144/13, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 217/15, 31/16, 39/16, 71/16, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19, 18/20, 279/20, 227/22 и 111/23) и член 1, 2, 3, 4 и 5 од Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комунална инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од стпенот на уреденост („Службен весник на  РМ“ бр.193/16) и член 43 точка 7 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
## ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНАТА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

**ВОВЕД:**

Програмаза уредување на градежно земјиште содржи:

1.Простор кој е предмет на уредувањето;

2.Обем на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште;

3.Обем и степен на опременост на градежното земјиште со објекти на основната и секундарната инфраструктура;

4.Пресметување на трошоците за уредување на градежно земјиште

5.Висина на надоместокот за уредување на градежното земјиште и неговата распределба и

6.Преодни и завршни одредби.

### 1. ПРОСТОР КОЈ Е ПРЕДМЕТ НА УРЕДУВАЊЕТО

Како простор што се уредува се смета, изградено и неизградено градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод, утврдено со Плановите дефинирани во член 10 став 1 и член 58 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.32/20).

### 2. ОБЕМ НА РАБОТИТЕ ЗА ПОДГОТВУВАЊЕ И РАСЧИСТУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ

Во ова поглавје се утврдува обемот на работите за подготвување и расчистување на градежното земјиште, што опфаќа:

-Изработка и донесување на Урбанистички планови и урбанистички проекти.

-Обезбедување на геодетски пологи и елаборати

-Изработка на елаборати за експропријација за изградба на објекти од комунална инфраструктура.

-Регулирање на имотно правните односи со сопствениците на објектите.

### 3. ОБЕМ И СТЕПЕН НА ОПРЕМЕНОСТ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ СО ОБЈЕКТИ ОД ОСНОВНАТА И СЕКУНДАРНАТА ИНФРАСТРУКТУРА.

Под степен на уреденост на градежното земјиште се подразбира обемот на опременоста на земјиштето со објекти од комунална инфраструктура за задоволување на заедничката и индивидуалната комунална потрошувачка, до границите на градежната парцела.

Приклучоците на објектот до приклучните места на примарната и секундарната мрежа: (водовод, канализација, и други), паѓаат на терет на инвеститорот, затоа што истите се составен дел на инсталациите на објектот и остануваат негова сопственост.

Доколку постојат претходно изградени инсталации во склоп на градежната парцела и е потребно нивно дислоцирање или нивна заштита, трошоците што ќе се направат паѓаат на товар на инвеститорот, односно на корисникот на локацијата.

Согласно уреденоста на градежното земјиште се определуваат следните степени (зони):

- **Повисок степен (прва зона)**
- **Основен степен (втора зона)**
- **Понизок степен (трета зона)**

**<u>Повисок степен (прва зона)</u>**

Во оваа зона се опфатени локации-градежно земјиште на улиците:

- ул.„Маршал Тито“, ул. „Партизанска“ и дел од ул.„Димитар Влахов“ (крак кон Ловен дом заклучно со КП бр.3982, ГП 1.23 и крак кон полициска станица заклучно со КП бр.3971. ГП 1.32, Објект на Фондот за здравствено и пензиско осигурување) во Македонски Брод и

- Градежното земјиште предвидено за викенд зони определено со урбанистички планови на територијата на општината (нас.Близанско, нас.Долна Белица, нас.Здуње).

**<u>Основен степен (втора зона)</u>**

Во оваа зона спаѓаат останатите делови од градот Македонски Брод покриени со Детални урбанистички планови и ул„Песјак“ (село Брод).

**<u>Понизок степен (трета зона)</u>**

Во оваа зона спаѓа градежното земјиште во останатите населени места на територија на општината Македонски Брод.

## 4. ВИСИНА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНОТО ЗЕМЈИШТЕ И НЕГОВА РАСПРЕДЕЛБА

Појдовната големина за пресметување на надоместокот за уредување на градежното земјиште се утврдува со Програмата за уредување на градежното земјиште.

Пресметувањето на надоместокот за уредување на градежното земјиште ќе се врши по 1м2 нето корисна површина според важечките технички нормативи согласно Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредувањето во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/2016).

Не се плаќа надомест за уредување на градежно земјиште за објекти што ќе ги гради Општина Македонски Брод и објекти ослободени со Одлука на Советот на Општина Македонски Брод.

По иницијатина на жителите на градот и населените места, а во услови кога истите се заинтересирани со месен самопридонес да учествуваат во уредувањето на градежното земјиште, населението ќе учествува со 20% од вредноста на комуналните објекти и инсталации.

Меѓусебните права и обврски за уредувањето на градежното земјиште врз основа на документ за сопственост и основен проект заверен од Општина Македонски Брод, се уредуваат со Договор склучен помеѓу инвеститорот и Градоначалникот на Општината.

Доколку вкупниот пресметан просечен надоместок за конкретната локација не ги покрива трошоците за уредување на истата, надоместокот ќе се плаќа по стварно направените трошоци, по посебен трошковник, за уредунање на локацијата и на соодветниот дел од пошироката локација што ќе се регулира со Анекс кон договорот за уредување на градежното земјиште.

Без добиена потврда од надлежниот субјект дека се целосно измирени обврските за надоместок за уредување на градежното земјиште, инвеститорот не може да добие дозвола за приклучоци на комуналната инфраструктура.

Висината н трошоците за уредување на градежното земјиште, во зависност од степенот на уреденост на градежното земјиште, согласно оваа Програма, се пресметуваат врз основа на новата корисна површина што ќе се гради, а претставува збир на нето површина по м2 на подовите на сите простории во објектот, согласно заверениот основен проект и анекс на основниот проект, помножен со коефициентите (ден/м2), дадени во Правилникот за степенот на уредувањето на градежното земјиште со објекти на комуналната инфраструктура и начинот на утврдување на висината на трошоците за уредување во зависност од степенот на уреденост („Службен весник на РМ“ бр.193/2016).

Степенот на уреденост на градежно земјиште и висината на трошоците за:

**<u>Повисок степен (прва зона)</u>**

Во оваа зона се опфатени локации-градежно земјиште на улиците:
-ул.„Маршал Тито“, ул. „Партизанска“ и дел од ул.„Димитар Влахов“ (крак кон Ловен дом заклучно со КП бр.3982, ГП 1.23 и крак кон полициска станица заклучно со КП бр.3971. ГП 1.32, Објект на Фондот за здравствено и пензиско осигурување) во Македонски Брод и
-Градежното земјиште предвидено за викенд зони определено со урбанистички планови на територијата на општината (нас.Близанско, нас.Долна Белица, нас.Здуње)

**<u>Основен степен (втора зона)</u>**

Во оваа зона спаѓаат станатите делови од градот Македонски Брод покриени со Детални урбанистички планови и ул„Песјак“ (село Брод).

**<u>Понизок степен (трета зона)</u>**

Во оваа зона спаѓа градежното земјиште во останатите населени места на територија на општината Македонски Брод, дадени се во следнава табела:

| Степен на уреденост | Вид на објекти | |
|---|---|---|
| | Станбени (ден/м$^2$) | Деловни, јавни, (ден/м$^2$) |
| Повисок степен (прва зона) | 700,00 | 1.800,00 |
| Основен степен (втора зона) | 600,00 | 1.200,00 |
| Понизок степен (трета зона) | 100,00 | 200,00 |

- Степенот на уреденост на градежно земјиште и висината на трошоците за градежното земјиште предвидено за викенд зони определено со урбанистички планови на територијата на општината Македонски Брод,дадени се во следнава табела:

| Степен на уреденост | Вид на објекти | |
|---|---|---|
| | Станбени (ден/м$^2$) | Деловни, јавни, (ден/м$^2$) |
| Повисок степен (прва зона) | 1.800,00 | 1.800,00 |

- Реконструција на сите видови на објекти се пресметува во висина од 30% од цената на соодветната зона.
- За стнбените објекти со висина П+2 ката, се дозволува предвдување на 2 (две) гаражи (со квадратура од 2х15=30,0 м2), и 2 (две) помошни простории (со квадратура од 2 х12=24м2).

**Стимулативна регулатива за плаќање надоместок за уредување на градежно земјиште**

- За изградба на објекти од група на класи на намени Г-производство, дистрибуција и сервиси:
- тешка и незагадувачка индустрија, лесна и незагадувачка индустрија, сервиси и стоваришта и
- За објекти од група на класи на намена Б-5 угостителски и туристички комплекси, хотелски комплекси и одморалишта и за објекти од група на класи на намени А-4 хотел, мотел, планински дом и ловен дом инвеститорите ќе плаќаат средства за уредување на градежно земјиште во висина од 5% од Програмата

**Распоред на надоместокот за уредување на градежно земјиште**

Во зависност од опременоста и опремувањето на градежното земјиште процентуалното учество на инфраструктурните објекти и инсталации во уредувањето на градежнотоземјиште изнесува:

-Објекти и инсталации од заедничко инвестирање 30%

-Објекти и инсталации од индивидуално инвестирање 70%, од кои за:
фекална канализација 20%, атмосферска канализација 10%, водовод 12%, улично осветлување 10%, коловоз асфалт 37%, тротоари 11%.

Овој распоред на надоместок за уредување на градежното земјиште се однесува и за надоместок што е платен од претходни години.

Сопственикот на грдежното земјиште мора да обезбеди согласност за приклучување на објектот на соодветна примарна или секундарна мрежа за индивидуално инвестирање од соодветно комунално претпријатие. Доколку за постојните комунални инсталации, инвеститорот не добие писмена потврда за исправност на истата од соодветно комунално претпријатие, Општината ќе склучи Договор за регулирање на надоместокот за уредување на градежното земјиште, за индивидуално инвестирање на инсталациите.

**Надоместок изградба и реконструкција на комунални објекти.**

Инвеститорите на комунални објекти и инсталации: улици, канализација, водовод, електромрежа, ПТТ мрежа, кабловска мрежа, мини хидроеклетрани до 1 МВ како и други видови објекти и инсталации ќе плаќаат надоместок процентуално во висина на вредноста на предметот и пресметката од проектот и тоа:

- До 100.000 ден.........................................................................1,0%
- Од 100.000 ден. до 500.000 ден...................................................0,6%

но не помалку од 1.000 ден.

- Од 500.000 ден.до 1.000.000 ден..................................................0.5%

но не помалку од 3.000 ден.

- Од 1.000.000.ден. до 5.000.000 ден..............................................0.3%

но не помалку од 5.000 ден.

- Над 5.000.000 ден.........................................................................0.2%

Висината на надоместокот на градежните работи да се определува со превземање на цените од тендерска документација.

Доколку Општината нема утврдени цени за определена градежна работа, истата ќе се определи според просечната цена од три субјекти во тековниот период.

Инвеститорите на градежни и грдежно занатски работи на објектите, тековно и инвестиционо одржување, поправки, адаптации, урбано-санациони мерки и слични работи на кои не се засметува надоместок за уредување на градежното земјиште ќе плаќаат надоместок за претходни работи во висина од 1% од вредноста на градежните и градежно занатските работи, но не помалку од 1.000денари.

**Надоместок за изградба на објекти вон населени места и по урбанистички проекти,**

Инвеститорите кои ќе градат во урбаното подрачје согласно на Урбанистичкиот план вон населени места или Урбанистички проект во Општина Македонски Брод, ќе плаќаат надоместок за заедничко инвестирање во износ од 30% од Основниот степен. Овие инвеститори сами си го уредуваат градежното земјиште на потесната локација и си обезбедуваат приклучок на комуналните инсталации.

**Општи услови во уредувањето**

При изградба на нови објекти, за кои претходно треба да се порушат стари објекти од квадратурата која е предмет на наплата на трошоци за уредување на градежното земјиште, се одбива 100% од квадратурата на постојниот објект.

**Надоместок за уредување за изградба на обновливи извори на енергија**

- За изградба на објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво,биомаса,геотермална енергија и хидроенергија), 0,01 и
- За изгрдба на објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) за 50% од површината на градежната парцела, 0,01.
- За објекти за производство на електрична енергија од обновливи извори (биогориво, биомаса, геотермална енергија и хидроенергија) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 30% од висината на просечната нето плата во РСМ за последната година помножена со коефициентот 0,01.
- За објекти за производство на електрична енергија од сончева енергија (фотонапонски панели) висината на трожоците за уредување на градежно земјиште не може да биде

повисока од 20% од висината на просечната нето плата во РСМ за последната година помножена со коефициент 0,01.
- За објекти за производство на електрична енергија од ветерна енергија (ветерници) висината на трошоците за уредување на градежно земјиште не може да биде повисока од 1.200.000 денари за една ветерница.

## 5.НАЧИН НА РАСПРЕДЕЛБА НА СРЕДСТВАТА ЗА ФИНАНСИРАЊЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ИНФРАСТРУКТУРАТА

Во случај кога градежното земјиште е уредено со изградена основна инфраструктурна мрежа, а во локалитетот каде се наоѓа градежната парцела нема или не е целосно изградена секундарната инфраструктура, а сопственикот на земјиштето инсистира сам со свои средства да ја гради истата согласно заверена техничка документација за градење, должен е на Локалната самоуправа за изградената основна мрежа, да и надокнади трошок во висина од 30% од надоместокот за уредување на градежното земјиште утврден со Програмата и да овозможи на идните сопственици на земјиштето приклучување на инфраструктурните мрежи без да му платат надоместок.

Инфраструктурната мрежа што ќе ја гради сам треба да биде технички примена од соодветнито комунално претпријатие и истата да ја предаде на локалната самоуправа без надоместок.

За изграден објект или комунална инфраструктура, која технички е примена и со неа стопанисува соодветно надлежно претпријатие, а по доставена соодветна признаница, на инвеститорот ќе му биде одбиен процент од индивидуалното задолжение за користење на тој објект или инсталација.

Оваа изградена инфраструктурна мрежа мора да биде предадена на локалната самоуправа без надоместок, да се овозможи приклучување на нови идни корисници на земјиштето, а новите корисници на земјиштето да и надоместат на локалната самоуправа целосен надоместок за уредување на градежното земјиште.

## 6. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

За спроведување на оваа Програма надлежен е Градоначалникот на Општина Македонски Брод.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“

**Бр.18 – 873/9**
**30.11.2023 година**

**Совет на Општина Макеонски .Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

# ***ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД***

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*




# **ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ НА ГРАЃАНИ И МАТЕРИЈАЛНИ ДОБРА ОД ПРИРОДНИ НЕПОГОДИ И ДРУГИ НЕСРЕЌИ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 година**

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 22 став 1 точка 10 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), како и член 9, член 34 став 5 и член 123 од Законот за заштита и спасување - пречистен текст („Службен весник на РМ“ бр.93/12, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16) и член 5 став 2 од Законот за управување со кризи („Службен весник на РМ“ бр.29/05, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16, 106/16), член 15 став 1 точка 10 и 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на 30.11.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА

**за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година**

## 1. ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат заедничките интереси и активности во областа на заштита, спасување и справување со природни непогоди и други несреќи кои претставуваат активности од јавен интерес.

Во 2024 година активностите што ќе се спроведуваат, ќе бидат согласно законските прописи, а во интерес на граѓаните од Општина Македонски Брод во остварување на нивните права, обврски како и нивна заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи.

Грижата за заштитата на населението е подеднакво важна како за жените така и за мажите, односно, важно е во одредени ситуации жените да бидат приоретизирани при природни непогоди и други несреќи.

Општина Македонски Брод активностите ќе ги остварува преку Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на подрачје на општината, а во согласност со:

- Општинската Територијална противпожарна единица;
- Јавни претпријатија, установи и служби од локален карактер основани од општината;
- Општинска Комисија за процена на штети од природни непогоди и други несреќи на територија на Општина Македонски Брод;
- Општински штаб за заштита и спасување;

## 2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основни цели на оваа програма за активности на Општина Македонски Брод во областа на заштита, спасување и справување со кризи се:

- Заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природни богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод;
- Создавање услови и можности за организирано остварување и релизирање на заштита и спасување на луѓето, животната средина, матријалните добра, природни богатства, животинскиот и растителниот свет и културно наследство од природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод;
- Обезбедување навремено истакнување на опасности, благовремено откривање и елиминирање на причините за настанување на непогода;
- Овозможување на услови и можности за организирано остварување и реализација на заштита и спасување на луѓето и материјалните добра;
- Обезбедување на услови и можности за соодветна организација, опременост и координираност на силите за заштита и спасување.

| ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | РЕЗУЛТАТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА |
| Состаноци и средби | 5 | Констатирање на состојби од областа на заштита и спасува (зимско одржување, справување со пожари на отворено итн.) | 01.01.2024 до 31.12.2024 | Општина Македонски Брод во соработка со ТППЕ, ДЗС, ЦУК |
| Сервисирање на ПП апарати и хидрантска мрежа | Хидратанска мрежа 4<br>ПП апарати 9<br>ТППЕ - | Сервисирани ПП апарати и хидрантска мрежа | Април-јуни 2024 | Општина Македонски Брод, ТППЕ |

## 3. АКТИВНОСТИ НА ПРОГРАМАТА

За реализација и остварување на основните цели од оваа Програма, Советот и Градоначалникот ќе преземат активности кон создавање на максимални услови за реализирање на програмските определби пред се во:

- Обезбедување целосна заштита и спасување на луѓето и матријалните добра;
- Квалитетна, техничка и стручна подготвеност на силите за заштита и спасување;
- Доопремување на Просторните сили за заштита и спасување;
- Ажурирање на Планот за заштита и спасување од природни непогоди и други несреќи на територија Општина Македонски Брод;
- Отстранување на последиците настанати од природни непогоди и други несреќи.

## 4. ФИНАНСИРАЊЕ

Динамиката на извршување на Програма за заштита и спасување на граѓани и матријални добра од природни непогоди и други несреќи ќе зависи од приливот на средства во Буџетот на Општина Македонски Брод.

I-дел, потребни финансиски средства за формирање на Просторни сили за заштита и спасување

| Ред.бр. | Намена | Материјален состав | Износ (денари) |
|---|---|---|---|
| 1 | Обука на вработени во Општина Македонски Брод | обука ќе ја извршува територијалната противпожарна служба | 15.000,00 |
| 2 | Обука, тренинг и вежби на силите за заштита и спасување | обука на раководниот и командниот кадар | 16.000,00 |
| 3 | Просторен штаб и Универзални единици за заштита и спасување | ознака на припадност на силите за заштита и спасување | 2.500,00 |
| | | санитетска торба со опрема | 5.000,00 |
| | | прв завој | 2.500,00 |
| | | заштитна наметка | 21.000,00 |
| | | напртњачи за вода | 12.500,00 |
| | | челична метла | 15.000,00 |
| | | заштитни кожни ракавици | 5.000,00 |
| | | батериски лампи | 5.000,00 |
| | | лопати | 3.000,00 |
| | | чизми гумени | 2.500,00 |
| **Вкупно** | | | 105.000,00 |

*Ноември, 2023 година*

II-дел, потребни финансиски средства доколку дојде до појава на природни непогоди и други несреќи на подрачје на Општина Македонски Брод

| | | | |
|---|---|---|---|
| 1 | Ангажирање на граѓани во силите за заштита и спасување | превоз, дневници и храна | 100.000,00 |
| 2 | Ангажирање на ЈП, установи и др.субјекти за заштита и спасување | градежна механизација, превозни средства, специјални возила и др. опрема и алат | 100.000,00 |
| **Вкупно** | | | 200.000,00 |
| 3 | Редовен сервис и одржување на ПП апарати и за поправка на внатрешната хидратанска мрежа | | 30.000,00 |
| 4 | Сервисна поправка на исправноста за заштита од атмосферски празнења од страна на овластен правен субјект | | 10.000,00 |
| 5 | Набавка на ПП апарати | | 5.000,00 |
| **Вкупно** | | | 45.000,00 |
| **Вкупно ( II дел)** | | | 245.000,00 |
| **Вкупно средства потребни за заштита и спасување ( I и II дел )** | | | **350.000,00** |

## 5. ЕВАЛУАЦИЈА НАД РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА

За спроведување на оваа Програма се грижи Градоначалникот на Општина Македонски Брод, кој во соработка со Територијалната противпожарна единица, Регионалните одделенија на Дирекцијата за заштита и спасување и на Центарот за управување со кризи, Јавните претпријатија „Водовод и Канализација" и „Комунална хигиена" и други надлежни органи и тела, ќе го следат спроведувањето на оваа Програма и активно ќе учествуваат во нејзината реализација, како и во покренување на иницијативи, давање на мислење и поднесување на предлози во врска со остварување на програмски цели и активности.

Оваа Програма влегува на сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод"

**Бр.18 - 873/10**
**30.11.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

**_ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД_**

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



# ПРОГРАМА

# ЗА ЗИМСКО ОДРЖУВАЊЕ НА УЛИЦИ И ЛОКАЛНИ ПАТИШТА НА ТЕРИТОРИЈА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 година

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 22 став 2 точка 4, член 36 став 1 точка 6 и член 62 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), член 34 од Законот за јавни патишта („Службен весник на РМ“ бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166,14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16, 163/16), член 34 и член 35 од Законот за заштита и спасување („Службен весник на РМ“ бр.36/04, 49/04, 86/08, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 39/16, 106/16) и член 15 став 1 точка 4 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА

**за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година**

## ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат приоритетот, начинот на извршување и превземање на обврски за непречено одвивање на работите за зимско одржување на улици и локални патишта во населени места во Општина Македонски Брод за безбедно и непречено одвивање на сообраќајот на локалните улици и патишта во Општина Македонски Брод и намалување на бројот на незгоди.

## 1. АКТИВНОСТИ

1.1. Регионални патни правци кои поминуваат низ територијата на Општина Македонски Брод се во надлежност и во зимски услови ги одржува ЈП „Македонија пат“, а такви патни правци се следниве:

- **Р-1303** Прилеп - Македонски Брод - Кичево
- **Р-1106** Сувидол – Калуѓерец – Беличка Река – Кула
- **Р-408** Калуѓерец – Самоков - Растеш

1.2. Според интензитетот на сообраќајот на локалните улици и патишта на подрачје на Општина Македонски Брод се распоредуваат во приоритетни групи и вонредна приоритетна група.

Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта на територија на Општина Македонски Брод содржи три приоритетни групи и една вонредна приоритетна група. Во првата приоритетна група спаѓаат главите улици на градот кои овозможуваат влез и излез

на секое надворешно возило, пристап до болница, орган за регулирање на сообраќајот, училишта и административниот центар.

- **Прва приоритетна група**

Во првата приоритетна група спаѓаат градски улици и локални патишта.

Градски улици во оваа група се следниве:

- Ул."Маршал Тито" со кракот што води до трите стамбени згради и делот на регионалниот пат со уредно формиран тротоар (коловозна површина ја одржува ЈП "Македонија пат", а површината под тротоарот ја одржува локалната самоуправа).
- Ул. "Партизанска"
- Ул. "Вук Караџиќ"
- Ул. "Димитар Влахов"
- Ул. "Илија Игески Цветан"
- Ул. "Јане Сандански"

Локални патни правци се следниве:

- Македонски Брод – Требино
- Македонски Брод – Сланско
- Р1106 – Црешнево
- Р1106 – Горни Манастирец
- Р408 – Брест
- Р1106 – Белица
- Р1303 – Крапа
- Р1606 – Локвица
- Р1303 – Латово
- Р408 - Битово
- Р408 - Заград
- Р408 - Растеш

Доколку ЈП "Македонија пат" не е во состојба да ги расчисти евентуалните урнатини, одрони и снежни наноси од регионалниот пат на подрачјето на Општина Македонски Брод, Општинскиот штаб за заштита и спасување во соработка со Дирекција за заштита и спасување и Јавно претпријатие за државни патишта на РСМ, ангажираат механизација и работна рака од тие што се на располагање во општината, на сметка на ЈП "Македонија пат" и Јавно претпријатие за државни патишта.

Надзорот над ангажираната механизација, времето на ангажирање и потрошените матријални и финанасиски средства го врши Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и животна средина.

*Ноември, 2023 година*

- **Втора приоритетна група**

Во втората приоритетна група на улици за расчистување од урнатини, одрони и снежни наноси, спаѓаат улиците со посебен интензитет на сообраќај. Тие ги поврзуваат улиците од прв приоритет или даваат можност за побрз влез и излез на сообраќајот од поодделни реони на градот.

Улици кои спаѓаат во втора приоритетна група се:

- Ул."Првомајска"
- Ул. "Мирче Ацев"
- Ул. "Кирил и Методиј"
- Ул. "Крушевска Република"
- Ул. "7-ми Септември"
- Ул. "Васко Карангелески"

Со расчистување на улиците од прв и втор приоритет, сообраќајот во градот може нормално да се одвива во сите правци и сите реони на градот.

- **Трета приоритетна група**

Во оваа приоритетна група спаѓаат сите останати улици во градот и населените места по кои се одвива слаб сообраќај и претставуваат кракови и ќебови на улици од претходните два приоритети или пак сеуште не се асфалтирани или отворени па не е можна некоја поефикасна интервенција за одвивање на сообраќајот.

- **Вонредна приоритетна група**

На одредени улици во градот и населени места како и приоди до населени места каде е загрозен животот и здравјето на населението и матријалните добра по оценка и наредба на Општинскиот штаб за заштита и спасување, се пристапува кон вонредно расчистување на приодите до загрозените места, со цел што е можно понавремен пристап до загрозените лица и дистрибуирање на потребната помош.

За спасување од урнатини се ангажираат единиците на Дирекцијата за заштита и спасување, просторните универзални и специјални единици за заштита и спасување и потребната градежна механизација.

Зимско одржување на улици и патишта ќе се врши согласно утврдениот приоритет по оваа Програма и тоа на следниов начин:

- Во случај на голомразица и после чистење на снег ќе се врши посипување на коловозот со мешавина на индустриска сол и камен ситнеж.

- Во случај на снежни врнежи чистењето на снегот од коловозот ќе се чисти со соодветна механизација, а на јавните прометни површини и премини каде не гравитираат станбени делови и други административни јавни објекти чистењето ќе се врши рачно.
- На јавните прометни пешачки површини на кои гравитираат станбени, деловни, административни и други јавни објекти (училишта, амбуланти), се задолжуваат граѓаните односно правните лица кои се сопственици или корисници на истите сами да го извршат чистењето на снегот.
- Во случај на врнежи на снег поголеми од 30см, Општина Македонски Брод ќе ангажира и дополнителна механизација од други субјекти со кои ќе се договори, а ќе соработува со ПО на Дирекција за заштита и спасување и Регионалниот центар за управување со кризи, во насока на превземање понатамошни активности за расчистување на таквите снежни врнежи за благовремено решавање на проблемите настанати од такви состојби.
- Чистењето на снегот од коловозот на улиците и локалните патишта ќе се врши редовно, со обезбедување на потребна минимална ширина на очистен коловоз, а по целата должина на истите.
- Чистењето на снегот започнува со почетокот на врнежите, најдоцна во рок од 6 часа од почетокот на снежни врнежи и трае до целосно расчистување. При таква активност доколку се јави потреба на определени улици, во соработка со сообраќајна полиција може да се направи времено прекинување на сообраќајот се додека не се обезбедат минимални услови за одвивање на истиот.
- При снежни врнежи сите сопственици, односно корисници на објекти се должни веднаш да започнат со чистење на снегот на отворените простори пред јавните површини, со што непречено ќе се обезбеди движење.

1.3. Работите за зимското одржување на улиците и локалните патишта на територија на Општина Македонски Брод ќе ги врши ЈКП "Комунална хигиена" од Македонски Брод, согласно Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта.

| ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА | | | | |
|---|---|---|---|---|
| АКТИВНОСТ | ИНДИКАТОРИ | РЕЗУЛТАТИ | ВРЕМЕНСКА РАМКА | НОСИТЕЛ НА АКТИВНОСТА |
| Чистење на локални улици и патишта | Мин. 12 улици<br>Мин.12 локални патишта | Очистени улици од снег и мраз | 15 Ноември до 15 Март | Општина Македонски Брод и ЈКП Комунална Хигиена |

## 2. ЕВАЛУАЦИЈА НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Надзорот над спроведувањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе врши стручна служба составена од вработени во Општина Македонски Брод во соработка со Подрачна единица на Министерството за внатрешни работи во Македонски Брод и ПО на Дирекција за заштита и спасување во Македонски Брод.

## 3. ФИНАНСИРАЊЕ

Општина Македонски Брод во буџетот за 2024 година ќе предвиди финансиски средства за реализација на активностите од оваа Програма во износ од 600.000,00 денари.

## 4. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за зимско одржување на улици и локални патишта на територија на Општина Македонски Брод за 2024 година може да се измени и дополни согласно законските одредби, услови и можности.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр.18 - 873/11**
**30.11.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

Врз основа на член 11 став 1 алинеја 7 и член 142 став 5 од Законот за социјалната заштита („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21, 99/22 и 236/22), член 40 од Закон за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/21, 150/22 и 236/22) и член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница, одржана на 30.11.2023 година, донесе:

# ПРОГРАМА

## за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2024 година

### 1. ВОВЕД

Социјалната заштита е дејност од јавен интерес која се остварува преку, мерки, активности, програми и политики за заштита од социјални ризици, превенција и надминување на социјалните проблеми кои неповолно се одразуваат врз добросостојбата на жените и мажите, со цел:

- одржување на социјалната сигурност на жените и мажите;
- спречување на социјалната исклученост;
- подобрување на квалитетот на животот на жените и мажите и
- зајакнување на капацитетите на жените и мажите за водење независен, активен и продуктивен живот.

Согласно Законот за социјалната заштита, надлежноста на општината од областа на социјалната заштита се реализира со Годишна програма за потребите на граѓаните од областа на социјалната заштита. Во Програмата, општината предвидува активности и финансиски средства за реализација на истите. Активностите се во насока на преземање мерки кои ќе придонесат за подобрување на условите за живот на граѓаните во локалната заедница, особено, на најзагрозените и социјално-исклучени граѓани.

Со Програмата за социјална заштита, Општина Македонски Брод ги штити социјално-најранливите жени и мажи кои, поради неповолни лични или социјални околности, не се во можност сами да ги задоволат своите основни животни потреби.

Остварувањето на заштитата на децата е согласно Законот за заштита на децата и надлежностите на општината во областа на детската заштита предвидени со Законот за локалната самоуправа.

Обезбедување активен однос на Советот на Општина Македонски Брод кон задоволување на потребите и интересите на жените и мажите во областа на социјалната и детската заштита;

- Подобрување на стандардот на жените и мажите;

- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;

- Инклузија на лица со посебни потреби во сферата на општественото живеење;

- Еднакви можности на мажите и жените.

## 2. АНАЛИЗА НА СОСТОЈБАТА

Општината има 51 населено место со општински центар Македонски Брод (едно урбано и 50 рурални населби). Селата се од разбиен тип, меѓу себе се поврзани со земјен или асфалтиран пат. Најодалеченото село е Здуње кое 54 км е оддалечено од административниот центар. Во Општина Македонски Брод, според податоците од последниот попис на населението, домаќинствата и становите спроведен во 2021 година, живеат вкупно 6124 жители во 2111 домаќинства и претставува ретко населена општина. Карактеристично е што всушност само десетина села имаат над 100 жители.
Од вкупниот број на жители 6124, според последниот попис 3194 се мажи и 2930 жени.
За Општина Македонски Брод карактеристично е демографското стареење на населението. Населението е главно од постари лица кои во голем дел не можат да се грижат за самите себе и имаат сосема недоволни или никакви приходи (пензија, социјална помош и/или туѓа нега. Од ова може да се заклучи дека во овие села постои висок степен на сиромаштија и зголемен степен на неспособност за грижа за себеси, предизвикана од старост и немоќ. Споредбата на бројот на населението во Општина Македонски Брод од 2002 година и постојаното годишно менување, според официјални податоци од ДЗС и од административни извори укажува дека населението има тенденција на постојано намалување. Се случува забрзана миграција на релација Македонски Брод - други поразвиени општини, главно Скопје или релација Македонски Брод – странство што е тренд во последните години и тоа претежно на млади образовани кадри.
Остварувањето на социјалната заштита во Општина Македонски Брод се заснова пред се на Законот за социјална заштита, Законот за заштита на децата, Законот за семејство, Националната програма за развој на социјалната заштита на РСМ и други закони и подзаконски акти кои се однесуваат на социјалната, детската и здравствената заштита во републиканава, како и надлежности дадени на општините со Законот за локална самоуправа. Оваа програма поблиску ги уредува подрачјата на социјалната заштита и специфичните потреби на граѓаните.

2.1 Општинска администрација

Вкупниот број на вработени во општинската адмиинистрација заклучно со 1.11.2023 година изнесува 61 лице од кои 38 (19 мажи и 19 жени) во општинската администрација, помошно технички персонал 23 од кои (6 жени и 17 мажи) и 12 во ТППЕ Македонски Брод сите мажи.
Според податоците од АВРМ состојбата со пријавените во Центарот за вработување Македонски Брод е следна, односно вкупниот број на пријавени изнесува 799 од кои 409

се мажи и 390 се жени. Од нив 172 се жени со основно образование а мажи со основно образование се 149, 53 жени со непотполно средно образование а мажи 76, 135 жени со завршено средно образование а мажи 155. Со Вишо образование пријавена е само една жена и 6 мажи, додека со високо образование во центарот пријавени се 27 жени и 23 мажи и магистри 2 жени и 2 мажи.

Согласно податоците на ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи – Македонски Брод, во општината има евидентирано:

- корисници на надоместок на помош и нега - 347
- корисници на социјална сигурност за стари лица - 28
- корисници на надоместок заради попреченост - 37
- корисници на посебен додаток – 16
- корисници на гарантирана минимална помош - 196
- број на стари и изнемоштени лица - 32
- лица со оштетен вид – 11
- лица со оштетен слух - 16
- лица со пречки со телесен развој - 3
- лица со комбинирани пречки -10
- лица со интелектуална попреченост - 7

Во Општина Македонски Брод има едно централно основно училиште и седум подрачни училишта и едно средно училиште. Бројноста на учениците е следна: во централното основно училиште и подрачните училишта вкупниот број на ученици изнесува 451 од кои 216 се девојчиња и 235 се момчиња. Бројот на вработени изнесува 88 од кои 51 се жени а 37 се мажи.

Во средното општинско училиште состојбата е загрижувачка. Бројот на ученици кои сакаат образованието да го продолжат во општинското средно училиште од година во година е се помал. Вкупниот број на ученици е 83. Од нив 46 се девојчиња и 37 се момчиња. Бројот на вработени изнесува 40 од кои 19 се жени и 21 мажи.

**3. ЦЕЛИ:**

Со Програмата за активностите на Општина Македонски Брод во областа на социјална заштита и заштита на децата се предвидуваат активностите во областа на социјалната и детската заштита, да бидат насочни кон остварување на следните приоритетни цели:

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Македонски Брод кон задоволување на потребите и интересите на жените и мажите во областа на социјалната и детската заштита;
- Подобрување на стандардот на жените и мажите;
- Изнаоѓање форми за социјализација на маргинализирани групи;
- Инклузија на лица со посебни потреби во сферата на општественото живеење;

- Еднакви можности на мажите и жените.

## 4. АКТИВНОСТИ:

### 1. Еднократна парична помош за новородено дете

Општина Македонски Брод ќе доделува еднократна парична помош за новородени деца во текот на 2024 година, чии родители се со постојано место на живеење на подрачјето на општина Македонски Брод. Паричната помош на Општина Македонски Брод за секое новородено дете изнесува 3.000 денари.

Барателот е потребно со барањето за доделување на еднократна парична помош да достави:

- лична карта на родителите,
- извод од матична книга на родените (за новороденчето, за трето дете-извод за сите три деца),
- број на трансакциска сметка.

Ова право го остваруваат и родители на посвоени деца.

### 2. Еднократна парична помош на жители - жени и мажи на Општина Македонски Брод

Еднократна парична помош се доделува на лице или на семејство кое се нашло во состојба на социјален ризик, како и на лице и семејство заради претрпена природна непогода или епидемија, подолго лекување во здравствена установа на член на семејството, како и на родител на дете со посебни потреби.

Еднократната парична помош се доделува еднаш годишно.

Составен дел на барањето за еднократна парична помош е медицинска документација со која барателот располага или записник од увид за претрпена штета или потврда од надлежна институција за социјалната положба.

### 3. Обезбедување на новогодишни пакетчиња за деца запишани во прво одделение и деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош

Новогодишните пакетчињата ќе се обезбедат за деца запишани во прво одделение и деца чии родители се корисници на гарантирана минимална помош и се жители на општина Македонски Брод.

Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа – Македонски Брод, на барање од општината, ќе достави список на родители кои можат да го остварат ова право.

**4. Доделување на „Велигденски/социјален пакет“ на лица кои се корисници на гарантирана минимална помош/социјална пензија**

Лицата кои се кориснички/корисници на гарантирана минимална помош/социјална пензија на подрачјето на општина Македонски Брод, по претходно доставен список од Меѓуопштинскиот Центар за социјална работа-Македонски Брод, по повод велигденските празници, ќе добијат пакет.

**5. Одбележување на новогодишните празници и Меѓународниот ден на лица со посебни потреби**

Со цел одбележување на новогодишните празници и Меѓународниот ден на лица со посебни потреби, Градоначалникот на општината го посетува Центарот за лица со посебни потреби, односно Дневниот центар за лица со посебни потреби во с.Манастирец

На децата ќе им се доделат: новогодишни пакети, школски прибор, дидактички материјал или техничка стока, во зависност од нивните потреби.

**6. Изградба на пристапни рампи за инвалидизирани лица во јавните општински установи**

Оваа активност ќе се реализира согласно Законот за градење и Правилникот за начинот на обезбедување на непречен пристап, движење (хоризонтално и вертикално), престој и работа на жени и мажи со инвалидност до и во градби со јавни деловни намени, градби со намена домување во станбени згради, како и градби со станбено-деловна намена.

**7. Имплементација на проекти на Министерството за труд и социјална политика и Агенцијата за вработување (Програма „Општинско-корисна работа“, Програма за јавни работи)**

Општина Македонски Брод спроведуваат проект во рамки на програмата „Општинско-корисна работа“ (ОКР), која има за цел да овозможи социјално вклучување на невработени лица преку нивно ангажирање на определено скратено работно време заради стекнување на одредени вештини и постепено вклучување на пазар на труд. Програмата, исто така, има за цел преку обезбедување на услуги од социјални сфера да помогне на жените и мажите кои живеат на подрачјето на Општина Македонски Брод.

**8. Социјална заштита на стари и изнемоштени лица, преку социјалната услуга помош и нега во домот.**

Бројот на пензионери и пензионерки на територијата на Општина Македонски Брод е 1208 пензионери, но според најновите податоци од Здружението на пензионери бројката е поголема и изнесува 1400 пензионери и пензионерки. Пензионерите се организирани во здружение на пензионери во кое здружение функционира и клуб на пензионери. Здружението на пензионери реализира активности согласно нивната годишна програма.

Еден дел од пензионерите се организираат во Здружението на пензионери кое има свои простории во централното градско подрачје, каде се дружат, играат карти, шах и други друштвени игри. Други пак, се занимаваат со пчеларство или со обработка на своите градини. Меѓутоа има особено стари и изнемоштени лица кои се соочуваат со проблеми од изолираност, осаменост и немоќ за извршување на основните егзистенцијални активности. Затоа потребно би било креирање на социјални услуги кои би им го олесниле функционирањето и животот, односно унапредување и развивање на услугата помош и нега во домот.

**9. Организирање трибини за едукација против зависности и реализација на проект за превенција од болестите на зависност (Македонски Брод)**

Со спроведување на оваа активност се преземаат мерки за спречување на настанување социјални ризици, рано откривање и третман на жени и мажи кои злоупотребуваат други, други психотропни супстанции, прекусори и алкохол. Оваа активност ќе се спроведе со ЈУМЦСР од Македонски Брод со училиштата, здравствената установа, невладини организации и здруженија на граѓани и други физички и правни лица.

**5.ТАБЕЛАРЕН ПРЕГЛЕД НА АКТИВНОСТИ СО ФИНАНСИСКА КОНСТРУКЦИЈА**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Изградба на пристапни рампи во објекти од јавен интерес | 50.000 |
| 2. | Помош за стари и изнемоштени лица | 150.000 |
| 3. | Помош на социјално загрозените семејства<br>Помош на лица со здравствени проблеми | 200.000 |
| 4. | Помош на лица погодени од елементарни непогоди | 500.000 |
| 5 | Поддршка на Центарот за деца со посебни потреби | 100.000 |

| | | |
|---|---|---|
| **6.** | **Организирање на хуманитарна акција за финансиска и материјална помош на ранливите групи на население** | **30.000** |
| **7.** | **Организирање на трибини за едукација против зависности** | **20.000** |
| **8.** | **Еднократна помош за секое новородено дете** | **200.000** |
| **9.** | **Помош на небработени лица кои тешко се снаоѓаат на пазарот на трудот** | **150 000** |
| **9** | **Финансиска поддршка на НВО за реализација на проекти за социјално загрозени семејства и поединци** | **100.000** |
| | **ВКУПНО:** | **1.500 000** |

## 5.1. ИНДИКАТОРИ:

**- екпп за новорденче - број на новородени деца** На овој начин, освен што се помагаат семејствата со принови и се поттикнува наталитетот, Општината ќе може да добие и евиденција за новородени деца во општината на годишно ниво, со што ќе се утврди и дали постои тренд на пораст или опаѓање на бројот на новородени деца во општината;

**- екпп за социјално - ранливи категории жени и мажи** - мерење на задоволството на жените и мажите од конкретната мерка (самохрани мајки, самохрани татковци, жени и мажи во социјален ризик, болни жени и мажи, корисничи и корисници на ГМП, невработени жени и мажи, родители на деца со посебни потреби);

- **ОКР**- ублажување на последиците од економско - енергетската криза - намалување на бројката на невработени жени и мажи;

**- кампањи за превенција од користење дрога -** намален број на жени и мажи корисници на дрога и алкохол, број на лица кои побарале лечење од зависност.

**5.2. ФИНАНСИРАЊЕ:**

Финансирањето на активностите утврдени со оваа програма ќе биде обезбедено од проекти/донации и средства од Буџетот на Општина Македонски Брод.

Социјалната заштита во Општина Македонски Брод ќе се реализира во согласност со расположливите финансиски средства.

## 6. СЛЕДЕЊЕ И ИЗВЕСТУВАЊЕ:

Следењето од извршувањето на Програмата ќе се врши со подготовка на квартални извештаи, за кои одговорен ќе биде раководителот на одделението, а ќе ги подготвува во соработка со членовите на интерсекторската група и доставените податоци од релевантните институции.

Годишниот извештај ќе биде сумарен од кварталните ивештаи и ќе уследи на усвојување на Советот на општината и објавен во службени гласила. Покрај објавувањето во службените гласила, во соработка со ИТ службата ќе се промовираат мерките и резултатите на веб-страната и социјалните мрежи.

## 7. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Програмата за социјална заштита на Општина Македонски Брод за 2024 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“, а ќе се применува во текот на 2024 година.

**Бр. 18 - 873/12**
**30.11.2023 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

## ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина – Одделение за локален економски развој*







# *ПРОГРАМА ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА*

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 22 став 1 точка 3 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 3 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03 ... 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на 30.11.2023 година ја донесе следната,

**ПРОГРАМА ЗА<br>ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ<br>ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА**

## 1.ВОВЕД

Програмата за поддршка на локалниот економски развој и туризам се подготвува и усвојува врз основа на надлежностите на локалната самоуправа кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02), Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод бр.02/03), препораките на Европската Унија за забрзување на процесот на децентрализација и креирање на буџетите на единиците на локалната самоуправа, согласно начелата за транспарентност и отчетност во демократското општество.

При креирањето на програмата се внимаваше активностите да бидат родово сензитивни, односно да одговорат подеднакво на потребите и на мажите и на жените.

Одделението за ЛЕР во соработка со секторските одделенија за урбанизам, комунални дејности и животна средина, како и одделенијата релевантни за економскиот развој ќе се ангажира на подготовка на апликации и проектна документација за проекти од домашните и меѓународните фондови.

Фокусот на оваа програма ќе се стави на активности за изнаоѓање на финансиски средства за имплементирање на проекти во насока на подобрување на понудата на Македонски Брод како посакувана дестинација за разни видови на алтернативен туризам, развојот на локалната економија преку подобрување на општите услови за развој, подобрување на инфраструктурата и заложби за уредување, промоција и создавање на нови атрактивни содржини како и привлекување на инвеститори, изготвување на потребна техничка документација која е неопходна за аплицирање пред домашните и меѓународните финансиски фондови, содавање на поволности при инвестирање во однос на намалување на комуналните такси при изградба на нови погони во зависност од бројот на вработени, поддршка на мали и средни претпријатија за полесен пристап до инвестициски фондови и ажурирање на општинската веб страница за промотивна и информативна цел.

Реализацијата на оваа Програма ќе обезбеди континуиран одржлив развој на општината и во значителна мера ќе влијае врз подобрување на општинските услуги, како и врз подобрување на квалитетот на живот на локалното население.

Процесот на креирање на оваа програма е основан врз непосредното партиципирање на јавните институции, бизнис секторот и здруженијата на граѓани, преку

заедничките активности за да се овозможи достигнување на заедничката визија за создавање на услови за одржлив економски развој.

Носител на Програмата е Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина кој во соработка и координација со Градоначалникот ја изготви истата и тој ќе биде одговорен за реализацијата на програмските активности.

## 2. ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ

Секторот за комунални дејности, ЛЕР, урбанизам и заштита на животната средина преку одделението за ЛЕР, согласно своите надлежности и задолженија, а во насока на подобрување на економската клима и условите за локален развој, според претходно усвоените дефинирани стратешки цели и приоритети ја базира Програмата за локален развој и развој на туризмот за буџетската 2024 година.

- **ПЛАНИРАНИ АКТИВНОСТИ ЗА ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ:**

**ГА.ИЗГРАДБА НА КОМЕРЦИЈАЛНИ ОБЈЕКТИ**

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Изработка на проектна документација за доизградба на комуналната инфраструктура во индустриските зони во општината – Алкалоид и Барбарос и реализација на истата | 3.000.000,00 |
| | Вкупно: | 3.000.000,00 |

**Г1.ПОДДРШКА НА ЛОКАЛНИОТ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ**

| Ред.бр. | Активности | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Поддршка на промотивните манифестации „Фестивал на костенот“ и „Поречки фармер“ | 100 000,00 |
| 2. | Аплицирање со предлог проекти до АФПЗРР и БРР на РМ и други домашни и странски фондови | / |
| 3. | Мапирање на локации за иградба на пешачко рекреативни патекии, патеки за велосипедизам на целата територија на општината и изготвување на техничка документација за истите | 90. 000,00 |

| | | |
|---|---|---|
| **4.** | Изработка на проектна документација за проектот „Уредување на пешачка патека на локација викана „Водовод“ | **30 000,00** |
| **5.** | Изработка на проектна документација за проектот „Изградба и уредување на пешачка патека по должината на обиколницата која почнува од мостот на река Треска и завршува кај градските гробишта“ и реализација на истиот | **60 000,00 за документација,**<br><br>**а за реализација ќе се аплицира пред некој од домашните или странски фондови** |
| **6.** | Активна поддршка, соработка и учество со предлог проекти од регионален карактер во Центарот за развој на ЈЗПР | **До 15% од секој реализиран проект од страна на ЦРЈЗПР (согласно Законот за рамномерен регионален развој)** |
| **7.** | Активна соработка и поддршка на НВО, односно, здруженија на граѓани со цел заеднички настап пред домашни и странски фондови | **60.000,00** |
| **8.** | Изработка на е - инвестиционен водич за афирмирање на бизнис можностите во општината | **/** |
| **9.** | Активна соработка со бизнис секторот и развивање на можности за формирање јавни-приватни партнерства | / |
| **10.** | Локално учество за реализација на проекти со цел аплицирање пред домашни и меѓународни финансиски институции | **1.000.000,00** |
| **11.** | Поддршка на иновации и претприемништвото во општината | **/** |
| **12.** | Помош за обука на млади лица за стручна квалификација со цел да станат конкурентни на пазарот на труд или ќе се вклучат во служба на општинските локални институции (во соработка со АВРМ) | **60.000,00** |
| | **Вкупно:** | **3.400.000** |

**АКТИВНОСТИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ**

| **Ред.бр** | **Активности** | **Износ** |
|---|---|---|
| **1.** | Изработка на е - мапа со туристичките потенцијали на општината и подготовка и печатење на промотивен материјал | **60.000,00** |
| **2.** | Учество на туристички саеми со цел промовирање на традиционални и културни вредности на општината | **100.000,00** |
| **3.** | Учество во аплицирање по Програмата за прекугранична соработка со Република Грција во насока на развивање на спелеолошкиот туризам - Креирање на пакет туристичка понуда „Македонски Брод - Спелеолошки парк" во соработка со Агенцијата за поддршка и промиција на туризмот на РМ | / |
| **5.** | Изработка на студија за реставрација, афирмација и промоција на културните и историски знаменитости, локалитетот Девини кули и Костурницата кај село Манастирец во насока на развој на туризмот | **300.000,00** |
| **6.** | Изработка на проектна документација на проект за поврзување на локалитетот Пешна со локалитетот Девини кули | **300.000,00** |
| **7.** | Мапирање на атрактивни зони по течението на река Треска, изработка на техничка документација за нивно уредување во насока на равој на еко и риболовниот туризам | **50.000,00** |
| **8.** | Соработка со Средното општинско училиште „Св.Наум Охридски" со цел заедничи придонес во развивањето на можностите за развој на туризмот | / |
| | **Вкупно:** | **810.000,00** |

За буџетската 2024 година за реализација на наведените проекти од областа на локалниот економски развој и туризмот потребни се средства во висина од **7.210.000**

*Ноември, 2023 година*

денари, кои ќе бидат обезбедени дел буџетот на општината, согласно финансиските можности и од домашни или меѓународни финансиски институции.

Програмата за активностите на Општина Македонски Брод од областа на локалниот економски развој и туризмот во 2024 година ќе се имплементира преку Одделението за ЛЕР во соработка со Одделението за урбанизам, Одделението за комунални работи, Одделението за заштита на животната средина и другите релевантни фактори во општината.

**3.ДИНАМИКА НА РЕАЛИЗАЦИЈА**

Динамиката ќе се одвива согласно приходите на Буџетот на општината Македонски Брод во текот на календарската година и можностите кои ќе се создадат при објавување на јавни повици за финансиска поддршка од домашни и странски програми и фондови. Оваа програма во текот на календарската година може да се изменува и дополнува согласно барањата и потребите на граѓаните.

**4.ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 – 873/13**
**30.11.2023 година**
**Македонски Брод**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ИВИЦА АВРАМОСКИ, с.р.**

Врз основа на член 7 точка 3 од Законот за култура („Службен весник на РМ“ бр.59/03 - пречистен текст), член 22 став 1 точка 5 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

# ПРОГРАМА

## ЗА РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА И ОБРАЗОВАНИЕТО ВО ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

ВОВЕД

Појдовна основа за оваа Програма се Законот за основно образование и Законот за средно образование и ингеренциите кои произлегуваат од нив, односно во делот на создадените обврски кон општините да организираат и да обезбедат соодветни образовни услови, како и Законот за локална самоуправа, Статутот на општината и Законот за култура.

Со донесувањето на системските закони кои се однесуваат на локалната самоуправа, а во контекст на процесот на децентрализација, општините добиваат и надлежност која се однесува на задоволување на културните права и потреби на граѓаните, односно на жените и мажите, момчињата и девојчињата и формите за нивно задоволување, во насока на побогат, поразновиден, подинамичен и поквалитетен културен живот во општината.

Програмата се темели на начелата за еднаквост, недискриминација и почитување на човековите права.

ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Главна цел на Програмата во делот на образованието е

- да го стимулира напредокот во образовниот процес и да ги мотивира учениците да постигнуваат високи резултати во образованието, подобрување на квалитетот во образованието како и условите за работа. Општина Македонски Брод го штити правото на децата за еднаков пристап до квалитетно образование и гради еднакви услови за одвивање на наставниот процес, се стреми да креира отворена, иновативна и модерна средина за учење по мерка на детето во соработка со наставниците, родителите и учениците.

Во делот на областа за култура основната цел на програмата е:

- доближување на културата до сите граѓани,

- поддржување на проектите и установите кои се занимаваат со продукција и ширење на културни содржини и вредности кои ја засегаат како младата популација така и возрасните граѓани и промовирање и поддршка на нови идеи и проекти што ја афирмираат Општина Македонски Брод како развиен образовен, културен и спортски центар;

- Сочувување и афирмирање на материјално-духовното културно наследство на Општина Македонски Брод

Специфични цели на програмата на Општина Македонски Брод од областа на образованието и културата се:

- Планирање на развојот на образованието и културата

- Обезбедување активен однос на Советот на Општина Македонски Брод кон задоволување на потребите и интересите на граѓаните од областа на образованието

- Подобрување на условите за обавување на образовниот процес и создавање услови за развој на културата
- Стимулирање на креативното творештво и изразување на младите
- Унапредување на родовата еднаквост во културата и образованието

## II. АКТИВНОСТИ

Активностите на Општина Македонски Брод во областа на образованието и културата во 2024 година ќе бидат насочени кон поттикнување, поддржување и помагање за остварување на целите на оваа Програма.

Општина Македонски Брод во насока на остварување на горе наведените цели за тековната 2024 година планира да ги реализира следните активности и манифестации:

### 1.Во областа на образованието:

- Доделување на еднократен паричен надоместок во висина од 5.000,00 денари за помош на ученици кои ќе се запишат во прва година во средното општинско училиште „Св.Наум Охридски“

- Доделување на еднократен надоместок во форма на училишен прибор и помагала на секое запишано прваче на почетокот на учебната година

- Доделување на парична награда за учество и освоени награди на државни и меѓународни натпревари

- Поддршка на проекти кои ги спроведува СОУ „Св.Наум Охридски“ - М.Брод

**2..Во областа на културата:**

- Сочувување на континуитетот на одржувањето на традиционалните културно-уметнички манифестации со потврдени квалитети и присутен голем интерес на граѓаните;

- Реализирање на манифестации, програми и проекти со современи содржини кои квалитетно го збогатуваат спортот, образованието и културниот живот на општината;

- Помагање на манифестациите на младите со културни-уметнички,спортски и забавно-едукативни содржини;

- Претставување во општината, во Република Северна Македонија и странство на афирмирани уметници, ансамбли и институции, како и на млади творци и интерпретатори, во согласност со утврдени критериуми;

- Издавање публикации за историското наследство, културната традиција, современиот културен живот и уметничкото творештво во Општина Македонски Брод.

| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител активност |
|---|---|---|---|---|---|
| **Поддршка на културно-промотивни манифестации:**<br><br>**- Велигденски Кули;**<br><br>**- Поречки средби;**<br><br>**- Потписи на срцето**<br><br>**- Фестивал на костенот** | Задоволство на граѓаните<br><br>Број на гости<br><br>Број на учесници | Одржана манифестација<br><br>Промоција на општината<br><br>Негување на традицијата | 2024 | | Дом на култура<br><br>Општина Македонски Брод<br><br>Самостојни уметници |
| **Трансфери кон здруженија и институции за промоција на книжевно творештво и културното наследство** | Број на барања од здруженија, институции и поедици | Издадени книги, регистри за промоција на културно наследство и творештво | 2024 | | Општина Македонски Брод |
| | | | | | |

Општина Македонски Брод ќе спроведува активности и во други форми што можат да се видат од следната табела.

| | | |
|---|---|---|
| | **Одржување на постојните спомен обележја** | **20.000** |
| | **Поддршка и реализација на проекти од областа на културата** | **20.000** |
| | **Културно претставување на општината во и надвор од РСМ** | **60.000** |
| | **Поддршка на верскиот обичај – фрлање на крстот во склоп на православниот празник Водици и помош при санација на верски објекти** | **60.000** |
| | **Финансиска поддршка, афирмација и промоција на КУД „7-ми Септември“** | **30.000** |
| | **Доделување на 7-мо септемвриска награда на истакнати личности од Општина Македонски Брод во разни области** | **30.000** |
| | **ВКУПНО** | **220.000** |

**L0 И LA Поддршка на спортски активности**

| Ред.бр. | Активност | Износ |
|---|---|---|
| 1. | Турнири во спортски дисциплини | **150.000** |
| 2. | Поддршка и реализација на проекти од областа на спортот | **60.000** |
| 4. | Спортско претставување на општината во и надвор од РСМ | **70.000** |
| 5. | Уредување на спортското игралиште во с.Косово во училишниот двор | **50.000** |
| 6. | Поддршка на фудбалскиот клуб „Пролетер“ и ЖФК „Порече 2015“ | **60.000** |
| 7. | Реконструкција и доопремување на детските игралишта во Македонски Брод | **100. 000** |
| 8. | Реконструкција на трибините на градстиот стадион | **200.000** |
| 8. | Изградба на фитнес зона покрај градскиот стадион во Македонски Брод | **60.000** |
| 9. | Изградба на детско игралиште во с.Требино | **30 000** |
| 10. | Изработка на проектна документација за покривање и реконструкција на трибините на градскиот стадион | **20.000** |
| 11. | Изработка на проектна документација за изградба на фитнес зона покрај градскиот стадион | **20.000** |
| 12 | ВКУПНО | **820.000** |

Родови индикатори: - Вработените во училиштата и бројот на запишаните деца, разделени по пол, Родова застапеност во управните одбори во институциите и Советите на училиштата, број на вклучени уметници и уметнички во програмските активности на корисниците на буџетски средства; - број на вклучени женски и машки лица со попреченост во културните активности; - родово-разделена статистика за посетеност на настаните.

**3. Ф И Н А Н С И Р А Њ Е**

Активностите на Општина Македонски Брод од областа на културата, спортот и образованието, утврдени со оваа Програма, ќе се финансираат од средствата на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2024 година, средства од Буџетот на Република Северна Македонија, спонзорства и донации.

При реализација на Програмата, Општина Македонски Брод ќе ги поддржува организаторите на манифестациите и реализаторите на проектите при спроведувањето на нивните активности за обезбедување финансиски средства и друга помош од:

- Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година (преку надлежните министерства);
- Трговски друштва, јавни претпријатија, фондации и други правни и физички лица;
- Заинтересирани партнери за меѓусебна соработка во земјата и странство и други извори

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Совет на Општина Македонски Брод**

**Број. 18 - 873/14**
**30.11.2023 година**

**Претседател**

**Ивица Аврамоски, с.р.**

## *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



# ПРОГРАМА

## ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) член 14 став 1 и 2 од Законот за еднакви можности на мажите и жените („Службен весник на РМ“ бр.6/12, 166/14, 150/15), согласно член 21 став 44 и член 32-а од Сатутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе

# ПРОГРАМА

## ЗА ЕДНАКВИ МОЖНОСТИ НА МАЖИТЕ И ЖЕНИТЕ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 ГОДИНА

1. ВОВЕД

Врз основа на член 14 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, Општина Македонски Брод има обврска за воспоставување на еднаквите можности на жените и мажите во политичката, економската, социјалната, образовната, културната, здравствената, граѓанската и било која друга област од општествениот живот. Единиците на локалната самоуправа се должни во рамките на своите стратешки планови и буџети да го инкорпорираат принципот на еднакви можности на жените и мажите, да ги следат ефектите и влијанието на нивните програми врз жените и мажите. За остварување на оваа цел, општината согласно одредбите од член 14 од овој закон, а заради суштинска имплементација на целите, покрај другото, пожелно е да изработи годишна програма во која ќе бидат утврдени мерките за унапредување на еднаквите можности на жените и мажите. Локалната власт, може преку своите надлежности и преку координација со многубројни локални фактори, да презема конкретни акции унапредување на еднаквите можности и недескриминацијата, намалување на нееднаквостите и промовирање и градење на реална локална заедница и општество во кои еднаквоста ќе биде пракса. Нееднаквоста меѓу мажите и жените се јавуваат како резултат на размислувањата, ставовите и убедувањата, наметнати поради бројни стереотипи, присутни во рамките на семејството, образованието, културата, медиумите, работната средина, животната средина и организацијата на општеството.

Согласно член 4 од Законот за еднакви можности на жените и мажите https://www.mtsp.gov.mk/content/pdf/zakoni/2017/precisten%20tekst%202015%20na%20ZEM_nov.pdf во овој текст ќе се користат следните дефиниции:

Член 4 (1) Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:

ДЕФИНИЦИИ: Под жена се подразбира возрасно лице кое е родено со женски биолошки пол, додека под маж се подразбира возрасно лице кое е родено со машки биолошки пол, без разлика како тие се самоидентификуваат

1.Еднакви можности на жените и мажите е промовирање на начелото за воведување еднакво учество на жените и мажите во сите области од јавниот и приватниот сектор, еднаков статус и третман во остварувањето на сите права и во развојот на нивните

индивидуални потенцијали преку кои тие придонесуваат во општествениот развој, како и еднакви придобивки од резултатите произлезени од тој развој;

2.Еднаков третман е отсуство на директна или индиректна дискриминација врз основа на пол согласно со овој или друг закон;

8.Потполна еднаквост на жените и мажите се еднакви права, можности, услови и третман во сите сфери на јавниот и приватниот живот и отсуство на културни, социјални, економски и политички услови кои продуцираат нееднакви односи на моќ и нееднаква распределба на општествените добра помеѓу жените и мажите.

9.Еднаква застапеност е секоја процентуална застапеност на одреден пол која не е помала од процентот на застапеноста на тој пол во вкупната популација.

10.Вклучување на родовите перспективи во главните текови е интегрирање на родовата перспектива во секоја фаза на процесот на градење, донесување, спроведување, следење и евалуација на политики – притоа, имајќи го предвид промовирањето и унапредувањето на еднаквоста меѓу жените и мажите.

Оваа програма е во согласност и со целите на Национална стратегија за родова еднаквост 2022-2027, (Стратегија_за_родова_еднаквост_2022_2027.pdf (mtsp.gov.mk)
Стратегијата за родова еднаквост 2022-2027 утврдува три општи цели: 1) воспоставување на ефективен и ефикасен систем за унапредување на родовата еднаквост на централно и локално ниво, 2) подобрување на положбата на жените во сите области на јавниот и приватниот живот и 3) сузбивање на родовите стереотипи и градење на култура на ненасилство и недискриминација врз основа на пол, род и родов идентитет.

Податоци од општината

Според податоците од пописот на населението во 2021 година, на територијата на Општина Македонски Брод живее 5889 резистентно население. Во општината има 2111 домаќинства, 4093 станови. Според структурата по пол 48% се жени, а 52% се мажи.

Табела: Невработени лица во Општина Македонски Брод според Агенција за вработување на РСМ

| Општина | | Вкупно | | Без образование и основно образование | | Непотполно средно | | Завршено средно | | Вишо образование | | Високо образование | | Магистри | | Доктори на науки | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж | се | ж |
| Македонски Брод | актив | 782 | 394 | 305 | 165 | 126 | 52 | 298 | 150 | 7 | 1 | 45 | 26 | 1 | 0 | 0 | 0 |
| | пасив | 118 | 72 | 49 | 39 | 17 | 11 | 41 | 20 | 1 | 0 | 9 | 2 | 1 | 0 | 0 | 0 |

Поголем дел од активните баратели на работа без образование и основно образование, завршено средно и високо образование се жени, додека кај непотполно средно, вишо образование и магистри се мажи. Како последица на трендот на иселување, помалите места како Македонски Брод, остануваат без работна сила, бидејќи најчесто младите и образовани кадри го напуштаат местото на живеење

2. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Основните цели на активностите на Општина Македонски Брод, во областа на половата еднаквост, предвидени со оваа програма.

Унапредување на ~~половата родовата~~ еднаквост на локално ниво

- Ефективно учество на жените во институциите и донесувањето на одлуки (родово сензитивен пристап во креирање на јавни политики)
- родова еднаквост во областа на здравството
- родова еднаквост во областа на семејно и родово базирано насилство
- Прибирање на родово-разделени податоци и формирање на база на податоци

3.АКТИВНОСТИ

| | | Воведување на родов , односно родов пристап во креирање политики, унапредување на еднаквите можности за пристап и корист на програмите од страна на мажите и жените | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност | Индикатори | Резултати | Временска рамка | Буџет | Носител на активност | Забелешка / Опис на активноста |
| Обука за родова интеграција на вработените и членовите на Советот на Општина Макед.Брод | Број на жени и мажи што посетиле обука | Обучени жени и мажи | 2024 | Нема финансиски импликации | Интерсекторска група за родово одговорни политики | Преку обуки со вработените во општината и членовите на Совет |
| Ефективно учество на жените во институциите и донесувањето на | Бројот на жении учесници во одлучувачките тела и одлучувачки | Зголемен број на жени учесници во одучувачки тела и позиции | 2024 | / | КЕМ, Општина Македонски Брод | Препораки до институции за поголем број жени во институциите и на позиции каде се донесуваат одлуки. |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| одлуки(родов пристап во креирање на јавни политики) | позиции | | | | | |
| Кампања и работилници за важноста на репродуктивното здравје | Спроведена кампања одржана работилница, број на опфатени учесници разделени по пол | Зголемена свест за сопственото здравје | 2024 | 30 000 | КЕМ, координатор, зам.координатор | Со кого, каде, како?<br><br>Активноста ќе се спроведува со жени (како од рурални така од урбана средини) средношколци, преку организирање на работилници, настани и сл., во простории кои се достапни и прикладни. |
| Обуки за родово базирано насилство | Број на обуки , број на учесници на обуките разделени по пол | Зголемени капацитети за препознавање на семејно и родово базирано насилство | 2024 | 30 000 | КЕМ, координатор | Преку работилници, обуки со лица кои се засегнати |
| Прибирање на родово разделени податоци | родово-разделени податоци со:<br>- Број на жени/мажи вработени по позиции во училишта;<br>-број на жени/мажи вработени по позиции во општина;<br>-број на жени/мажи вработени по | Родово разделени податоци | 2024 | / | Координаторка за еднакви можности, Заменик координаторка за еднакви можности, КЕМ | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | позиции во јавно комунално претпријатие; - број на жени/мажи во управни одбори и слично. | | | | | |

Општина Македонски Брод ќе реализира и други форми на активности (одбележување на значајни настани на пример). Овие форми на активности ќе се реализираат согласно можностите на Општина Македонски Брод, во соработка со институциите на локално ниво и пошироко.

4.РЕАЛИЗАЦИЈА

Одговорни субјекти за имлементација на Програмата за еднакви можности  на жените и мажите во Општина Македонски Брод за 2024 година се пред се координаторката за еднакви можности, заменик координаторката за еднакви можности, поддржани од Комисијата за еднакви можности при Советот на Општина Македонски Брод.

Обврска и одговорност на администрацијата е да креираат, иницираат и организираат активности и проекти и да раководат со реализацијата на мерки кои ќе придонесат за унапредување на односите во оваа сфера. Одговорност на Комисијата за еднакви можности е да ги  разгледуваат од родов аспект сите одлуки, извештаи, идеи и политики на општината.

5.ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Градоначалникот на Општина Македонски Брод го следи реализирањето на оваа програма, покренува иницијативи, дава мислење и поднесува предлози во врска со остварувањето на нејзините цели и активности.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Совет на Општина Македонски Брод**

**Број. 18 - 873/15**
**30.11.2023 година**

**Претседател**

**Ивица Аврамоски, с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*




**П Р О Г Р А М А**

**за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2024 година**

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 12 од Законот за јавна чистота („Службен весник на РМ“ бр.111/08, 64/09, 88/10, 23/11, 53/11, 80/12….бр.31/16), член 22 точка 4 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А

**за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2024 година**

**I**.Вовед

Под поимот одржување на јавна чистота се подразбира чистење (метење и миење) на јавните површини и отворените простори на јавните објекти како и чистење на мраз во зимски услови.

Со оваа програма се утврдуваат работите за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2024 година и тоа:

- Вид и обем на работите што треба да се извршат, финансиските средства, временските рокови за извршување, динамиката, начинот на вршење на работите, одржувањето и обезбедувањето на јавни санитарни јазли и поставувањето на соодветни садови за фрлање на отпадоци на јавните површини и на отворените простори пред јавните објекти.

Одржувањето на јавната чистота е во зависност од**:**

- густина на населеност
- фрекфенција на луѓе и моторни возила
- степен на нечистотија
- степен на пречки (паркирани возила и друго)
- инфраструктурните сообраќајни услови
- делувањето на градежната оператива, која со своите возила се јавува како еден од најголемите загадувачи на јавните сообраќајни површини.

Одржувањето на јавната чистота ќе се состои од**:**

- Машинско и рачно метење и миење на улиците како и сите други јавни површини и отворени простори и јавни објекти наведени во Законот за јавна чистота,
- Празнење на уличните корпи за отпад кои ќе се постават во поширокото централно градско подрачје;
- Одржување на јавните површини во зимски услови.

## II.Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дежурни метачи.

Дежурните метачи ќе вршат рачно метење во поширокото централно градско подрачје, односно на:

- ул.”Маршал Тито” од погонот на поранешната фабрика за електроматеријали се´ до мостот на реката Треска,
- ул. “Партизанска”,
- тротоарите,
- плоштадот,
- патеката покрај кејот на реката Треска,

- спомен паркот и фонтаната како и празнење на уличните корпи за отпад и уличните пепељари и тоа од 7до15 часот пет дена во седмицата.

-Еднаш неделно на градскиот пазар (петок),

-Два пати неделно на детските и спортските игралишта.

-Одржување на фудбалскиот стадион по потреба

-Одржување на паркови и зелени површини

-Одржување на јавната чистота кај локалитетот Пешна по потреба

-Одржување на јавната чистота, урбаната опрема и обезбедување на услови за безбедно движење на посетителите по патеката кон пештерата Пешна – еднаш месечно

-Чистењето на одводните канали и сливниците за атмосферски води ќе се врши по потреба или еднаш месечно

- Одржување на јавната чистота на скалите кои водат до турбето

Исто така ќе се врши редовно одржување на чистотата на гробиштата во Македонски Брод и населените места и дополнително пред постојните верски празници.

Одржувањето на јавната чистота ќе го вршат дневните метачи.

Периферните делови на градот ќе се чистат периодично.

Миењето на улиците ќе се врши во летниот период и тоа во ноќните часови почнувајќи од месец Јуни па се до крајот на месец Септември. Интензитетот на миењето ќе биде еднаш месечно во поширокото централно градско подрачје и периодично во периферните делови на градот. За таа цел ќе биде ставена во употреба една цистерна.

Потоа ќе има периодично косење на банкини и тротоари на улиците во пролетниот и летниот период, кастрење на дрворедите еднаш годишно и периодично метење и подигање на отпадот на останатите улици и уништување на вегетацијата околу бетонските рабници како и на патеката покрај реката Треска.

ЈКП "Комунална хигиена" се задолжува да ги чисти и одржува безбедни за игра на децата, детските игралишта (сите три) два пати месечно.

Во зимскиот период, во услови на снег, дежурните метачи ќе работат на рачно чистење на снегот од тротоарите, пешачките патеки (покрај кејот и патеката што води до пештерата Пешна) и плоштадот како и ослободување на сливниците за нормално функционирање на атмосферската канализација.

Исто така ќе се врши посипување со индустриска сол, машински и рачно. Посипувањето со сол да се врши и пред главните влезови на јавните установи.

Чистењето на јавните објекти, дворните површини, колективни и индивидуални објекти, покрај редовното ќе се врши и вонредно со организирани акции два пати годишно и тоа еднаш напролет и еднаш наесен, со претходно известување. На тој начин на граѓаните и институциите во општината ќе им се овозможи да ги исчистат своите подруми и дворни места.

Чистењето на јавните површини после јавни манифестации,собири и други масовни собирања ќе се врши од страна на ЈКП по претходен договор со организаторот на истите.

Јавните површини кои по поројните врнежи се прекриени со наноси од песок и друг материјал ќе се чистат веднаш по престанувањето на врнежите и се со приоритет пред другите активности.

Во населените места Суводол, Девич, Манастирец, Требино и Самоков ќе се врши чистење на центарот и главната влезна улица два пати месечно.

### III.Поставување садови за отпад и јавни санитарни јазли

Согласно Законот за јавна чистота ќе се продолжи со поставување на улични корпи за отпад, почнувајќи од централното градско подрачје кон периферните делови на градот, особено на пофрекфентните места во градот (пред училиштата, кај детските игралишта, кај болницата и на сл.места)

Поставување на контејнери да се реализира и во следните населени места: Суводол, Девич, Манастирец, Требино, Самоков и кај туристичката населба Близанско, што значи дека има потреба од набавка на контејнери по селата заради одржување на јавната чистота. Да се определат места каде ќе се врши одлагање на отпадот кој ќе го собира еднаш месечно ЈКП „Комунална хигиена“.

Да се обезбедат и контејнери во кој ќе се врши селекција на отпад.

За одржување на јавната чистота меѓу другото да се изградат и јавни санитарни јазли, кои во моментот ги нема.

### IV.Чистење на диви депонии и поставување на табли за забрана на фрлање на отпад

Физичкиот обем на работите и локалитетите се одредува месечно, според согледувањата на терен, од страна на Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина. Исчистените диви депонии се потврдуваат со месечен преглед доставен од страна на Јавното комунално претпријатие, а се одобруваат од Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и животна средина.

### V.Финансиски средства

За успешно спроведување и реализација на предметнава програма и за успешно реализирање на програмски предвидените задачи и активности се предвидува да се обезбедат финансиски средства во износ од 2.500.000 денари во буџетот на Општина Македонски Брод.

### VI.Извршител на програмата

Општина Македонски Брод го задолжува ЈКП „Комунална хигиена” – Македонски Брод за извршување на активностите предвидени со оваа Програма.

ЈКП „Комунална хигиена“ Македонски Брод, се задолжува да изготви годишна програма за работа во која ќе бидат содржани вкупните површини, бројот на извршителите, ангажираната механизација, динамиката и степенот на услугата, како и финансиските показатели.

### VII.Надзор над извршување на програмата

Надзор над извршувањето на Програмата согласно Законот за јавна чистота врши надлежниот општински орган.

Инспекциски надзор над извршувањето на Програмата врши комуналниот инспектор и инспекторот за животна средина на Општина Македонски Брод.

**VIII.Завршна одредба**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Македонски Брод."

**Бр.18 – 873/16**
**30.11.2023 година**
**Македонски Брод**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

# ПРОГРАМА

## за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2024 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на 30.11.2023 година, донесе

**П Р О Г Р А М А**
**за одбележување годишнини на значајни настани и личности за 2024 година**

Тргнувајќи од историските традиции, културните и други збиднувања во Република Северна Македонија, а особено во Општина Македонски Брод, во 2023 година Општина Македонски Брод ќе се вклучи и во одредени случаи ќе биде и носител на одбележувањето на следните значајни настани и личности:

| Ред. бр. | датум | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|---|
| 1. | 6 јануари | Сеќавање на 103 поречани загинати на Бадник Положување цвеќе на спомен костурницата | 3 000 |
| | носител | Општина Македонски Брод | |
| 2. | 12 февруари | Посета на спомен – обележјето Барбарос-почит кон паднатите борци од февруарскиот поход и спомен обележјето на Слободан Пепоски-борец во НОБ | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Мак.Брод. СБ Кичево и СБ Гостивар | |
| 3. | 8 – ми Март | Меѓународен ден за правата на жената | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | Организација на жени на Општина Македонски Брод | |
| 4. | 24 – ти Мај | Ден на македонските просветители "Св.Кирил и Методиј" | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | ООУ „Св.Климент Охридски" | |
| 5. | 2 – ри Август | Одбележување на Илинден посета на спомен обележјето во М.Брод – Калето и спомен обележјето во с.Сланско – положување цвеќе | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | СБ Макед.Брод | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 6. | 25-ти Август | Одбележувањето на денот на формирањето на 15-та Поречка НОУБ во с.Брезница | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Макед.Брод | |
| 7. | 28 –ми Август | Одбележување на борбата во с.Здуње | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | Носител | СБ Македон.Брод и СБ Прилеп | |
| 8. | 7-ми Септември | Ослободување на Македонски Брод Организирање пригодна свеченост и посета на спомен обележјата | 10 000 |
| | Носител | Општина Македонски Брод и СБ Макед. Брод | |
| 9. | 8- ми Септември | Ден на самостојноста на Република Северна Македонија Организирање на свечено одбележување | 5 000 |
| | носител | Општина Македонски Брод | 3 000 |
| 10. | 23 –ти Септември | 109 години од загинувањето на Ѓурчин Наумов - Пљакот | |
| | | Положување на цвеќе | |
| | носител | Општина Македонски Брод | |
| 11. | 28 –ми Септември | Формирање на 48-та македонска дивизија на НОВ Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | 3 000 |
| | носител | СБ Макед.Брод | |
| 12. | 11-ти Октомври | Ден на востанието на Македонскиот народ Положување цвеќе на спомен обележјата | 3000 |
| | носител | Општина Македонски Брод и СБ Макед. Брод | |
| 13. | 28-ми Ноември | Положување цвеќе на местото Русјачки воденици - Спомен обележје на стреланите борци на Првата МКУБ | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | СБ Макед.Брод и СБ Прилеп | |
| 14. | 8-ми Декември | Денот на Св.Климент Организирање на свеченост | 3 000 |
| | | Општина Македонски Брод ќе се вклучи во активностите што ќе бидат организирани на општинско ниво | |
| | носител | ООУ „Св.Климент Охридски“ | |
| | | **ВКУПНО:** | **51 000ден.** |

**ЗАВРШНА ОДРЕДБА**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 – 873/17**
**30.11.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**ПРЕТСЕДАТЕЛ,**
**ИВИЦА АВРАМОСКИ, с.р.**

# *ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



# **П Р О Г Р А М А**

**за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорно сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2024 година**

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 27 и 28 од Законот за заштита и благосостојба на животните („Службен весник на Република Македонија“ бр.149/14, 149/15, 53/16 и 65/2023), член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на општина Македонски Борд, на 29 - та седница одржана на 30.11.2023 година, донесе

# П Р О Г Р А М А
## за заштита и благосостојба на животните преку потикнување на одговорно сопственишто и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината за 2024 година

### 1. Вовед

Сограсно Законот за заштита и благосостојба на животните, општината во соработка со здруженијата за заштита на животните можат да поттикнува одговорно сопственишто и да донесат програми кои ги поттикнуваат сопствениците соодветно да се грижат за своите миленици, да ги кастрираат, односно ојаловат и ја подигнуваат јавната свест во однос на важечките прописи кои се однесуваат на домашните миленици.

При креирањето на оваа програма особено беше земен во предвид родовиот аспект со оглед на тоа дека ова е посебно сензитивна проблематика, кога се во прашање децата и жените.

Во надлежност на општината е да врши собирање на бездомните кучиња, односно нерегистрирани кучиња и регистрирани кучиња доколку ги затеке на јавни површини без присуство на сопственикот и привремено да ги смести во соодветен објект - прифатилиште.

Прифатилиштето за бездомни кучиња и нерегистрирани кучиња треба да биде изградено на место каде не ја нарушува работата на постоечките објекти и да не ја загадува околината.

Прифатилиштето треба да бидат изградено најмалку на 500 метри оддалеченост од населено место, а доколку оддалеченоста е помала од 500 метри, треба да биде заградено со цврста ограда која треба да биде доволно висока за прифатилиштето да биде визуелно изолирано од околината. Прифатилиштето треба да биде изградени на цврсто и оцедно тло, каде нивото на подземни води не е високо и надвор од подрачја кои се подложни на поплави и на лизгање на земјиштето.

Кругот на прифатилиштето треба да биде заграден со ограда која треба да е конструирана на начин што спречува влез и излез на животни, да е пространо, да осигура функционална поврзаност на објектите, а сите површини кои не се асфалтирани или бетонирани треба да бидат со уредно одржувано зеленило. Прифатилиштето треба да е снабдено со вода за пиење, од јавен водовод или од сопствени извори. Здравствената исправност на водата од сопствени извори треба да се контролира согласно прописите од областа на здравствена исправност на водата за пиење најмалку два пати годишно, а по потреба и повеќе пати. Објектите во прифатилиштето треба да имаат систем за прифаќање на отпадните води, при што атмосферските води да може да се влеваат во канализација или природен реципиент без прочистување.

Прифатилиштето треба да има одводна канализациона мрежа или септичка јама. Подовите, ѕидовите и кровот на просториите во кои се сместени животните треба да бидат изградени од непропустлив материјал кој лесно се чисти и дезинфицира, отпорен на влага,

ерозија и механичко оштетување и одржувани да обезбедат заштита од влијанието на неповолните временски услови.

Во просториите каде престојуваат животните треба да има доволно дневна светлина. На влезот во објектите во прифатилиштето треба да биде поставена натписна плоча на која ќе бидат напишани називот на прифатилиштето, адресата, телефонските броеви, електронска пошта и работното време, како и телефонскиот број на дежурното лице.

**2. Активности**

Потикнување на одговорното сопственништво со цел заштита и благосостојба на животните ќе се спроведе преку запознавање на сопствениците на кучиња на нивните законски обврска и должност:
- да ги пријават своите кучиња еднаш годишно во ветеринарните амбуланти, клиники и болници кои се овластени за спроведување на ветеринарно здравствена заштита од јавен интерес во нивното место на постојан престој;
- на влезната врата во дворот на видливо место да постават табла со која недвосмислено се укажува на присуство на куче, без разлика дали кучето или кучињата чиј е сопственик се опасни или не;
- кучињата кога ги шетаат на јавно место да ги врзат на поводник освен кога се на јавни места каде е дозволено кучињата слободно да се движат во придружба на нивните сопственици, исклучок се ловечките кучиња за време на лов и овчарски кучиња кои придружуваат стадо истите не треба да бидат врзани на поводник.

Решавањето на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на општината ќе се спроведе преку следните активности за хумано третирање.

Решавањето на проблемот со бездомни кучиња пред се треба да биде поставено на регионално ниво со оглед на критериумите и условите што се поставени во Правилникот за постапките за заловување, интервенции и третман на бездомните кучиња, начинот и содржината на податоците за водење евиденција и начинот на вршење на надзор, условите за одобрување на прифатилиштата, формата и содржината на барањето за одобрување, како и формата и содржината и начинот на водење на регистарот на одобрени прифатилишта. („Службен весник на РМ” бр.44/21).

Се додека на се формира регионален центар прифатилиште за кучиња, согласно сопствените можности за решавање на проблемот со бездомните кучиња општината ќе ангажира правен субјект кој во нејзино име и сметка ќе ги извршува активностите кои произлегувааат од Законот за заштита и благосостојба на животните како и другите подзаконски акти и тоа:

**-заловување на кучињата** е неопходно да се врши од страна на обучен тим, кој пред самото заловување ќе разработи соодветна тактика за пристап и техника на
заловување на кучињата на места кои нема да претставува опасност за кучињата, граѓаните кои би се нашле во близина и околниот сообраќај.
Техниката која ќе се одбере за заловување на кучињата зависи од местото на заловување, социјализацијата на кучето со луѓето и од самиот карактер на кучето.
Избраниот правен субјект треба веднаш да ги заловат кучињата за кои е пријавено дека каснале човек и веднаш да го известат надлежниот официјален ветеринар.
Кучињата се сместуваат во просториите за изолација-карантин.

**-евиденција при заловување**: добри евиденциони постапки претставуваат еден од основните елементи за адекватно функционирање на стационарите за бездомни кучиња. Евиденцијата при

заловување треба да содржи повеќе информации како што се време и датум на заловување, место каде е заловено, опис на кучето, лице кои го заловило и начин на заловување.
При заловувањето, треба веднаш да се евидентира датумот на заловување и точната локација на заловување на кучето и податоците да се внесат во Информативниот систем на Агенцијата за храна и ветеринарство од страна на избраниот правен субјект. Овие податоци секогаш треба да се надополнуваат кога животните се сместени во стационарот.

-**транспорт до прифатилиште**, оптимални услови за транспорт се спроведуваат преку обезбедување на соодветно возило за транспорт на кучиња по нивното заловување. Добро дизајнирано возило дава поголема безбедност за заловувачите при внесувањето и изнесувањето на кучињата. Заловените кучиња треба во најкраток временски рок да се донесат во стационарот, а притоа во возилото треба да бидат заштитени од временски услови и од ситуации кои можат да го зголемат нивниот стрес и агресивност. Возилото треба редовно да се чисти и дезинфицира бидејќи претставува можен извор на зарази.

-**прием и преглед од доктор по ветеринарна медицина**, евиденција при прием секогаш треба да се спроведе во присуство на ветеринарен доктор, кој треба да ја дополни со податоци кои се однесуваат на кондиција на животното, надворешни знаци и карактеристики, евентуални клинички знаци на заболување или повреди. Секако дека основните идентификациони податоци за секое животно претставуваат дел од евиденцијата при приемот;

-**лабараториско испитување** на заразни болести согласно прописите од областа на ветеринарното законодавство, вклучувајќи испитување од болеста лајшманиоза,
Испитувањето на лајшманиоза може да го вршат ветеринарните друштва со неакредитрани методи, но во случај на позитивен резултат потребно е да се направи повторно испитување во лабораторија за потврда на болеста со акредитиран метод. Во случај на позитивен резултат надлежното ветеринарно друштво треба да го информира сопственикот за ризиците и последиците од чување на куче заболено од лајшманиоза.

Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, потребно е кучето повторно да се тестира со молекуларен метод или да се следи и повторно да се тестира по три месеци. Сопственикот на кучето треба да потпише Изјава за чување на куче кое е заболено од лајшманиоза,

Доколку не постои можност за лечење, позитивните кучиња кои имаат сопственик треба да се еутаназираат. Кучињата со сопственик кои се позитивни на лајшманиоза треба да се третираат против екто паразити и да се лекуваат под официјален надзор. Официјалниот надзор вклучува: - достава на месечен извештај за спроведената терапија од надлежното ветеринарно друштво до официјалниот ветеринар и контрола на лице место (он- спот контрола) доколку официјален ветеринар смета дека е потребно. Трошоците за лабораториските испитувања, лекување и еутаназија се на товар на сопствениците на кучиња.

Тестирањето на бездомните кучиња се прави пред да се извршат другите превентивни мерки (вакцинација, дехелминтизација и стерилизација).

Во случај на сомнителен резултат со акредитиран метод, кучето треба повторно да се тестира со молекуларен метод. Бездомните кучиња кои се позитивни на лајшманиоза треба да се еутаназираат веднаш. Трошоците за превентивните мерки (вакцинација, дехелминтизација, стерилизација, идентификација и регистрација и еутаназија) на бездомните кучиња во целост се на товар на општината.

**-ветеринарно медицински третман на кучињата**, **постоперативно сместување и нега**, **вакцинација и дехелментација**,

**-обележување со микрочип,**

**-враќање на заловените кучиња** на реонот на нивно заловување или вдомување.
Кучињата кои се враќаат во реонот на заловување треба да се стерилизирани, вакцинирани против беснило, дехелминтизирани со средство кое е регистрирано во Агенцијата за храна и ветеринарство и кое согласно упатството на производителот, делува против ехинококозата, да не се опасни кучиња и да се идентификувани со микрочип согласно Правилникот за идентификација и регистрација на домашните миленици и дополнително видливо да се обележат со ушна маркица.

**-еутаназија на кучињата** согласно прописите од обласа на ветеринарното здравство,

Кучињата кои се опасни согласно членовите 30 и 32 од Законот за заштита и благосостојба на животните и не можат да бидат вратени на реонот на заловување, можат да бидат еутаназирани.
**- едукација и подигнување на јавната свест кај населението.**

**3.Престој во прифатилиште, ветеринарно-медицински третман и понатамошно постапување со третираните кучиња**

Заловените кучиња се транспортираат до прифатилиште, кое е регистрирано и има одобрување од Агенцијата за храна и ветеринарство на Република Македонија.

**Спецификација и нормативи за објектите**
Организација на просторот: секој објект за сместување на кучиња треба да ги исполнува условите за благосотојба на животните, согласно националната легислатива и меѓународните стандарди.

Целокупната организација на просторот во објектот треба да биде соодветен за потребите на околината во која егзистира но воедно да ги исполнува минималните пропишани стандарди.

Кучињата се сместуваат во просториите за прием во кои се врши набљудување на кучињата од страна на докторот по ветеринарна медицина кој врши преглед на заловените кучиња и ги спроведува сите мерки согласно закон и тој одредува кои од нив ги исполнуваат критериумите за еутаназија.

Еутаназијата се врши во согласност со важечките законски прописи и наредби кога животното е заболено од заразна или паразитска болест која може да се пренесе на други животни или луѓето, животното е заболено од други болести кај кои лечењето е долго и со несигурна прогноза, тешко повредени животни животни кои видливо страдаат или стари изнемоштени животни, кога кучињата преставуваат опасност кон луѓето или другите животни и кога кучињата поминале минимум временски период потребен за исцрпување на можноста за вдомување.

Медицински третман на здрави кучиња се врши на следниот начин:

Сите клинички здрави животни се транспортираат до ветеринарно друштво кое еодобрено од Агенцијата за храна и ветеринарство за ветеринарно-медицински третман на бездомните кучиња од прифатилиштето за што треба да се поседува валиден склучен договор, односно, во посебен дел за оперативно и болничко лекување во прифатилиштето доколку го поседува.

Сите животни кои по мислење на ветеринарен доктор ги исполнуваат критериумите за операција се оперираат-стерилизирааат. По завршената операција и пост оперативно опоравување животните се враќаат назад во прифатилиштето, односно во делот за престој во прифатилиштето каде се врши нивно редовно хранење и постојан надзор од страна на обучени лица. Прифатилиштето се одржува согласно санитарно-хигиенските прописи: боксовите во прифатилиштето редовно се чистат, се врши дезинфекција и дезинсекција, а по потреба и соодветна дератизација на целиот простор.

Изведувачот на Програмата е должен да склучи договор со овластен оператор за нештетно отстранување на лешеви и нус производи од животинско потекло, во специјално изградена гробна јама на соодветна комунална депонија, а исто така ќе ги собира и транспортира фекалиите/отпадот од прифатилиштето.

Непосредно при напуштање на прифатилиштето кучињата се вакцинираат против болеста беснило и се третираат со средство против ендопаразити и ектопаразити. Третираните кучињатаи обележани со микрочип се враќаат на реонот на заловување или се вдомуваат, а вдомените се регистрираат во ветеринарно информативен систем. Приоритет ќе се дава на вдомување на животните.

Во случај кога куче ќе нападне човек или животно истото треба да се пријави до општината за да се изврши проценка на околностите под кои се случил нападот и да се спроведува тест на социјализација за утврдување на агресивност на кучето од страна на избраниот правен субјект со овластување од страна на Агенцијата за храна и ветеринарство.

Со тестот за социјализација на посоченото куче од страна на пријавителот се проценува дали нападот бил испровоциран или кучето е агресивно.

Тестот за социјализација за утврдување на агресивноста на кучето се прави според Правилникот за начинот на спроведување на тестот за социјализација на куче („Службен весник на РМ” бр 44/21).

**4. Проценка и Финасирање**

Според проценките на територија на Општина Македонски Брод има околу 30 кучиња скитници. Трошоците за заловување и третман односно ветеринарна здравствена заштита се на товар на сопствениците на кучиња, а во случај на бездомни кучиња истите се на товар на буџетот на општината. Висината на надоместоците се определени согласно Одлуката за висината на надоместоците за заштита и благосостојба на животните како и начинот на нивната наплата („Службен весник на РМ” бр 112/18).

Активностите утврдени со оваа програма ќе се реализираат во 2024 година и истите се финансиска обврска на Општина Македонски Брод.

Расходите предвидени за реализација на Програмата ќе се планираат на расходно конта 425510 ветеринарни услуги на износ од **150.000** денари.

**5. Известување**

Известување и информирање на граѓаните ќе се врши преку соопштенија истакнати на јавни места, веб страната на општината, соработка на општината со локалните надлежни органи: полиција, противпожарна служба, здравствен центар, за точниот термин на акциите и начинот на изведување на третманот.

**6. Мониторинг**

Заловување ќе се врши на цела територија за која е надлежна општината, а по претходно издаден налог од страна на градоначалникот. Движењето на бездомните кучињата ќе биде следено од страна на лица овластени од градоначалникот, а локациите треба да бидат посочени пред избраниот правен субјект. Заловување ќе се прави и по пријава на населението со посочување на локацијата.

Избраниот правен субјект по добивање налог за постапување потребно е да пристапи кон заловување согласно посочените локации.

За датумот и времето на заловување од страна на избраниот правен субјект навремено треба да биде известена општината како би се овозможило присуство и увид во постапката на овластените лица за што истите треба да формираат доказна документација поткрепена со фотографии.

За датумот и времето на враќање на кучињата во реонот на заловување носителот на набавката да го извести договорниот орган и даде разумен рок како би се обезбедило присуство и увид во постапката на овластени лица од општината за што истите треба да формираат доказна документација поткрепена со фотографии.

По комплетирање на евиденцијата согласно важечките законски прописи од страна на избраниот правен субјект и документацијата од овластените лица од општината при заловување и враќање на заловените кучиња потребна да се изврши теренски надзор на сработеното.

Инспекциски надзор над спроведувањето на работите од страна на економскиот оператор врши Одделението за инспекциски надзор.

Надзор на извршување на програмата врши Одделението за комунални дејности.

**7. Завршни одредби**

Во случај на потреба од активности кои не се предвидени со истата, ќе се донесат измени и дополнувања.

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

По усвојување на програмата од страна на Советот на Општина Македонски Брод ќе спроведе постапка за избор на економски оператор за собирање и третирање на кучиња скитници.

**Бр. 18 - 873/18**
**30.11.2023 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина*




# ПРОГРАМА

## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ ЗА 2024 ГОДИНА

*Ноември 2023 година*

*- Одделение за заштита на животната средина-*

Согласно член 22 точка 4 и член 36 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22) и член 21 од Законот за управување со отпад („Службен весник на РСМ” бр.216/21), Советот на Општина Македонски Брод, на 29 - та седница одржана на 30.11.2023 година, донесе

# ПРОГРАМА
## ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАД НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ ЗА 2024 ГОДИНА

**1.Вовед**

Градоначалникот на општината во согласност со Планот за управување со отпад за период 2020 – 2025 година бр.18-893/20 од 29.11.2019 година се грижи за отпадот што се создава од домаќинствата, како и друг отпад кој се создава во комерцијалниот и индустрискиот сектор кој поради неговите карактеристики, состав и количина е сличен со отпадот од домаќинствата (комуналниот отпад), јавната чистота и собирање и расчистување на напуштениот отпад, предлага и донесува акти со кои ќе го регулира спречувањето, намалувањето, селектирањето, собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад и комерцијалниот отпад, како и презема мерки за реализација на донесените акти.

Обврска на градоначалникот е да соработува со градоначалниците од другите општини заради воспоставување и функционирање на регионалниот систем за управување со отпад, а во врска со управувањето со комуналниот и со комерцијалниот отпад.

**2.Начин на постапување и управување со отпадот**

Носител на дејноста за постапување со отпадот на територија на Општина Македонски Брод е ЈКП „Комунална хигиена”. Домаќинствата, правните субјекти и носителот на дејноста за управувањето со отпадот мора да се однесуваат со должно внимание и на начин со кој се избегнува:

1) загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето;
2) загадување на медиумите на животната средина (водата, воздухот и почвата);
3) создавање бучава, непријатна миризба или зголемување на бројот на птици, инсекти и штетници;
4) уништување на природните услови за живот на животните и на растенијата;
5) уништување на заштитеното природно и културно наследство
6) нагрдување и неуреденост на објектите и просторот во урбаните зони и во подрачјата надвор од урбаните зони
7) горење или согорување на отпад на локации кои не се наменети за таа цел, како и користење на уреди и инсталации за кои не е издадена соодветна дозвола согласно закон или во кои горењето или согорувањето на отпадот може да ја загрози животната средина, животот и здравјето на луѓето

8) оставање, фрлање и напуштање на отпадот на локации кои не се утврдени за таа намена

**3. Управување со отпадот што се наоѓа на имот во приватна сопственост**

Управувањето со отпадот што се наоѓа на приватен имот, а кој може да предизвика штета врз животната средина или здравјето на луѓето, е обврска на сопственикот или корисникот на имотот.

Доколку сопственикот или корисникот на имотот на кој се наоѓа отпадот не го отстрани или одбие да го отстрани отпадот истиот ќе го отстрани давателот на услугата, односно овластено лице за собирање и транспортирање на отпад на трошок на сопственикот или корисникот на имотот.

**4. Обезбедување на примената на принципот на универзалност на услугата на локално ниво**

Собирањето и транспортирањето на комуналниот отпад, обезбедувањето на селекција на посебните текови на отпад, собирањето на напуштениот отпад, како и ракувањето и одржувањето на садовите за селекција и собирање на комунален отпад, собирните места и собирните центри, како и организирање на интегрираниот систем за управување со отпад на подрачјето на општината и од изолираните населби претставуваат јавни услуги од локално значење кои се спроведуваат согласно со принципот на универзалност на услугата. ЈКП „Комунална хигиена" има обврска да се грижи за непречено движење на отпадот заради негово депонирање и третман од територијата на општината но притоа да воспоставува и финансиска самоодржливост.

Универзален и достапен систем за обезбедување на услугите за собирање на отпадот со квалитет кој ги задоволува минималните услови за управување со отпад и финсиската самоодржливост на истата е обвраска на раководството на јавното претпријатие и општината и истата се постигнува со нивно посветено и одговорно работење но и навремено подмирување на обврските од страна на домаќинствата и правните субјекти .

Универзалноста на услугите кои се однесуваат на управувањето со отпадот треба да биде обезбедена преку: 1) недискриминација; 2) одржливост на услугата; 3) квалитет и ефикасност; 4) транспарентност; 5) економски прифатлива цена која не го надминува прагот на достапност, односно можност на населението да ги плати услугите за управување со отпад и 6) целосно покривање на подрачјето на кое давателот ја извршува јавната услуга за управување со отпад, а вклучително и изолираните населби.

**5. Хиерархија при управувањето со отпадот**

Заради постигнување на целите на заштита на животната средина и здравјето на луѓето при развојот на политиките за управување со отпадот, се применува хиерархија при управување со отпадот и тоа по следниот редослед и приоритет: спречување на создавање на отпад, подготовка на отпадот за повторна употреба, рециклирање на отпадот, други типови на преработка на отпадот, вклучувајќи ја преработката заради добивање на енергија и отстранување на отпадот.

Единиците на локална самоуправа и други лица кои вршат дејности и активности за заштита на животната средина заради почитување на хиерархијата при управување со отпадот се должни да преземаат мерки со кои ќе се овозможи постигнување на најдобри резултати за животната средина согласно со начелата за заштита на животната средина, начелото на претпазливост и начелото на одржливост, притоа водејќи сметка за заштита на ресурсите, техничката изводливост и економската одржливост, како и влијанието врз здравјето на луѓето, економските и социјалните политики и еднаквите можности на мажите и жените.

**6. Процена на видот и количеството на различните видови отпад**

Врз основа на Планот за управување со отпад, на територијата на општина Македонски Брод за период 2024 година Јануари-Декември се очекува да се создадат околу 1065 тони комунален отпад. Од генерираниот отпад се очекува истиот да биде организирано собран, транспортиран и одложен на привремената депонија „Барбарас “, во непосредна близина на градот Македонски Брод.

**Табела бр.1**

| **Вид на отпад** | **Количина (т)** |
|---|---|
| Измешан комунален отпад | 946.451 |
| Биоразградлив отпад | 53.200 |
| Мил од преработка | 7.200 |
| Остатоци од сита и гребла | 5.400 |
| Отпад од пескофрлач | 12.000 |
| Смеси од посебни фракции | 40.000 |

**7.Мерки / активности за реализација на барањата на Планот за управување со отпад**

- Селекција на отпадот, повторно користење и рециклирање;
- Компостирање на биоразградливиот отпад;
- Се препорачува да се спроведе јавна кампања за домашното компостирање.
- Се промовира модел на компостирање.

*Ноември 2023 година*

*- Одделение за заштита на животната средина-*

**8. Начин на работа на јавното претпријатие за отстранување на отпадот**

ЈКП „Комунална хигиена“ треба да изработи годишна оперативна програма која што е поврзана со годишната програма на Општина Македонски Брод. Доследно спроведување и следење на имплементација на условите дадени во оперативен план за постојна депонија (Барбарас), се до моментот на воспоставување на регионално управување со отпадот, каде што ќе се почитуваат процедурите за добивање на интегрирана еколошка дозвола за регионална санитарна депонија.

Воведување на катастар на загадувачи (отпад како загадувач) каде што сите оние индустриски капацитети кои создаваат отпад ќе бидат евидентирани и врз основа на годишните количини на создаден отпад ќе бидат обврзани да доставуваат годишни програми за сопственото управување со отпад.

**9. Мерки и активности за намалување на количеството на депониран отпад во постојната депонијата - Барбарос**

**Преработка на отпадот**: Отпадот што содржи употребливи материи треба да се преработи, доколку е возможно натамошно искористување на неговите состојки и ако постојат соодветни технички и технолошки услови за тоа. Преработката на отпадот мора да се врши без примена на процеси или методи кои ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето.

**Складирање на отпадот**: Отпадот што може повторно да биде употребен, преработен или искористен како извор на енергија, може да се складира на посебни места предвидени за таа намена, доколку складирањето нема да предизвикува опасност по животната средина, животот и здравјето на луѓето. Отпадот се складира на места кои се технички опремени за привремено складирање на отпадот, на локации на создавачот на отпадот, во местата за собирање, и други локации за собирање кои ги исполнуваат условите согласно закон.

**Повторна употреба и рециклирање**: Заради постигнување на високо ниво на користење на ресурсите и поттикнување на економски развој, правните и физичките лица треба да преземаат мерки и активности во насока на постигнување на повторната употреба и рециклирање на отпадните материјали особено хартијата, металот, пластиката и стаклото.

Активности за поттикнување на компостирањето на биоразградливиот отпад. За прифаќање и примена на концептот за искористување на биоразградливиот отпад, општината ќе спроведе јавна кампања за подигање на јавната свест како и едукации на неселението.

**10. Начините за едукација и за подигање на јавната свест на граѓаните во врска со управувањето на отпадот**

Подигање на јавна свест, која ќе содржи елементи на информирање на населението и едукација за соодветно управување со отпадот. Посебно внимание за

едукација ќе се посвети на децата од предучилишна возраст како и учениците од основно и средно образование преку настани со активно влкучување на истите од планирање до реализација.

## 11. Начинот на функционирање на интегрираната мрежа за преработка и за отстранување на отпадот

Континуирана набавка на метални и пластични контењери за собирање на отпад како и одржување и поправка на веќе постоечките во насока на подобрување на јавната чистота и подобро управување со отпадот.

Важен фактор во кавлитетот на услугата е нивна правилна лоцираност. Потребно е истите да бидат ставени на располагање на подрачјата каде навистина постои најголем притисок по животната средина.

Набавената опрема преку Проектот за подобрување на општинските услуги доделена е на ЈКП „Комунална хигиена” за извршување на нивните работни обврски на ниво кое граѓаните од општината го очекуваат. Истите треба редовно и квалитетно да ги одржуваат, рационално и домаќински да се користат со цел да се постигне задоволително ниво на услугата со најмали тошоци. Контењерите со кои располагаат (пластични и метални) правилно да ги распределат на територија на општината за депонирање на комунален отпад од страна на граѓаните и правните субјекти. Да се направи проверка од страна на ЈКП „Комунална хигиена” дали постоечкиот распоред на контењерите за отпад е согласно потребите и оптеретеноста на просторот кој го опслужуваат. Да не се јавуват ситуации некои контењери во централното подрачје каде фрекфенцијата е најголема се преполнуваат и граѓаните се доведени во ситуација да немаат простор за депонирање на отпад, а на некои локации контењерите остануваат празни и не се во функција. ЈКП „Комунална хигиена” да изработи Распоред за собирање на комунален отпад по улици и населени места и населението на општината да се запознае со истиот односно јавно да се објави. Доколку настане промена на распредот на активностите за собирање на отпад благовремено населението да биде информирано.

Домаќинското користење и одржување на постоечката но и новата опрема и средства за работа треба да биде приоритет кон кој ќе се стремат вработените во ЈКП „Комунална хигиена”.

## 12. Реализација на мониторингот и на информативниот систем во областа на управувањето со отпадот

Мониторинот на состојбите со отпадот ќе се реализира преку база на податоци која што ќе ја оформи ЈКП во соработка со општината. Достапност до базата на податоци ќе имаат надлежните вработени од ЈКП и Секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животна средина во општината.

Мониторингот за 2024 година ќе се спроведе со пополнување на обрасците за идентификација и транспорт на отпад, како и со изготвување на годишните извештаи за управувањето со отпадот.

## 13. Други мерки од важност за реализација на Планот за управување со отпад

Инвентаризација на бројот на дивите депонии, приближно определување на количините на депониран материјал, како и видот на депониран материјал. Расчистување на депониите и нивна рекултивација.

Вклучување на општината во акцијата „Генералка викенд" заедно со јавните претпријатија, установи и заинтересираната јавност со цел расчистување на депонониите но и едукација на децата за потребата од правилно одлагање на отпадот и негова селекција.

**Табела 2 - Активности за 2024 година за управување со отпад**

| Активност | финансиски средства |
|---|---|
| 1.Јакнење на оперативните капацитети:<br>- Јакнење на капацитетите на ЈКП и Општина Македонски Брод<br>- Нова организациона поставеност во ЈКП и подобрување на ефикасноста во делот на отпад<br>- Зголемување на капацитетите во Општина Македонски Брод за следење на проблемите во делот на животната средина | 20 000 |
| 2.Уредување на постојната депонија (постигнување стандарди за технички минимум) | 50 000 |
| 3.Изработка на општински катастар на загадувачи | 10 000 |
| 5.Воведување на систем за селектирање и собирање на отпад<br>- Припремни работи за воведување на системот (набавка на садови за оваа намена)<br>- Прибирање на иницијативи за можни локации за складирање на собраниот селектиран отпад. | 100.000 |

| | |
|---|---|
| 6.Управување со биоразградливиот отпад<br>- Изработка на студија и проектна документација | 30 000 |
| 7.Мониторинг на управување со отпад<br>-Изработка на база на податоци<br>-предлог мерки за решавање на проблемот со дивите депонии | 10.000 |
| 8.Мерки за подигање на јавната свест | 10 000 |
| 9.Оградување на депонијата | 150.000 |
| Вкупно: | 380.000 |

**14.Преодни и завршни одредби**

Надлежен за реализација на оваа програма е Градоначалникот на Општина Македонски Брод и ЈКП „Комунална хигиена". Програмата може да претрпи измени и дополни.

Програмата за управување со отпад за 2024 година влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

**Бр. 18 - 873/19**
**30.11.2023 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

*Ноември 2023 година*
*- Одделение за заштита на животната средина-*

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



# П Р О Г Р А М А
**за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод за 2024 година**

***Ноември, 2023 година***

Врз основа на Законот за животна средина („Службен весник на РМ“ бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 183/13 ,42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и 89/22), член 22 став 1 точка 2 и член 36 став 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод за 2024 година

### 1.ВОВЕД

Со програмата за заштита на животната средина и природата за Општина Македонски Брод за 2024 година се планирани активности врз основа на анализата на проблемите од аспект на заштита на животната средина и природата во општината, а кои се во функција на истите во сите медиуми (вода, воздух, почва) во природата. Програмата на Општина Македонски Брод за заштита на животната средина е насочена кон спроведување на активности за заштита на животната средина во надлежност на локалната самоуправа, исполнување на барањата на македонското законодавство за животна средина, обезбедување на поквалитетни услови за живот на граѓаните и почиста животна средина во општината.

При креирањето на програмата се внимаваше активностите да бидат родово сензитивни, односно да одговорат подеднакво на потребите и на мажите и на жените.

### 2.ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Општа цел на Програмата: - да се обезбедат практични и финансиски изводливи решенија за приоритетните проблеми и активности во областа заштита на животната средина; - прифаќање на еколошката проблематика во останатите секторски програми во насока на одржлив развој на локалната заедница. Специфични цели на Програмата: - Системска контрола на квалитетот на животната средина во општината; - Спроведување на Оцена на влијанието врз животната средина уште во процесот на планирање на проектите за да се превенираат последиците од загадување на животната средина; - Изработка на стратешки документи за заштита на животната средина; - Систематизирано спроведување на постојани подобрувања со постојниот систем за управување со отпадот во општината; - Зголемување на новите зелени површини во општината, уредување на запуштени зелени површини, амортизирање на загадувањето на почвата, воздухот и

бучавата, подобрување на визуелниот изглед на урбаната средина, како и активности за пошумување.

Средствата за реализација на оваа програма се планира да бидат обезбедени од буџетот на Општина Македонски Брод, од донации и други фондови каде има можност да се аплицира.

Оваа програма се однесува на проекти кои директно ќе бидат реализирани преку Секторот за урбанизам, комунални дејности, локален економски развој и заштита на животната средина, а се дел од поголем корпус на активности од делот на заштитата на животната средина и природата кои заради специфичноста и начинот на реализирање се имплементирани во програмите на други сектори и одделенија во рамки на локалната самоуправа на Општина Македонски Брод. Дел од тие програми се: Изградба на системи за водоснабдување, изградба на системи за одведување и прочистување на отпадни води, јавна чистота.

Дел од планираните активности од Програмата за заштита на животната средина се започнати во 2023 година и се во фаза на реализација, а заради обемноста и специфичноста на истите се планира да бидат завршени во 2024 година. Останатите планирани активности ќе започнат со реализација во 2024 година.

## 3. ПРЕДВИДЕНИ ПРОЕКТИ И АКТИВНОСТИ ВО ПРОГРАМАТА ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА

## I. СТУДИСКА ПОДДРШКА НА ЗАШТИТАТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

На следната табела се дадени активностите со проценети финансиски потреби:

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| **1.** | **Изработка на ЛЕАП за Општина Македонски Брод** | **400.000** |
| **2.** | **Изработка на елаборати за заштита на животната средина за сите проекти што се планирани да се реализираат и што подлежат на обврска за истото** | **100.000** |
| | **ВКУПНО** | **500.000** |

Средствата за изработка на ЛЕАП ќе се обезбедуваат преку апликација од фондови наменети за превенција и заштита на животната средина.

## II. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ЗНАЧАЈНИ ДЕНОВИ НА ЕКОЛОГИЈАТА И СОРАБОТКА СО ЈАВНИТЕ ПРЕТПРИЈАТИЈА, УСТАНОВИ И ГРАЃАНИТЕ ВО РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИСТИТЕ

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | Одбележување на „Денот на планетата земја“ - 22 април (акција за собирање и одлагање на електронски отпад) | 20. 000 |
| 2. | Одбележување на „Светскиот ден на животната средина“ - 5 јуни (акција за собирање на стара хартија и картон во соработка со училиштата во Општина Македонски Брод | 20. 000 |
| 3. | Акција за пошумување во соработка со јавните установи од општината и јавното претпријатие Сандански (градивото од учебниците по природни науки да се спроведе во пракса) | 20.000 |
| 4.. | Едукација на граѓаните и подигање на јавната свест за значењето на животната средина(одржување на трибини и изработка на флаери) во соработка со невладин сектор. | 30.000 |
| | ВКУПНО | 90.000 |

## III. СОБИРАЊЕ И СЕЛЕКЦИЈА НА ОТПАД

| Ред.бр. | Активност | Износ во денари |
|---|---|---|
| 1. | **Поставување на контејнери за селектиран отпад** | **70.000** |
| 2. | **Организирање на акции за отстранување на дивите депонии** | **20.000** |
| 3. | **Поставување на корпи за отпадоци** | **20.000** |
| 4. | **Поставување на контејнери по селата** | **100.000** |
| | **ВКУПНО** | **210.000** |

За буџетската 2024 година за реализација на горе спомenатите проекти се предвидени средства во висина од 800.000 денари од кои 400.000 денари да се обезбедат од други фондови.

## 4. НАДЛЕЖНОСТ

Надлежен за спроведување на оваа програма е Градоначалникот на Општина Македонски Брод и секторот за урбанизам, комунални дејности, ЛЕР и заштита на животната средина во соработка со јавните претпријатија и установи.

## 5. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

**Бр. 18 - 873/20**
**30.11.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



# ПРОГРАМА

### ЗА ПОСТАВУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 година

*Ноември, 2023 година*

Во согласност со Закон за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр. 05/02), Закон за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/09, 124/010, 18/011, 36/011, 54/011, 13/012 ,144/012, 25/013, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14,42/14, 115/14,149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16 и 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20), Закон за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.32/2020), Правилникот за формата и содржината на одобрението за поставување на времен објект и урбана опрема и начинот на неговото издавање („Сл.весник на РМ“ бр.36/2010), и член 21 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод (Сл. Гласник бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 13/22 и Одлуката за утврдување потребата од поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод бр.18 -102/8 од 30.01.2015, Советот на Општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на ден 30.11.2023 година донесе:

# ПРОГРАМА

## ЗА ПОСТАВУВАЊЕ УРБАНА ОПРЕМА НА ПОДРАЧЈЕТО НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ЗА 2024 година

## I.ВОВЕД

Со оваа Програма се уредуваат видовите на урбана опрема, локалитетите на кои се поставува, начинот и условите за нејзино поставување, дислоцирање и отстранување.
Со програмата е опфатена урбаната опрема која се поставува на градежно изградено земјиште и согласно член 2 став 4 од Законот за градење („Сл.весник на РМ“ бр. 130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 , 132/2016, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20),) а во врска со чл.36 од Законот за локална самоуправа(Сл.весник на РМ бр.5/2002)и чл.21.од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 13/22).

Урбаната опрема претставува опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, храна, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско-конзуларните претставништва, на објекти на органите на државната управа и на резиденцијалните објекти, опрема во функција на туристички, културни и спортски настани, опрема за спортско-рекреативни активности, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, пливачки објекти, паркинзи во функција на објекти на органите на државна управа и на објекти на општините, рекламни и информативни паноа, детски игралишта, настрешници кои се поставуваат на јавна површина, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Поставувањето на урбана опрема е подеднакво важно и за мажите и за жените, особено поставувањето на урбана опрема на детски игралишта.

*Ноември, 2023 година*

## II.ЦЕЛ НА ПРОГРАМАТА

Со Програмата  за поставување на урбана опрема се постигнуваат следните цели:

- Евиденција на урбана опрема  на територија на општина Македонски Брод;
- Естетско обликовните  подобрувања и воведување  на нови стандарди  во уредувањето на просторот;
- Уредување, оплеменување, хуманизација на просторот и заштита на животната средина;
- Вработување на невработени лица (податоци за работоспособно и младо невработено население);
- Можност за активирање на повеќе стари занаети и различни видови ракотворби преку изработка на, изложување и продажба на накит, уметнички предмети, предмети за различна употреба, сувенири;
- Брз сервис и услуга на граѓаните од непосредната близина (продажба на билети за јавен превоз, телефонски говорници, автобуски постојки, продажба на весници, сувенири, цвеќиња);

## III. ВИДОВИ НА УРБАНА ОПРЕМА

Според Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016, 132/2016, 35/18, 64/18, 168/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.244/19 и 18/20) урбана опрема се поставува на јавни површини кои претставуваат градежно изградено и уредено земјиште без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста на сообраќајот. Под урбана опрема, во смисла на овој закон, се смета опрема за продажба на билети за јавен превоз, весници, сувенири, цвеќиња, сладолед, телефонски говорници, автобуски постојки, типски објекти за обезбедување кои се во функција на дипломатско – конзуларните претставништва, на објекти на органите  на државната управа и на резиденцијалните  објекти, јавни санитарни јазли, тераси со или без настрешници, платформи за јавни манифестации на копно и на водна површина, покриени и непокриени шанкови, самостоечки рекламни паноа, детски игралишта, фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци.

Урбана опрема се поставува исклучиво за остварување јавен интерес утврден со закон.

Урбаната опрема не е дел од градежното земјиште и врз основа на ова не се стекнуваат стварни права врз градежното земјиште.

## IV. КРИТЕРИУМИ ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИДОТ НА УРБАНАТА ОПРЕМА

За определување на типот на урбаната опрема кој треба да се постави служат следните критериуми:

- Функционални критериуми како што се намена, времетрање и површина наменета за вршење на дејноста;
- Естетско – морфолошките критериуми да овозможуваат редизајн на постојната типизација, односно морфолошка разновидност или потполна обликовна изедначеност,
- Материјално експлоатациони критериуми ги одредуваат економските аспекти, категорија, време и објекти.

Урбаната опрема која се поставува на подрачјето на општина Македонски Брод треба да ги задоволува основните барања за градбата, согласно Законот за градење (Сл.весник на РМ бр.130/09 ...... и Сл.весник на РСМ“ бр.244/19, бр.18/20)

Урбаната опрема не смее да го попречува пешачкото движење и да се обезбеди непречен пристап до истата.

Урбаната опрема треба да биде технички и обликовно проектирана, беспрекорно изведена, во склад со амбиентот на локацијата со примена на современи материјали, чисти, исправни и естетски прифатливи.

Доградба, надградба и други надворешни и внатрешни интервенции на урбаната опрема, освен интервенциите за нивно тековно одржување не се дозволуваат.

Со поставувањето на урбана опрема не смее да се попречува или отежнува користењето на станбените, деловните згради и други објекти, односно нивната функција на живеење или работење, да се загрозува сигурноста на сообраќајот, да се намалува пропишаната слободна проодна површина, да се уништува зелена површина, да се намалува естетскиот и општиот изглед на околината.

Урбаната опрема со својот изглед и форма не смее да го намали естетскиот и општиот изглед на околината, а со вршењето на дејноста не смее да се создава нечистотија, недозволена бука и лоша миризба.

Поставување на урбана опрема се врши на начин што истите несмеат на никаков начин да бидат трајно прицврстени за подлогата, а нивното поставување и отстранување треба да се одвива на брз и лесен начин и без оштетување на подлогата.

Површината што служи за употреба на урбаната опрема мора да се одржува во хигиенски исправна состојба.

При поставување на урбана опрема, не смеат да се поставуваат бариери во просторот кои можат да го попречат безбедносното движење на пешаците или да го оневозможат движењето на лица со хендикеп.

При поставување на урбана опрема не смеат да се превземааат градежни зафати, а особено не зафати со кои се менува материјалот и нивелетата на целата површина што се користи.

При поставување на урбана опрема, не може да се монтираат платформи или рампи, освен ако служат за нивелирање на подлогата за терен во пад каде котата од едната страна на платформата се поклопува со котата на теренот и не го попречуваат или отежнуваат движењето на пешаците, а особено на инвалидизираните лица со колички.

Минималната широчина на јавната површина на која може да се постави урбана опрема, изнесува 3,2 м, а за поставување на монтажно – демонтажен или типски објект од лесна конструкција, истата треба да изнесува минимум 4,5 м.

При поставувањето на урбаната опрема мора да се запазат следните стандарди: поставувањето на урбаната опрема е на минимално растојание од 0.80 м од рабникот на коловозот (за кошничка за отпадоци, жардињери, рекламни направи и др.) односно 1.5м до 2.5 м од рабникот на коловозот (автобуски стојалишта, киосци, дрвореди).
Минималната височина при поставување на чадори за сонце изнесува 2,4 м, а при поставување на настрешници и тенди минималната височина изнесува 3,2 м над слободната проодна површина.Поставувањето на урбаната опрема пред деловните објекти каде што се врши дејност, е дозволено само во широчината на деловниот објект кон јавната површина, доколку се исполнети условите од оваа Програма и условите од други прописи.

Урбаната опрема што се поставува по повод манифестации, презентации, изложби и за вршење угостителска дејност, секојдневно по завршувањето на работното време се отстранува од јавната површина.

При поставувањето на урбана опрема на тротоари, минималната слободна проодна површина од попречниот профил на тротоарот изнесува 1,5 м. Исклучок претставуваат простори кај кои во партерот постои реализирана граница помеѓу просторот за движење на пешаци и бараниот простор за поставување на опрема (столпчиња, денивелација и сл.) но просторот за движење не може помал од 1,2 м.

Широчината на слободната проодна површина на тротоарите се мери од рабникот на коловозот или на велосипедската патека.Доколку на тротоарот има дрвја, комунален или рекламен објект, широчината на слободната проодна површина се мери од граничникот на дрвото или од најистурената точка на пречникот на дрвото, на комунален или рекламен објект во правец на делот од јавната површина што е предмет на користење.

Поставување на урбана опрема не е дозволено на делот од тротоарот во зоната на свртување на улицата, односно во зоната на вкрстување на улиците (магистрални и собирни), која изнесува минимум 8,0 м од пресечната точка на двете регулациони линии.

Доколку пешачката површина е поголема од 5,0 м во радиусот на свртувањето дозволено е поставување на урбана опрема за летна тераса при што треба да се запази проодна површина со ширина 2,5 м од работ на коловозот односно од најистурениот елемент (дрво, комунален или рекламен објект).

При поставување на урбана опрема, сопственикот е должен да обезбеди:

- Соодветни услови и согласност за приклучување на инфраструктурни мрежи за предвидениот временски период (електронапојување, водоснабдување и канализација, мрежа за телефонија, електронски комуникации и сл.) од соодветните јавни претпријатија и други правни лица (даватели на услугите) односно од субјектите кои стопанисуваат со објектите на инфраструктурата.
- Примена на современи градежни материјали кои овозможуваат монтажно демонтажни конструктивни елементи, типски елементи, современо архитектонско обликување, препознатливост на функцијата, репрезентативност на урбана опрема за дејностите од кои тоа се очекува, принцип на повеќеводни кровови – со ниско слеме, обезбедување пристапност за лица со посебни потреби и инвалидитет и сл..
- Согласност од сопствениците на градежната парцела во сопственост, кога земјиштето се користи во јавна употреба согласно закон.

При поставувањето на урбаната опрема, покрај овие услови, мора да се почитуваат специфичните услови на локацијата, интензитетот на пешачкото движење и видот на дејноста која се врши и сл.

Доклолку површината за која се бара поставување на урбана опрема,е во границите на опфатот на заштитено подрачје или објект или за неа е утврден посебен режим на користење, потребно е да се прибави претходно мислење од органот на државната управа надлежен за работите на заштита на културно – историското наследство, односно на природата.

Урбаната опрема се поставува согласно Програма и истата може да биде со различни димензии зависно од дејностите кои се извршуваат во нив.

При поставување на урбана опрема се користи модуларен систем за објекти во кои се извршува иста или слична дејност, со можно мултиплицирање на модулите за зголемување на вкупната површина на урбаната опрема.

Урбаната опрема може да биде само приземна со максимална висина на венец до 3,2 м и висина на слеме добиена со минимален нагиб зависно од видот на употребениот кровен покривач (само како заштита на објектот), со кота на приземје не повисока од 15 см.

## V. ВИДОВИ НА УРБАНА ОПРЕМА

### Привремени паркинзи и приодни патеки

Привремени паркинзи и приодни патеки на неизградено градежно земјиште се изведуваат со елементи кои лесно може да се отстранат, кои не ја нарушуваат животната средина, со можност за поставување на ниска ограда (не повисока од 0,80м).

### Платформи

Платформите за спортски, културни, туристички и забавни настани (манифестации), како и придружните објекти во функција на истите, се со висини и површини кои овозможуваат безбедност при нивното користење.

Платформите се поставуваат на изградено или неизградено градежно земјиште кое може да прими поголема група на граѓани, согласно стандардите на оваа програма.

Поставувањето и отстранувањето треба да биде непосредно пред и по завршувањето на манифестацијата, а просторот треба да се уреди во првобитна состојба од страна на субјектот кој ја поставил платформата.

### Сплавови – платформи за јавни настани на вода

Сплавовите се површини поставени на вода поврзани со копно со максимална дозволена површина до 100м$^2$. Се поставуваат сезонски и се користат како летна тераса или краткотрајно за одредени манифестации.

### Информативни паноа

Информативните паноа служат за јавна намена, за информирање на граѓаните (карта на градот, возен ред, и друго) и огласување за културно – уметнички, спортски и други манифестации.

Поставувањето на информативните паноа не смее да го попречува нормалното одвивање на сообраќајот.Информативните паноа може да бидат слободностоечки, преносливи, прицврстени на објект и сл..

### Летни дискотеки

При нивно поставување важат општите и посебните стандарди за поставување на урбана опрема: летни тераси, покриени и непокриени шанкови и други објекти.Се поставуваат со програма донесена на Совет на Општина Македонски Брод.

*Ноември, 2023 година*

**Продажба на билети, весници, сувенири, цвеќе и сладолед**

Површината на урбанaта опрема во која ќе се врши продажба на билети, весници, сувенири и сладолед да не биде поголема од 4,0м2, а за продажба на цвеќе не поголема од 16,0м2.

**Телефонски говорници**

Телефонски говорници, поштенски сандачиња, интернет пултови и банкомати можат да бидат слободностоечки и прикачени на ѕид и треба да се поставуваат на начин да можат да ги користат лица со посебни потреби.

Минималниот простор кој што треба да е слободен пред апаратите изнесува 1,5м x 1,5м, како би се овозможило нивно непречено функционирање и пристап до нив, а притоа да не се нарушат постојните пешачки движења.

**Монтажно – демонтажни типски објекти**

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција, се објекти со површина до 16,0м2, кои можат да се постават на одредени места.

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција се наменети за продажба на весници, билети за јавен превоз, вода и безалкохолни пијалоци, сувенири, лотарија, кондиторски и слични производи.

Монтажно – демонтажни објекти од лесна конструкција можат да се поставуваат и на одредени места при одржување на хуманитарни, културни, забавни, спортски, изложбени, рекламно – промотивни или деловно – информативни и други активности по повод празници и манифестации како придружни објекти во функција на настаните.

Обликовни услови:

- Монтажните објекти со своетио обликување мора да бидат усогласени со просторот на кој се поставуваат, треба да се со унифициран изглед и боја кои ќе се определат со проект за поставување на урбана опрема. Начинот на покривање треба да биде типски без додаток на монтажна тенда. За заштита од сонце и дожд на челото можно е поставување на рол тенда.
- На монтажниот објект може да се постави рекламен натпис со големина не поголема од челото на објектот со името на фирмата која го користи (врши дејност) без можност за истакнување на други рекламни пораки. Рекламниот натпис да не го надминува горниот на монтажниот објект повеќе од 50 см.
- На надворешниот дел од монтажниот објект не се дозволени видливи инсталации или делови на уреди за вентилација и климатизација како и било каква опрема надвор од габаритот на објектот.

Сообраќајни услови

- Монтажен објект или групација на монтажниобјекти мора да бидат лоцирани на начин кој нема да го попречува слободното движење на пешаци, инвалиди и возила. Се поставуваат на оддалеченост од работ на коловозот мин.1,5 м до 2,5 м, а од раскрсница мин.10,0 м од почетокот на радиусот за десно свртување.

Технички услови

- При поставување на монтажниот објект мора да се обезбедат санитарно – технички и хигиенски услови: проветрување природно или вештачко, бучавата која се создава со вршење на дејноста да не ја преминува дозволената граница,
- да се обезбеди заштитен отвор со прописно изведен пулт за издавање на роба, да се обезбеди приклучок на електрична енергија, приклучок на вода за канализација (мијалник – тоалет).
- Подната,ѕидната и таванската облога како и пултот за издавање на роба да се изведат од непропусен, неотровен материјал кој не упива и кој лесно се чисти.

**Автобуски постојки**

Поставувањето на автобуски постојки да биде во согласност со Законот за безбедност во сообраќајот на патиштата и Законот за јавните патишта, а димензионирањето да се врши со мултиплицирање на модули со површина од 4,0м2 до 16,0м2 и висина до 4,0м од ниво на тротоар до врвот на покривачот.

Во зависност од фреквенцијата на сообраќајот има четири типа на автобуски стојалишта и тоа:

а) Тип А – само автобуска постојка

Во рамките на на овој тип има настрешница,клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано, урбани светилки и информативни табли.

б) Тип Б – автобуска постојка со билетара

Во рамките на овој тип има билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано , урбани светилки и информативни табли.

в) Тип В – автобуска постојка со киоск

Во рамките на овој тип има киоск, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано , урбани светилки и информативни табли.

г) Тип Г – автобуска постојка со билетара и киоск

Во рамките на овој тип има киоск и билетара, настрешница, клупа, корпа за отпадоци, рекламно пано , урбани светилки и информативни табли.

Типот на автобуските постојки и микролокацијата каде ке бидат поставени се одредува според планот на автобуски постојки кој го утврдува општина Македонски Брод.

При лоцирање на автобуските постојки потребно е да се обезбеди минимум слободен прооден простор пред нив од 2,5 м.

**Објекти за обезбедување**

Површината на објектите за обезбедување да не е поголема од 3,0 м2. За нив важат стандардите за монтажно – демонтажни и типски објекти.

**Јавни санитарни јазли**

Поставувањето на јавни санитарни јазли се врши на уредени површини, во близина на јавно зеленило, паркинг, оддалечени од влезови и излози на објекти. Истите не смеат да го попречуваат користењето на околните објекти и јавни површини. Може да се типски објекти или да се изведени со посебен проект соодветен за избраната локација.

**Тераси, шанкови и настрешници**

Тераси и шанкови се поставуваат во зависност од расположивата јавна површина, при што е неопходно исполнување на условот да не се наруши урбанистичката концепција на просторот и параметрите за непречено безбедно движење од сите корисници, согласно Правилникот стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Сл.весник на РМ“ бр.78/06, 140/07 и 12/09), особено по однос на минималните димензии на пешачки површини – тротоари, по однос на непречено користење на околните објекти и простори за јавна намена, протокот на сообраќајот (пешачки, движење на лица со хендикеп), пристап на амбулантно, противпожарно, полициско и комунално возило (возила на јавни служби).

Се забранува покривање на урбаната опрема на летната тераса со најлони.За заштита на елементите на урбаната опрема за време на врнежи, истата може да се прекрие со лесен материјал или елементите да се отстранат од јавната површина. Притоа се забранува складирање на урбаната опрема покрај излогот и сите видливи страни на локалот конулица и негово натрупување на куп.

На површината на која се поставува урбана опрема за организација на летни тераси дозволено е поставување на: лесно подвижни маси, столици, жардињери , ограда, чадори, настрешници или тенди.

Сите елементи на опремата што се поставува на летната тераса, шанковите и настрешниците (маси, столици, настрешница, чадори, постаменти за чадори, жардињери, ограда и др.) не смеат да го преминуваат работ на одобрената површина.

Исклучително во пешачка зона, на плоштади, кеј и други пошироки површини без моторен сообраќај, опремата за летна тераса шанкови и настрешници се поставува на начин утврден со елаборат. Со елаборат се утврдува просторот, видот и изгледот на опремата како и бојата, димензиите и др.

Јавна површина може да се користи за летна тераса, шанкови и настрешници (вршење на угостителска дејност) со поставување само на опрема за летна тераса, а не и дополнително фрижидери, витрини и друго.

Минимална ширина на површината потребна за поставување на урбана опрема за угостителство за поставување на еден ред маси со столови и клупи изнесува 1,5м.

Масите и столиците како елементи на летната тераса, шанкови и настрешници мора да бидат изработени од квалитетни материјали. На определени простори: пешачки зони, плоштад и во заштитени зони може да биде пропишан видот на опремата со посебен елаборат.

Сите направи за заштита од атмосферски влијанија (чадори, настрешници и тенди) поставени на една тераса треба да бидат усогласени по боја и облик и да сочинуваат една естетска целина.

Чадорите се со минимална слободна височина од 2,4 м. Чадорите за сонце поставени и отворени не смеат со ниеден елемент да ја надминуваат линијата на одобрениот простор, можат да ја наткриваат само одобрената површина и не смеат да бидат прицврстени за подлогата.

Тендите се типски монтажни елементи со роло механизам конзолно поставени на чело на објектот и се поставуваат доколку на јвната површина има простор за еден ред на маси и столици паралелно со ѕидот на објектот без потпирачи на јавната површина.

При поставување на тенди над зона во која се организираат летните тераси шанковите и настрешниците минималната слободна височина изнесува 3,2м.

Поставена и монтирана тенда смее да го наткрива само одобрениот простор за летна тераса шанкови и настрешници.

Страните на тендата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта од тендата заради изградба на зимска градина на јавна површина.

Настрешница е лесен монтажно – демонтажен елемент кој се поставува на два столба кои не смеат да бидат прицврстени за јавната површина, со платно и со роло механизам.

При поставување на настрешници минималната слободна височина изнесува 3,2м.

Доколку се поставува настрешница не се поставуваат други видови на направи за заштита од атмосферски влијанија.

Страните на настрешницата не смеат да се затвораат со најлон или било каков друг материјал или фиксна конструкција која вертикално ќе се спушта до подлогата.

Оградите и жардињерите поставени поставени на летна тераса не смеат да излегуваат со ниеден елемент надвор од дозволениот простор за летна тераса, да бидат фиксно прицврстени за подлогата и да имаат висина поголема од 0,8м.

Оградите и жардињерите треба да бидат изведени од квалитетни материјали со високо ниво.

Во пешачките зони не се поставуваат огради или жардињери кон пешачката зона, односно, истите се поставуваат само помеѓу соседни летни тераси.

Покриени и непокриени шанкови можат да се постават по барање на физички и правни лица на јавни површини на градежно изградено и уредено земјиште, без притоа да се наруши основната намена на просторот и безбедноста во сообраќајот.

Покриените и отворени шанкови не смеат да се прицврстени за подлогата и мора да имаат приклучок на вода, електрична енергија и канализација.

Составен дел на локацијата на покриени и отворени шанкови може да биде и летна тераса.

**Самостоечки рекламни паноа**

Самостоечките рекламни паноа се поставуваат на пешачки и зелени површини во профилот на сообраќајниците, додека рекламните паноа на столбови (канделабри) на јавно улично осветлување се поставуваат на метални столбови на улично јавно осветлување,согласно Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата (“Службен весник на РМ” бр.169/2015, 55/2016.............Сл.весник на РСМ“ бр.244/19, бр.18/20) и Одлуката за утврдување на стандарди за поставување на времени објекти и урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод.

**Опрема за забава на деца и детски игралишта**

Опремата за забава на деца може да се постави по повод државни и верски празници и други манифестации на места каде има доволен простор за тоа ( поголеми јавни површини или неизградено земјиште со елаборат за поставување урбана опрема погодно за таа намена.Може и во уредено зеленило.

**Опрема за спортски рекреативни активности**

Опрема за спортски рекреативни активности може да се постави на изградено и неизградено градежно земјиште со елаборат за поставување на урбана опрема погодно за таа намена. Може и во уредено зеленило.

**Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци**

Фонтани, чешми, клупи и корпи за отпадоци со и без пепелници се поставуваат на јавни површини, во зависност од бројноста и потребите на корисниците.

Клупите и корпите за отпадоци се дел од урбаната опрема на градот и се поставуваат на поголема јавна пешачка површина, плоштад, поголеми пешачки патеки, на автобуски постојки од сите типови и на други локации согласно елаборат за поставување урбана опрма.

Покрај клупите потребно е да има обезбеден поплочен простор со димензии од 1,0м x 1,2м за луѓето со хендикеп.

Корпите за отпадоци може да бидат поставени : слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

**Паркиралишта за велосипеди**

Типот и локациите се определуваат со елаборат за поставување на паркиралишта за велосипеди на Општина Македонски Брод.

**Жардињери, граничници**

Жардињери со цвеќе и граничници се поставуваат со цел виџзуелно да се ограничи просторот определен за времени објекти и урбана опрема од слободната проодна површина или да се ограничи просторот меѓу сообраќајница и слободна површина.

Одобрението за овие елементи е со времетраење колку и одобрението за поставување на времени објекти и урбана опрема по што овие елементи треба целосно да се отстранат од просторот.

Максималната висина на жардињерите и граничниците е 0.80м.

**Тезги**

Тезги се лесно подвижни елементи на урбаната опрема кои се поставуваат по повод празници и манифестации или на простори во градот определени со посебни елаборати и служат за продажба на соодветни производи на пригодната намена.

Тезгите треба да се со унифициран изглед и боја соодветни на спецификите на локацијата.

Максималната површина на тезгите изнесува 2,0 до 4,0 м2, и се поставуваат и отстрануваат по завршување на дејноста. Не е дозволено лоцирање на тезги пред влезови на јавни, деловни и станбени објекти.

**Елементи за изложување на производи**

Елементи за изложување на производи се витрини, полици, фрижидери.

Елементи за изложување на производи се поставуваат на јавна површина пред трговски локали, по правило во широчината на челото на локалот, без можност за нивно поставување во уредена зелена површина.

Елементи за изложување на производи се поставуваат покрај ѕидот на локалот.

Над елементите за изложување на производи може да се поставуваат тенди за заштита , конзолно на челото на објектот без вертикални потпирачи.

Просторот што се користи за излагање на производи не смее да се оградува и затвора на било кој начин. (најлони, застаклување и слично)

Корпите за отпадоци може да бидат поставени : слободностоечки или прикачени за светилки или фасади на објекти.

Идејните решенија на урбаната опрема која ќе биде поставена треба да биде во согласност со микролокациски услови со високи естетско – функционални вредности и вклопеност во пејсажот на микролокацијата и подрачјето на општината.

## VI. ПРЕГЛЕД НА ЛОКАЦИИ ЗА УРБАНА ОПРЕМА

Оваа програма го опфаќа просторот на плоштадот и на следните улици:

**1.Урбана опрема – тезги**

1.1 ул.„Маршал Тито“ пред времените објекти 4 локации во површина од по 2 м2
1.2 ул. „Димитар Влахов“ 1 локација во близина на фонтаната во паркчето наспроти бензинската пумпа во површина од по 2 м2
1.3 ул.„Партизанска“ пред времени објекти 2 локации во површина од по 2 м2
1.4 ул. „Иво Лола Рибар“ во бизина на маркет „Филипос“ во површина од 2 м2
ул. „Илија Игески Цветан“ 1 локација пред бутик „Весна“ во површина од 2 м2

**2. Урбана опрема настрешници, тераси и шанкови**

2.1. ул. „Димитар Влахов“ пет локации во должина на постоечките објекти и една локација непосредно до бензизката пумпа во паркот, односно на КП бр.3965 за КО М.Брод

2.2 ул. „Маршал Тито“ 15 локации од кои девет пред времени објекти, една пред кафеана „Стара Куќа“, 2 локации на плоштадот пред „Автобуска“, една наспроти поштата, во должина на постоечките објекти, 4 локации по 16 м2 пред времени објекти на новиот градски пазар и локација кон градски стадион наспроти ПЗУ „Др.Спаско Ѓурчиноски“

2.**3**. ул.„Партизанска“
- локација до објект (времен) на Симед сендвичара во површина од 10 м2 и
- локација на одбојкарското игралиште (за време на летен турнир) во површина од 20 м2
- локација пред деловен простор кај „Социјална зграда“ во површина од 40м2

2.4. Локација на Беличка река, кафеана „Чифлиг“
2.5. Локација на Беличка река, кафеана „Табана“ од 20 м2
2.6. Локација кај излетничко место „Пешна“ од 20м2
2.7. Локација покрај р.Треска кон с.Слатина од 20м2 и
2.8. Локација на вливот на р.Мала Река во Белешничка река од 20м2

*Ноември, 2023 година*

**3.Урбана опрема – платформа за јавни манифестации на копно**

На плоштад во површина од 50 м2

**4.Урбана опрема – рекламни и информативни паноа**
- На плоштад 1 локација од 5 м2
- На столбови на јавно осветлувањена улиците „Партизанска“ и „Маршал Тито“ 10 локации
- Една локација на влезот во градот од исток

**5. Урбана опрема за фитнес на отворен простор**
- Една локација кај СОУ „Св.Наум Охридски“

**6. Опрема за забава на деца и детски игралишта**
- локација во с. Самоков пред зградите наспроти детската градинка на КП бр.1229 за КО Самоков и
- локација на дел од КП бр. 3953/1 за КО Македонски Брод

**7. Поставување на автобуски постојки**
- улица „Маршал Тито“ и ул.„Партизанска“ – во Македонски Брод
- с. Суводол, с. Манастирец, с.Девич, с.Зркле и Самоков

8**. Дополнителни локации за поставување на урбана опрема** по барање на правни и физички лица можат да се предвидуваат и по согледување на Комисијата за одлучување по барања за поставување на урбана опрема, која е формирана од Градоначалникот на Општина Македонски Брод, истите да бидат вклопени во предметната програма.

## VII. НАЧИН И УСЛОВИ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ И ОДРЖУВАЊЕ НА УРБАНА ОПРЕМА

Поставувањето на урбаната опрема ќе се финансира од Буџетот на Општина Македонски Брод, како и од заинтересирани правни и физички лица.

Поставување урбана опрема на јавни површини, за чие одржување е надлежна Општина Македонски Брод, се врши врз основа на Одобрение за поставување на урбана опрема.

Одобрение за поставување на урбана опрема Согласно Законот за градење член 80 став 2, издава градоначалникот на општината. Согласно член 81 став 1 со одобрението за поставување на урбаната опрема се утврдуваат и условите, начинот и рокот за поставување и отстранување на урбаната опрема.

Надоместокот за поставување на урбана опрема се утврдува согласно Закон за комунални такси и Одлуката за висината на комуналните такси за подрачјето на Општина Македонски Брод 08-2228/28 од 27.02.2020.

Доколку урбаната опрема се поставува за вршење дејност на јавна површина пред деловна просторија, одобрението за поставување може да се издаде само ако за користење

на просторот претходно е издадено Одобрение за вршење дејност,од страна на градоначалникот на Општина Македонски Брод.
Кога просторот пред деловната просторија на кој се бара да се врши дејност се наоѓа на земјиште во сопственост потребно е само одобрение за вршење дејност пред деловна просторија.

Времетраењето на одобрението за поставување на урбана опрема може да биде :

- Дневно, за време од 24 часа (манифестации, презентации и др.)
- Краткотрајно, за период од 30 дена (манифестации, презентации,изложби и др.)
- Сезонско,за период од 3 до 7 месеци (трговија на мало и др.)
- Годишно, за период до една година (угостителство, трговија, градилиште и др.).

За добивање на одобрение за поставување на урбана опрема, заинтересираниот субјект поднесува барање до градоначалникот на Општина Македонски Брод.

**VIII.Вршење надзор**

Вршењето надзор над поставувањето, задржувањето, дислокацијата и отстранувањето на урбаната опрема е во согласност со Законот за градење („Службен весник на РМ“ бр.130/2009, 124/2010, 18/2011, 36/2011, 54/2011, 13/2012, 144/2012, 25/2013, 79/2013, 137/2013, 163/2013, 27/2014, 28/2014, 42/2014, 115/2014, 149/2014, 187/2014, 44/2015, 129/2015, 217/2015, 226/2015, 30/2016, 31/2016, 39/2016, 71/2016 и 132/2016, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и 18/20).

**IX. Преодни и завршни одредби**

Реализацијата на Програмата ја врши градоначалникот на Општина Македонски Брод преку Одделението за комунални дејности во општината.

Во состав на оваа Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на општина Македонски Брод спаѓа и графички дел.

Оваа Програма влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Програмата е од отворен тип и може да се надополнува согласно потребите на општината и заинтересираните субјекти кои ги исполнуваат условите.

**Бр.18 – 873/21**
**30.11.2023 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

# ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД

*Сектор за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животната средина - Единица на локална самоуправа Македонски Брод*



# ПРОГРАМА

**за управување со Споменикот на природата „Слатински Извор“ на Општина Македонски Брод за 2024 година**

*Ноември, 2023 година*

**Вовед**

Споменикот на природата „Слатински Извор“, поточно пештерата Слатински Извор и дел од нејзината зона на прихранување претставува заштитено подрачје со категорија Споменик на природата, а од 2004 година се наоѓа на Привремената листа на заштита на УНЕСКО за светско природно наследство. Со Споменикот на природа „Слатински Извор“ управува Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“ – Скопје. Во 2024 година сите активности во рамките на Споменикот на природа ќе се организираат согласно насоките на Владата на РСМ за превенција и заштита на човечкото здравје. Во текот на годината ќе се работи на зајакнување на соработката со сите чинители на полето на заштитата на животната средина со цел да се продолжи со промоција и заштита на Споменикот на природата преку организирње на онлајн настани за промоција на активностите, но и размена на искуства. Планираните настани со физичко присуство ќе бидат организирани согласно сите во моментот важечки превентивни препораки и протоколи.

Јавната свест, но и капацитетите на управителот и партнерските организации и институции, ќе се надградат преку континурана подготовка и реализација на едукативни кампањи за заштита на геодиверзитетот и биодиверзитетот во СП „Слатински Извор“, одбележување на меѓународни денови, онлајн обуки за млади спелеолози, водичи и спасители кои ќе обезбедат континуитет во заштитата на животната средина. Општина Македонски Брод и Истражувачкото друштво „Урсус спелеос“ – Скопје, согласно капацитетите и потребите, ќе продолжи со мониторинг активностите и истражувања во пештерите во заштитеното подрачје, а предвидено е и спроведување на кампањи и активности за заштита на СП од пожари. Како дополнување, на заштитата од пожари ќе се работи и на подигнување на капацитетите на локалното население за справување со пожари. Во соработка со јавните претпријатија и невладините организации од Општина Македонски Брод, планирано е континурано одржување на пештерите, патеките и инфраструктурата (информативни табли, патокази, мостови) на територијата на заштитеното подрачје.

Значењето на заштитеното подрачје во научна смисла, но и негово одржливо искористување претставува предизвик за заштита. За таа цел е предвидено мобилизирање фондови и аплицирање на проекти кои ќе овозможат соодветна заштитата, но и промоција и доближување до пошироката јавност. Една од главните активности за 2024 година, ќе биде започнување на процесот за подготовка на Менаџмент план во соработка со сите засегнати страни (ЕЛС, невладини организации, локално население итн.), преку формирање на Научен совет, Совет на засегнати страни и проценка на капацитетите за управување.Средстав за реализација на програмата ќе се обезбедат согласно можностите на управителот но и со подршка на засегнати и заинтересирани страни.

# ДЕТАЛНА ПРОГРАМА
## (ЈАНУАРИ – ДЕКЕМВРИ 2024 ГОДИНА)

## Програма 1: Зачувување и мониторинг на природното наследство

## Цели:

- **Спроведен мониторинг на водата во пештерата Слатински Извор согласно поставени инструменти (diver)**
- **Спроведен мониторинг на метеоролошки податоци од метеоролошка станица во заштитеното подрачје**
- **Спроведени посебни мерки за превенција од шумски пожари**
- **Спроведени посебни мерки за заштита на пештерски екосистеми**
- **Спроведен сезонски мониторинг на лилјаци во пештерите во заштитаното подрачје**

## Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка

| |
|---|
| 1.Следење на поставените инструменти во пештерата Слатински Извор и следење на податоци од метеоролошка станица |
| 2.Реализиран мониторинг и подготвен 1 извештај за добиени податоци |
| 3.Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1.Земање на примероци на вода од пештерата Слатински Извор |
| 2. Реализирани најмалку 2 посети за земање на примероци на вода |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1.Мониторинг на поставените врати на пештерите Слатински Извор, Горна Слатинска, Пурало, Слатинска 2 и Овчарска |
| 2. Реализација на посети и мониторинг согласно потребите |
| 3.Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1.Сезонски мониторинг на лилјаци во пештерите Слатински Извор, Горна Слатинска, Пурало, Слатинска 2 и Овчарска |
| 2. Реализирани 4 теренски посети |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1.Подготвено 3Д моделирање на пештерата Горна Слатинска |
| 2. Подготвено 1 3Д моделирање |
| 3.Септември – Декември |

**Програма 2: Одржливо користење на природните ресурси во подрачјето**
**Цели:**

- **Одржана исправност на изворот за пиење на вода (каптажа)**
- **Одржување на речните корита на реките во заштитеното подрачје**

**Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка**

| |
|---|
| 1Уредување на текот на Крушеска, Слатинска и Марковска река (при извршување на оваа активност ќе биде консултурано и вклучено МЖСПП и ќе се постапува според добиените насоки) |
| 2. Чистење на просторот, отстранување на ѓубре |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Уредување на просторот и контрола на исправноста на каптажата на изворот Слатински Извор |
| 2. Уреден простор, контролирана исправност на каптажа |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Подготовка на студија за екосистемски услуги во заштитеното подрачје |
| 2. Подготвена 1 студија |
| 3. Јануари – Декември |

**Програма 3: Управување со шумски живеалишта и екосистеми**
**Цели:**

- **Превенција од шумски пожари во заштитеното подрачје Слатински Извор**
- **Градење на капацитети (материјални) за дејствување во случај на пожари**

**Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка**

| |
|---|
| 1. Мониторинг на СП „Слатински Извор“ за превенција од пожари |
| 2. Реализација на посети и мониторинг со дрон согласно потребите |
| 3. Јуни – Август |

| |
|---|
| 1. Набавка на основна опрема за поддршка за гаснење на шумски пожар (гребла и лопати) |
| 2. Набавени 20 сетови на материјали |
| 3.Мај- Јуни |

## Програма 4: Управување со културното наследство

## Цели

- **Активно одржување на околината и функционалноста на културното наследство во заштитеното подрачје**
- **Истражено историско наследство во пештерата Овчарска**

## Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка

| |
|---|
| 1. Уредување на просторот и околината околу римската Соленица |
| 2. Уреден пристап и одржани патеки и табли |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Уредување на просторот и околината околу црквата во с.Слатина |
| 2. Уреден пристап и одржани патеки и табли |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Археолошко истражување на пештерата Овчарска |
| 2. Подготвен 1 извештај |
| 3. Мај |

## Програма 5: Развој на одржлив туризам и рекреација

## Цели

- **Одржување на постоечка туристичка инфраструктура**
- **Проценка на туристичките можности и капацитети за реалиацција на авантуристички туризам во заштитеното подрачје**

## Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка

| |
|---|
| 1. Уредување на околината околу информативните табли, патеките во СП и Слатински Слап |
| 2. Уреден пристап и одржани патеки и табли |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Обновена информативна табла за пештерата Горна Слатинска |

| |
|---|
| 2. Обновена 1 табла |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Подготовка на студија за туристички потенцијали како и можности за реализација на авантуристички туризам во заштитеното подрачје и истата претходно ќе се доставави до МЖСПП |
| 2. Подготвена 1 студија |
| 3. Јануари – Декември |

## Програма 6: Локален развој (со акцент на одржување на традиционалните стопански дејности)

## Цели

- **Управување со системот за депонирање на отпад**
- **Воспоставен одржлив систем за поливање на обработливи површини**
- **Промовиран природен производ (мед,костен)**

## Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка

| |
|---|
| 1. Мониторинг на систем за депонирање на отпад |
| 2. Реализација на посети и мониторинг согласно потребите |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Брендирање на производ – Слатински мед и костен |
| 2. Подгтовтен и промовиран производ |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Воспоставување на одржлив систем за поливање на ниви и одржување на земјоделство |
| 2. Воспоставен 1 систем |
| 3. Јануари – Декември |

## Програма 7: Информирање, подигање на јавната свест и образование/едукација

## Цели

- **Подигнување на јавната свест за заштита на геодиверзитетот и биодиверзитетот на заштитеното подрачје**
- **Подигнување на свест за заштита и превенција од шумски пожари**
- **Подигнување на свест за влијанието на климатските промени врз заштитените подрачја**
- **Градење на капацитети и информирање на млади лица**

## Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка

| |
|---|
| 1. Подготовка на профили на социјални медиуми за Споменикот на природа Слатински Извор |
| 2. Подготвен 1 профил на facebook и подготвен 1 профил на instagram |
| 3.Март-декември |

| |
|---|
| 1. Спроведување на онлајн кампања на социјални медиуми за превенција од пожари |
| 2. Спроведена 1 едукативна кампања |
| 3. Јули |

| |
|---|
| 1. Презентација на програмата на СП „Слатински Извор“ и неговата програма на засегнати страни |
| 2. Организирана 1 онлајн презентација за засегнати страни |
| 3. Април |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 22 Април – Светски ден на планетата Земја |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор |
| 3. Април |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 8 Мај – Светски ден на птиците преселници |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Мај |
| |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 20 Мај – Светски ден на пчелите |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Мај |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 22 Мај – Светски ден на биодиверзитет |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Мај |

| |
|---|
| 1.Онлајн одбележување на 5 јуни – Меѓународен ден на заштита на животна средина |
| 2Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Јуни |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 17 јуни – Светски ден на борба против суша и опустинување |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Јуни |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 16 септември – Меѓународен ден на заштита на озонската обвивка |
| 2. “Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор |
| 3. Септември |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 4 октомври – Светски ден на хабитатите |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Октовмри |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 6 октомври – Светски ден на геодиверзитет |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Октовмри |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 13 октомври – Меѓународен ден на намалување на ризици од катастрофи |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Октомври |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 5 декември – Светски ден на почвата |

| |
|---|
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Декември |

| |
|---|
| 1. Онлајн одбележување на 11 декември – Светски ден на планините |
| 2. Зајакната јавна свест и споделени факти поврзани со СП „Слатински Извор“ |
| 3. Декември |

| |
|---|
| 1. Организирање на презентации за деца од училиштата во Македонски Брод за запознавање со СП „Слатински Извор“ и неговото значење |
| 2. Зајакната јавна свест преку организирање на 4 презентации |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Подготовка и реализација на 3дневен тренинг за 20 доброволни пожарникари |
| 2. Реализација на 1 тренинг и Обучени 20 лица |
| 3. Мај |

| |
|---|
| 1. Спроведување на еднодневна работилница за подготовка на акциски план/механизам за ефикасно мобилизирање на пожарникари доброволци |
| 2. Реализирана 1 работилница и подготвен 1 план за активирање во случај на пожар |
| 3. Јуни |

| |
|---|
| 1. Реализација на завршен настан/симулациска вежба за гаснење на шумски пожар на територија на СП „Слатински Извор“ |
| 2. Реализирана 1 симулациска вежба |
| 3. Август |

## Програма 8: Раководење, управување, финансирање и администрација

## Цели

- **Одржливо и ефикасно управување со зашттеното подрачје**

## Опис на активности со очекувани резултати и временска рамка

| |
|---|
| 1. Подготовка на План за управување со Споменикот на природата „Слатински Извор“, 2022-2032 |
| 2. Подготвен план за управување |
| 3. Декември |

| |
|---|
| 1. Започнување на проценка на капацитети за управување со заштитеното подрачје |
| 2. Започната проценка |
| 3.Април-Декември |

| |
|---|
| 1. Изработка на наративни и финансиски извештаи |
| 2. Подготвени годишни извештаи |
| 3. Декември |

| |
|---|
| 1. Мобилизирање фондови |
| 2. Аплицирани проекти на фондови и отворени повици |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Ажурирање на социјални медиуми и веб страна |
| 2. Информирање на јавноста |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Служба за мониторинг на подрачјето |
| 2. Мониторинг на подрачјето |
| 3. Јануари – Декември |

| |
|---|
| 1. Активности и соработка со институции |
| 2. Реализирана  соработка со институции |
| 3. Јануари – Декември |

**Бр. 18 - 873/22**
**30.11.2023 година**

**Совет на Општина Македонски Брод**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

*ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД*

# ПРОГРАМА

## ЗА ПОДДРШКА НА МЛАДИТЕ И СПОРТОТ НА ОПШТИНА МАКЕДОНСКИ БРОД ВО 2024 година

*Ноември, 2023 година*

Врз основа на член 22 став 2 точка 4, член 36 став 1 точка 6 и член 62 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа (Сл.весник на РМ бр.5/02), член 16 и член 20 од Законот младинско учество и младински политики (Сл.весник на РСМ бр.10/20), и член 15 став 1 точка 6 и 13 од Статутот на Општина Македонски Брод (02/03, 1/06, 1/11, 11/14,1/15, 5/19 и 13/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година донесе:

# ПРОГРАМА

## на Општина Македонски Брод за поддршка на младите и спортот во 2024 година

## ВОВЕД

Со оваа Програма се утврдуваат приоритетот, делувањето и активностите во делот на спортот и младите, во Општина Македонски Брод. Неопходно е вложување во спортот и младите се со цел да се задржат младите во родните места и да се намали трендот на отселување заради егзистенција, подобар социјален и спортско-рекреативен живот. Една од целите на оваа Програма е воспоставување на дијалог меѓу општината и младите и институциоанлен развој за прашањата поврзани со нив. Спортот придонесува за личен и социјален развој преку креативни активности, рекреативни ангажмани и градење на здрави животни навики кај индивидуите.

Оваа Програма овозможува унапредување на родовата рамноправност кај младите и спортот на локално ниво и им овозможува подеднакво вклучување на женските и машките спортисти и се создадаат оптимални услови за спортување како на едни така и на други.

Преку активностите во оваа Програма се овозможува промоција и заштита на интересите на младите како и зајакнување на свеста за важноста на младите и нивната општествена улога. Општината преку организациската поставеност на активностите во областа на спортот и младите ќе придонесе за зголемување на опфатот со спорт на млади, жени и на лицата со посебни потреби. Младите голем дел од своето време го поминуваат гледајќи телевизија или пред компјутер, каде несвесно се подложени на делување кое доведува до негативен одраз врз повеќе сегменти од нивниот живот.

Одговорноста на општината е да се грижи за позитивно насочување на младите луѓе и нивно образување кон градење позитивни навики во однос на целокупното општествено делување, а со тоа и превенција од денешните пороци.

Општина Македонски Брод преку поддршка на младите и на вакви спортски настани во иднина, ќе придонесе за популаризација на спортот и репрезентирање на можностите и потенцијалите на општината.

*Ноември, 2023 година*

## ЦЕЛИ

Основни цели на оваа Програма се:

- Поддршка на работата на Локалниот младински совет во Општина Македонски Брод, преку реализација на активности за учење и развој на членовите на Локалниот младински совет, со цел иницирање на активности поврзани со колективниот развој на младите во општината.
- Поддршка во отварање и работата на Младински центар во Општина Македонски Брод со цел создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните слободни активности
- Спортски активности: традиционални спортски манифестации, поддршка и реализација на проекти, изградба на спортски игралишта, поддршка на фудбалски клуб порлетер и ЖФК Порече 2015, изградба на улични теретани, реконструкција и доопремување на детски игралишта, изготвување на проектна документација за изградба на еднообразни игралишта

## АКТИВНОСТИ И ФИНАНСИРАЊЕ

За реализација на целите на програмата, Општина Македонски Брод ќе преземе активности и ќе ги стави на располагање сите свои технички и човечки ресурси. Активностите ќе се насочат кон сочувување на континуитетот на младински активизам и спортскиот дух и нивно проширување и надградување.

| АКТИВНОСТИ | Предвидени средства |
|---|---|
| 1. Поддршка на активности од Локален младински совет на Општина Македонски Брод | 108 000 |
| 2. Поддршка на активности на Младински центар во Општина Македонски Брод | 50 000 |
| 3. Спортски активности | 740.000.00 |
| Вкупно | 898 000.00 |

## ЕВАЛУАЦИЈА НАД РЕАЛИЗАЦИЈАТА НА ПРОГРАМАТА

Надзорот над спроведувањето на активностите предвидени со оваа Програма ќе врши стручна служба составена од вработени во Општина Македонски Брод.

*Ноември, 2023 година*

**ДРУГИ ФОРМИ НА ДЕЛУВАЊЕ**

Освен со финансиски средства, Општина Македонски Брод активностите на младите и ативностите од спортот ќе ги помага со:

- Обезбедување на техничка, стручна и друга помош
- Учество на промотивни и протоколарни средби и настани
- Организирање на кампањи запотребите на младите и спортот
- Доделување награди и признанија

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во Службен гласник на Општина Македонски Брод.

**Бр. 18 - 873/23**
**30.11.2023 година**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА**
**МАКЕДОНСКИ БРОД**
**Претседател,**
**Ивица Аврамоски, с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 14 став 2 алинеа 5 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ бр.95/12, 163/13 .... 64/2018 и 302/20), член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 11/22), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод со арх.бр.18-890/1-5 од 30.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на цени за услугата Собирање на отпад за населени места с.Латово, с.Драгов Дол и с.Белица

Член 1

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр.02-330/6 од 24.11.2023 година на УО на ЈКП „Комунална хигиена”, Македонски Брод за утврдување на цени за услугата Собирање на отпад за населени места с.Латово, с.Драгов Дол и с.Белица.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 873/24
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 14 став 2 и 3 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ бр.95/12....64/18 и 302/20), член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 11/22), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод со арх.бр.18-890/1-2 од 30.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29-та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на локација за отстранување и закопување на лешови од животни

Член 1

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр.02-330/3 од 24.11.2023 година на УО на ЈКП „Комунална хигиена”, Македонски Брод за утврдување на локација за отстранување и закопување на лешови од животни, на локалитетот „Сув бунар”, непосредно до градските гробишта.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 873/25
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 14 став 2 алинеја 6 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ бр.95/12 .... 64/18 и 302/20), член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 11/22), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод со арх.бр.18-890/1-6 од 30.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за подготовка и изградба на нови гробни места на градските гробишта во Македонски Брод

Член 1

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр. 02-330/7 од 24.11.2023 година на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за подготовка и изградба на нови гробни места на градските гробишта во Македонски Брод.

Член 2

Се задолжува Секторот за комунални дејности, локален економски развој, урбанизам и заштита на животна средина да ја спроведе одлуката.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 873/26
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 14 став 2 алинеја 5 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ бр.95/12....64/18 и 302/20), член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 11/22), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод со арх.бр.18-890/1-3 од 30.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на цена за услугата за утврдување на регулациона и нивелациона линија за гробно место на градските гробишта во Македонски Брод

Член 1

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр.18-330/4 од 24.11.2023 година на УО на ЈКП „Комунална хигиена”, Македонски Брод за утврдување на цена за услугата за утврдување на регулациона и нивелациона линија за гробно место на градските гробишта во Македонски Брод.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 873/27
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02), а во врска со член 14 став 3 алинеја 7 од Законот за комуналните дејности („Службен весник на РМ“ бр.95/12....64/18 и 302/20), член 21 точка 43 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15 и 11/22), по доставено барање од ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод со арх.бр.18-890/1-1 од 30.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за прецизирање на наплата на услугите поврзани со управувањето на градските гробишта во Македонски Брод

Член 1

Се дава согласност на Одлуката со арх.бр.02-330/2 од 24.11.2023 година на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за прецизирање на наплата на услугите поврзани со управувањето на градските гробишта во Македонски Брод.

Член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 873/28
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 158 и 159 од Законот за правда за децата („Службен весник на РМ“ бр.148/13 и „Службен весник на РСМ“ бр.152/19 и бр.275/19), член 36 став (1) точка 15 од Законот за локална самоуправа („'Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 22 став 1 точка 8 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ број 2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница, одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво во Општина Македонски Брод

Член 1

Со оваа Одлука се формира Општински совет за превенција на детско престапништво во Општина Македонски Брод.

Член 2

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Македонски Брод е советодавно тело кое се основа заради следење на состојбите, покренување иницијативи за нивно подобрување и развивање на програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детско престапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Член 3

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво брои 9 (девет) членови.

Членови на Општинскиот совет се:

1. Славе Блажески – претставник од Подрачната единица на Министерството за внатрешни работи Македонски Брод;
2. Александар Богатиноски – претставник од Меѓуопштински центар за социјална работа Македонски Брод;
3. Александра Кофилоска - претставник од Совет на родители на СОУ „Св.Наум Охридски“ Македонски Брод;
4. Емилија Радеска – психолог, претставник од СОУ „Св.Наум Охридски “ Македонски Брод;
5. Александра Ѓорѓиоска - претставник од Совет на родители на ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод
6. Кристина Симјаноска - дефектолог, претставник од ООУ „Св.Климент Охридски“ Македонски Брод
7. Мартин Ристески - претставник од унијата на средношколци;
8. Магдалена Здравеска - претставник од Здруженија и фондации;
9. Татијана Велкоска Ристески - адвокат, претставник од Адвокатската комора.

Член 4

Членовите на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво се именуваат за време од пет години, со право на повторен избор. Од редот на членовите на општинскиот совет за превенција за претседател се избира претседател со мандат од две години, со право на повторен избор.

Член 5

Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Македонски Брод ги има следните надлежности:

- донесува годишна програма за својата работа што ја усвојува Советот на општината;

- донесува деловник за својата работа;

- ги следи состојбите и покренува иницијативи за нивно подобрување и

- развива програми за вклучување на локалната заедница во превенција на детското престапништво и третманот на деца сторители на дејствија што со закон се предвидени како кривични дела и прекршоци.

Член 6

За својата работа Општинскиот совет за превенција на детско престапништво во Општина Македонски Брод најмалку еденаш годишно го известува Советот на Општина Македонски Брод и Државниот совет за превенција на детско преставништво.

Член 7

Средствата за остварување на програмата на Општинскиот совет за превенција на детско престапништво се обезбедуваат од Буџетот на Општина Македонски Брод.

Член 8

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 873/29
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр. 5/02), член 46 и член 21 став 1 точка 43 и 44 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19, 11/22), а во врска со Одлуката за пристапување кон спогодбено уредување на споровите за надомест на штета предизвикана од каснување на куче скитник („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.3/2022) и Правилникот за начинот и постапката за утврдување и исплата на материјална и нематеријална штета предизвикана од каснување на кучиња скитници, Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# О Д Л У К А

за давање согласност за склучување на спогодба во врска
со предмет бр. 03-857/1 од 16.11.2023 година

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност за склучување на спогодба за регулирање на меѓусебните односи во врска со предмет бр. 03-857/1 од 16.11.2023 година.

**ПРЕДМЕТ НА СПОГОДБАТА**

***СПОГОДБА***
***за надомест на штета***

*Склучена на ден ___.___.2023 год. помеѓу:*

1. *Ибраимоски Енис, од Македонски Брод со* [redacted] *во понатамошниот текст прва спогодбена страна*
2. *Општина Македонски Брод, со ЕМБС 6057608 и ЕДБ 4018004103727 со седиште на ул.„7-ми Септември“ бр.4, Македонски Брод, застапувана од Градоначалникот м-р Жарко Ристески, во понатамошниот текст втора спогодбена страна.*

*Член 1*

*Предмет на спогодбата е надомест на материјална и нематеријална штета на Енис Ибраимоски од Пласница како законски застапник на малолетен син Абдулах Ибраимоски.*

*Штетата е настаната како последица на напад од куче скитник, кое што го каснало на левата нога во пределот на потколеница и му предизвикало силни болки и угриз, за кој што настан има комплетна документација.*

*Член 2*

*Двете страни на оваа спогодба се договорија да втората спогодбена страна, се обврзува на првата спогодбена страна и исплати надомест на материјална и нематеријална штета во вкупен износ од 30.000,00 денари.*

*Член 3*

*Првата спогодбена страна со потпишување на оваа спогодба се откажува од правото да поведе судска постапка за предметот на оваа спогодба.*

*Член 4*

*Во случај на спор надлежен е Основниот Суд во Кичево.*

*Член 5*

*За се што не е пропишано во оваа спогодба ќе се применуваат одредбите од Законот за Облигациони односи.*

*Член 6*

*Спогодбата е склучена во четири еднообразни примероци од кои по два за секоја страна.*

*Член 7*

*Спогодбата влегува во сила со денот на нејзиното потпишување.*

*Прва спогодбена страна,*
*Енис Ибраимоски,*
____________________

*Втора спогодбена страна,*
*Градоначалник,*
*м-р Жарко Ристески*
______________________

Член 2

Се овластува Градоначалникот на Општина Македонски Брод да ја потпише горецитираната спогодба, по предметот бр. 08-857/1 од 16.11.2023 година.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод".

Бр.18 - 873/30
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.2/03 ...11/22 ), а согласно член 32 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), комисијата за општествени дејности по доставено барања од СОУ „Св.Наум Охридски“ со бр.18-876/1 од 27.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница одржана на ден 30.11.2023 година донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок за награда на ученици во СОУ „Св .Наум Охридски“ - Македонски Брод

1. Советот на Општина Македонски Брод на седницата одржана на ден 30.11.2023 година донесе решение за одобрување на еднократен надоместок за награди во износ од 5.000,00 МКД за тројца учесници на меѓународен натпревар во областа на угостителството и туризмот „ГАТУС 2023“ одржан во Охрид и освоен сребрен медал. Наградата се однесува на следните учесници од угостителско - туристичка струка и тоа како следи на:

    1. Мартин Ристески IV-3
    2. Радмила Огненоска II-2
    3. Владо Петрески IV-3

2. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод“.

Бр.18 - 873/31
30.11.2023 година

Совет на Општина Македонски Брод
П р е т с е д а т е л,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), по доставено барање од Саше Лазарески во име на Лука Лазарески од Кичево од 29.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница, одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Саше Лазарески

1. Се прифаќа Барањето бр.18-884/2 од 29.11.2023 година од Саше Лазарески законски застапник на малолетен син Лука Лазарески (свири пиано) за одобрување на еднократен надоместок за одржување на солистички концерт кој ќе се одржи на 22.12.2023 година како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства, а подносителот да достави извештај за реализација за потрошените средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 873/32
30.11.2023 година
Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод
Претседател,
Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.05/02) и член 21 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр. 02/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22), а согласно член 34 од Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година („Службен гласник на Општина Македонски Брод“ бр.13/22), по доставено барање од Рате Савев од Македонски Брод со бр.18-884/1 од 28.11.2023 година, Советот на Општина Македонски Брод на 29 - та седница, одржана на ден 30.11.2023 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Рате Савев

1. Се прифаќа барањето бр.18-884/1 од 28.11.2023 година од Рате Савев од Македонски Брод за одобрување на еднократен надоместок за спонзорство за печатење на книга поезија и проза како еднократна парична помош во износ од 3.000,00 денари.

2. Средствата за оваа намена ќе бидат исплатени од Буџетот на Општина Македонски Брод за 2023 година, програма АО Совет на Општина Македонски Брод, ставка 464, подставка 464 990 други трансфери.

3. Се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Македонски Брод да го изврши наведеното решение согласно расположливите средства, а подносителот да достави извештај за реализација за потрошените средства.

4. Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Македонски Брод”.

Бр.18 - 873/33<br>30.11.2023 година<br>Македонски Брод

Совет на Општина Македонски Брод<br>Претседател,<br>Ивица Аврамоски, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ” бр.5/02) и член 37 став 1 од Статутот на Општина Македонски Брод („Службен гласник на Општина Македонски Брод” бр.2/03, 1/06, 1/11, 11/14, 1/15, 5/19 и 11/22 ), Градоначалникот на Општина Македонски Брод, донесува

# З А К Л У Ч О К

за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 30 - та седница
одржана на ден 30.11.2023 година

Се објавуваат Одлуките, решенија и заклучоци, што Советот на Општина Македонски Брод ги донесе на 29 - та седница, одржана на ден 30.11.2023 годинии и тоа како следи:

- Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски на општина Македонски Брод и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на општина Македонски Брод за третиот квартал од 2023 година;

- Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за работа во областа на располагањето со градежното земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за уредување на градежно земјиште на подрчјето на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од природни непогоди и други несреќи во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за зимско одржување на улиците и локалните патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за локален економски развој и туризам на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за развој на културата и образованието во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма во областа на еднаквите можности на мажите и жените во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за заштита и благосостојба на животните преку поттикнување на одговорното сопствеништво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територија на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за управување со отпад на територија на Општина Македонски Брод за 2024година;

- Програма за заштита на животната средина и природата на територија на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за управување со Споменик на природата „Слатински Извор“ на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Програма за поддршка на младите и спортот на Општина Македонски Брод за 2024 година;

- Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на цени за услугата Собирање на отпад за населени места с.Латово, С.Драгов Дол и с.Белица;

- Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на локација за отстранување и закопување на лешови од животни;

- Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за подготовка и изградба на нови гробни места на градските гробишта во Македонски Брод;

- Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на цена за услугата за утврдување на регулациона и нивелациона линија за гробно место на градските гробишта во Македонски Брод;

- Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за прецизирање на наплата на услугите поврзани со управувањето на градските гробишта во Македонски Брод;

- Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво во Општина Македонски Брод;

- Одлука за давање на согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 03 - 857/1 од 16.11.2023 година;

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок за награда на ученици во СОУ „Св.Наум Охридски“ - Македонски Брод;

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Саше Лазарески и

- Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Рате Савев.

Бр. 08 - 873/33
05.12.2023 година
Македонски Брод

Општина Македонски Брод
Градоначалник,
м-р Жарко Ристески, с.р.

**Службен гласник број 12 од 05.12.2023 година на Совет на Општина Македонски Брод**

# С О Д Р Ж И Н А

Заклучок за усвојување на К1 квартален извештај за извршување на Буџетот на Општина Македонски Брод, К2 квартален извештај за доспеани ненамирени обврски и К3 квартален извештај за промените на состојбата на секое задолжување на Општина Македонски Брод за III квартал за 2023 година ........................................................... стр. 2

Програма за изградба, реконструкција и одржување на водоводи, канализациони мрежи и собирање и одведување на атмосферски води во Општина Македонски Брод за 2024 година ..................................................................................................... стр. 3

Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локални патишта и улици во Општина Македонски Брод за 2024 година ................................................... стр. 8

Програма за управување со градежно земјиште во сопственост на Република Северна Македонија на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година .................... стр. 13

Програма за урбанистичко планирање на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година ........................................................................................... стр. 21

Програма за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година ......................................................................... стр. 27

Програма за заштита и спасување на граѓани и материјални добра од природни непогоди и други несреќи на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година ............................................................................................................... стр. 34

Програма за зимско одржување на улици и локални патишта на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година ............................................................... стр. 39

Програма за социјална заштита во Општина Македонски Брод за 2024 година ............................................................................................................... стр. 45

Програма за локален економски развој и развој на туризмот во Општина Македонски Брод за 2024 година ........................................................................................... стр. 53

Програма за развој на културата и образованието во Општина Македонски Брод за 2024 година ..................................................................................................... стр. 59

Програма за еднакви можности на мажите и жените на Општина Македонски Брод за 2024 година ................................................................................................ стр. 66

Програма за одржување на јавната чистота во Општина Македонски Брод за 2024 година ............................................................................................................ стр. 73

Програма за одбележување годишнини на значајни настани и личности во Општина Македонски Брод за 2024 година ......................................................................... стр. 78

Програма за заштита и благосостојба на животните преку поттикнување на одговорно сопственииштво и решавање на проблемот со бездомните кучиња затекнати на јавни површини на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година ........ стр. 82

Програма за управување со отпад на територијата на Општина Македонски Брод за 2024 година ..................................................................................................... стр. 89

Програма за заштита на животната средина и природата во Општина Македонски Брод за 2024 година ........................................................................................ стр. 97

Програма за поставување на урбана опрема на подрачјето на Општина Македонски Брод за 2024 година ........................................................................................ стр. 102

Програма за управување со Споменик на природата „Слатински Извор“ на Општина Македонски Брод за 2024 година ........................................................................ стр. 116

Програма за поддршка на младите и спортот на Општина Македонски Брод во 2024 година ........................................................................................................ стр. 126

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на цени за услугата Собирање на отпад за населени места с.Латово, с.Драгов Дол и с.Белица ........................................................................ стр. 130

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на локација за отстранување и закопување на лешови од животни .................................................................................................................. стр. 131

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за подготовка и изградба на нови гробни места на градските гробишта во Македонски Брод ................................................................................................ стр. 132

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за утврдување на цена за услугата за утврдување на регулациона и нивелациона линија за гробно место на градските гробишта во Македонски Брод .... стр. 133

Одлука за давање на согласност на Одлуката на УО на ЈКП „Комунална хигиена” Македонски Брод за прецизирање на наплата на услугите поврзани со управувањето на градските гробишта во Македонски Брод ......................................................................... стр. 134

Одлука за формирање на Општински совет за превенција на детско престапништво во Општина Македонски Брод ............................................................................... стр. 135

Одлука за давање согласност за склучување на спогодба во врска со предмет бр. 03-857/1 од 16.11.2023 година ...................................................................................... стр. 137

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок за награда на ученици во СОУ „Св .Наум Охридски“ - Македонски Брод ....................................................................................................................... стр. 139

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Саше Лазарески ................................................ стр. 140

Решение за одобрување на средства од Буџетот на Општина Македонски Брод како еднократен надоместок по барање од Рате Савев ........................................................ стр. 141

Заклучок за објавување на Одлуки, решенија и заклучоци донесени на 30 – та седница одржана на ден 30.11.2023 година ................................................................ стр. 142